# ДНЕВНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ МАЧЕНИК ДРАГАН БОГДАНОВСКИ



# ДНЕВНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ МАЧЕНИК

**Издавачи**

ЗК на ВМРО-ДПМНЕ Перт

ЗК на ВМРО-ДПМНЕ Аделаид

За Издавачите

Проф. д-р Виолета Ачкоска

**Техничка Редакција**

Ангеле Л. Вретоски

Мендо Вулкановски

Јordан Груев

Александар Донски

Трајче Трајковски

Предраг Ивановски

ИСБН

**ДНЕВНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ МАЧЕНИК**



**Драган Богдановски**

## 18-09-1929 – 31-05-1998

## ПРЕДГОВОР

## ЗАДГРАНИЧНИТЕ КОМИТЕТИ НА ВМРО-ДПМНЕ ВО ПЕРТ И АДЕЛАИД, АВСТРАЛИЈА

На 17 јуни 1990 година во Скопје се одржа основачкото собрание на новата партија во семејството на европската десница, ВМРО – ДПМНЕ, чиј основач и идеолог е Драган Богдановски, партија која врз идеалите на историското ВМРО се бореше за самостојна, суверена Република Македонија.

Нејзиниот темел го постави македонската политичка миграција предводена од Драган Богдановски, од која голем дел беа судени или прогонети заради нивниот патриотизам и идеал – самостојна, обединета Македонија.

Набрзо по основачкото собрание во Македонија, никнаа задгранични комитети низ целиот свет. Веќе на 19 август 1990 беше формиран ЗК на ВМРО-ДПМНЕ од Перт кој активно учествува во политичките избори во Австралија подржувајќи ја на терен неговата сестринска партија. Веќе следната година, на 11 ноември 1991 година беше одржан првиот состанок за формирање ЗК на ВМРО-ДПМНЕ во Аделаид.

Во периодот од основањето до денес, цели три децении ЗК-ти во Перт и Аделаид секогаш беа на браникот на одбраната на македонскиот идентитет, име, јазик, култура, историја, учествувајќи на сите

собири и протести организирани од Македонската заедница во Австралија. Низ овие манифестации и различни активности, ЗК-ти на ВМРО-ДПМНЕ од Перт и Аделаид ги негуваат македонските традиции и ги чуваат своите корени и културна посебност. Во тие рамки спаѓа и одбележувањето на најзначајните национални и црковни празници на Македонскиот народ. ЗК на ВМРО-ДПМНЕ во Перт, секоја година, учествува во организирање и положување венци во чест на паднатите македонски бранители пред бистите во Перт, при што особено е значајна несебичната финансиска помош на семејства на македонски бранители кои беа испратени во Хаг по татковинската војна во 2001 година.

Со особена светост и почести тие го одбележуваат најголемиот македонски национален празник – 2 август, Денот на Илинденското востание кога, меѓу другото, се положува венец пред споменикот во Кингс Парк, а на церемонијата се присутни и гости од австралискиот политички живот.

ЗК во Аделаид, од своја страна, активно учествувал во работата на сите Консултативни собранија на ЗК-ти на ВМРО-ДПМНЕ за Австралија, а го организирал и бил домаќин на речиси најуспешното Трето консултативно собрание за Австралија, со учество на сите ЗК-ти и околу 50-ина делегати.

Овие комитети секогаш беа потпора на целата Македонска заедница во Австралија, протестирајќи против секое загрозување на македонските

национални интереси, особено во одбрана на името на државата – Република Македонија. Кревајќи го гласот против деноминацијата на Македонија и македонскиот народ, тие истовремено финансиски помагаат одделни семејства од ранливи категории во Република Македонија, потоа дел од семејствата на уставобранителите, а секогаш донираат по повод различни елементарни непогоди и акции на македонската влада и амбасадата во Австралија итн.

Постоењето и дејствувањето на Задграничните комитети во Перт и Аделаид е доказ дека кодот на ВМРО е неуништив и дека е вграден во душата на Македонецот, зошто Македонија не е само на Балканот туку таа е огромна духовна татковина распослана низ целиот свет, низ срцата на оние кои со љубов ја чуваат и афирмираат, не заборавајќи ги своите корени. Така, незгаслив е пламенот на уште еден факел кој гори во Австралија за одбрана на татковината Македонија.

Во почетокот на 2021 година ЗК na ВМРО ДПМНЕ беа информирани дека е пронајден Дневникот на Драган Богдановски и едногласно се согласија ЗК на ВМРО-ДПМНЕ од Перт и Аделаид да бидат издавачи и финансиски да го овозможат печатењето на овој досега криен и необјавен Дневник.

Дневникот на македонскиот маченик Драган Богдановски е последниот напишан документ за неговите страдања и мачеништво од страна на македонските, југословенски удбаши. Илјадници

македонски патриоти беа прогонувани, репресирани и осудени на многу години затвор. На многумина до ден денешен не им се знае ни гробот, таа голема голгота на прогонство и затвор ја доживува и најпознатиот македонски политички дисидент Драган Богдановски.

Благодарение на ЗК на ВМРО-ДПМНЕ од Перт и Аделаид дневникот ќе биде само уште еден дел од историската борба и страдања на духовниот водач и основоположникот на ВМРО-ДПМНЕ Драган Богдановски.

**Скопје, Проф. д-р Виолета Ачкоска**

**9 јуни 2021**

# КРАТКА БИОГРАФИЈА

Драган Богдановски е роден во 1929 година во село Клечовце, Кумановско потекнува од патриотска фамилија дедото на Драган е илинденец-комита.

Основно училиште го завршува во родното село, а средно образование во Куманово и Битола, по што 1948 година се запишува во Земун на факултет за Земјоделство и Шумарство.

Во Земун се пројавува како иницијатор за формирање на “Македонски студентски клуб”, за која активност бива затворен и издржува казна од 4 месеци затвор. По излегувањето од затвор е исклучен од факултетот без право на упис на било кој факултет во Југославија.

Драган Богдановски ја напушта Македонија во пролетта 1950 година, заедно со неколкумина колеги студенти, кај Гевгелија ја преминува границата. Кон крајот на 1950 година заминува за Јужна Америка, каде престојува во Бразил до 1954 година кога се враќа во Париз и на Сорбона се запишува на Факултет за политички науки и журналистика.

Во 1958 година се оженил со Брита, и заминуваат да живеат во Норвешка. Со Брита има два сина Пер-Арне и Иван Богдановски.

Умира на 31.05.1998 година во воз, во Данска, на пат од Шведска за Берлин.

# КИДНАПИРАН И ТОРТУРИРАН ОД УДБА

Во 1975 година, при една моја посета на Движењето за Ослободување и Обединување на Македонија (ДООМ) во Белгија, во Брисел од бугарскиот емигрант Миле Сираков, инаку оженет за Македонка од Крива Паланка, разбрав дека Службата за Државна Безбедност (СДБ) на Југославија од Скопје подготвувала мое киднапирање и илегално префрлување од некоја западноевропска земја во Југославија. Сираков како македонски зет се движеше во Брисел во средината на македонските емигранти и она што работеше емиграцијата за него не беше никаква тајна. Поради тоа, при една негова посета на Крива Паланка, бил контактиран од агентите на службата за државна безбедност, бил одведен на разговор во Републичкиот Секретаријат за Внатрешни работи во Скопје, т.е. во републичката СДБ или УДБА како што се вика со своето старо име. Сираков бил стар познаник и соработник на УДБА, во времето на Информбирото, тој како бугарски емигрант бил врбуван од СДБ и бил испраќан вооружен и со пропагадни материјали илегално преку граница во Бугарија, каде собирал податоци за југословенската разузнувачка служба. За таа своја работа Сираков бил убаво плаќан, а на УДБА и бил познат како човек лаком за пари. Затоа, СДБ пак се обидела да го ангажира да работи за неа за пари. Таа најпрвин побарала од него информации за одделни македонски емигранти во

Белгија и откако ги добила, му понудиле голема парична награда од 20.000 американски долари или од еден милион белгиски франка, ако тој и помогне УДБА да ме киднапира во неговиот стан во Брисел или во неговата летна куќа во околината на градот Немјур, СДБ знаела дек јас често наминував во Брисел и дека спијам во станот или во куќата на Сираков. За таа задача Сираков бил врбуван лично од началникот на Втората секција на СДБ, чиј домен на работа е борба против така наречената "непријателска емиграција". Началникот се викал Тошо Шкатров. "Ние знаеме – рекол Тошо Шкатров – дека при секое Драганово доаѓање во Брисел, тој спие кај тебе или во станот во градот или пак во куќата на село. Кај тебе тој се чуствува безбеден, ти има голема доверба. Ќе и направиш на Југославија голема услуга ако нѝ помогнеш да го земеме од кај тебе. Ние ги имаме простодирано локалните околности, нема да биде мачно да го земеме од кај тебе, особено од твојата куќа на село. А ти знаеш дека ние добро плаќаме. На многу лесен начин ќе заработиш 20.000 американски долари или еден милион белгиски франка. Ќе бидеш голем идиот ако не ја прифатиш понудата!"

По извесно размислување, Сираков одговорил: "Барајте од мене секаква друга услуга, но не и таа! Драгана го имаме во семејството како најсакан пријател, како свој човек и јас тоа нешто не можам да го сторам. Не можам да паднам толку ниско па да извршам предавство на сакан пријател за пари. За таа работа барајте си некој друг човек."

По враќањето во Белгија, Сираков ми пушти писмо дека има нешто “многу важно“ да ми каже, нешто што се работело за мојата глава и ме покани што поскоро да дојдам кај него во Белгија. Бидејќи патот ме водеше низ Белгија свратив до него повеќе од лубопитство да слушнам што има да ми каже отколку за мојата глава. При средбата во неговиот стан во Брисел, Сираков во присуство на жена му и ќерка му нашироко и во детали ми раскажуваше за своите разговори  со скопските удбаши особено за нивната намера намера да ме киднапираат и илегално префрлат во Југославија. Кога на ова место веќе го спомнав Сираков, нема да биде голема дигресија ако на читателите им кажам дополнително нешто за овој човек. Тој стана еден од најактивните шпиони на СДБ во Белгија, ги шпионираше Македонците и изведуваше провокации против нив на сметка на СДБ. Во таа работа му помагаше и ќерка му Мишел или Миче, која при една посета на Македонија, со својата кола пијана, враќајки од едно пијано оргирање во друштво на познати удбаши, згазила дете, но удбашите ја заташкале работата, ја пуштиле да си замине за Белгија без да одговара за смртта на својата жртва. За своето служење на СДБ Миле Сираков во пролета 1988 година доби југословенско поданство иако е Бугарин а не Македонец. Сега има белгиска пензија и половината од годината живее во Крива Паланка, а другата половина во Белгија. Го мразам како југословенски шпион. По моето повторно доаѓање во емиграција Сираков е еден од ретките мои бивши пријатели на кој не сум му се јавил Сепак, тој спрема

мене се покажа човек и вистински пријател со тоа што ме предупреди за намерата на СДБ да ме киднапира.

Предупредувањето од Сираков само делумно го земав за сериозна опасност што ме дебне секој ден. Избегнував да спијам кај моите македонски пријатели и политички соборци, спиев најмногу по хотели, и ретко кај луѓе во кои бев сигурен дека нема да ме предадат. Не си ни замислував дека СДБ може да ме киднапира и по сред бел ден, како тоа што ќе ми се случи.

Мојата политичка активност посветена на делото за Ослободување и Обединување на Македонија во Самостојна Македонска Држава со столица Солун беше причината за одлуката на УДБА де ме киднапира за да ја спречи мојата политичка дејност. 60-тите и 70-тите години на силен подем на Движењето за Ослободување и Обединување на Македонија (ДООМ) чиј претседатели главен идеолог бев јас. Во тие години ДООМ израсна во масовна Македонска политичка организација и стана политички фактор за кој мораа да водат сметка и трите балкански држави кои ја разделуваа и поробуваат Македонија: Југославија, Грција и Бугарија. Само во Австралија беа создадени осум поткомитети на ДООМ со неколку стотини организирани членови и со повеќе илјади симпатизери. Политиката на ДООМ беше прифатена од македонската национална емиграција, таа беше прифатена дури и од македонските црковни општини во Австралија, кои претставуваа најширока форма на

македонското национално собирање организирање. Црковните управи на многу македонски црковни општини беа преминати во рацете на членовите на ДООМ, така да македонските црковни општини беа станале упоришта на ДООМ. Иако во црковен поглед македонските црковни општини влегуваа во составот на Македонската Православна Црква (МПЦ) и добиваа свештеници од Република Македонија, со црковните општини раководеа членовите на ДООМ а не свештениците, кои на свештениците не им допуштаа да водат политика во полза на Југославија. Со парите од црковните општини ДООМ ја финансираше својата печатна и пропагадна дејност. За ова нешто знаеа удбашките централи во Белград и во Скопје и кроеа планови каков удар на ДООМ да му зададат за да го спречат неговото влијание среде македонската емиграција.

Но влијанието на ДООМ не се ограничуваше само врз македонската емиграција, кој само во Австралија, Америка и Канада брои повеќе од половина милион Македонци, туку тоа влијание се ширеше и среде македонските печалбари во западноевропските земји, кои на југословенскиот бирократски жаргон ги нарекуваат “работници на привремена работа во странство“. Придобивањето на македонските печалбари за идејата на ДООМ создаваше посебна грижа за југословенската политичка полиција СДБ, заради непрекинатите врски на печалбарите со татковината. Печалбарите патуваа на одмор во Македонија или дома кај своите семејства

и со себе илегално го пренесуваа списанието “Македонска Нација“, органот на ДООМ, летки, книги, брошури и друг пропаганден материјал. Така идеологијата на ДООМ го пробиваше патот и во самата Република Македонија. Создадена во духот на татковинскиот идеал за слободна и обединета Македонија. Оваа идеологија со воодушевување беше прифатена од патриотите во нашата татковина Македонија. Неколкумина од пренесувачите на оваа револуционерна литература беа фатени во Република Македонија и беа осудени за ширење на „непријателска пропаганда“. Така македонските печалбари во Сојузна Република Германија Тодор Димитровски и Дончо Симјановски беа осудени на пет години затвор. И двајцата беа организирани членови на ДООМ. Но имаше и македонски печалбари кои не беа организирани во ДООМ, но на кои идеологијата на ДООМ им била мошне привлечна, па во будките за странски весници во Германија каде што се продаваше и “Македонска Нација“, купиле десетици примероци од списанието и ги наполниле куферите. По враќањето во татковината тие го делеле списанието на своите пријатели, но биле откриени од УДБА и осудени на затвор од три до пет години. При моето доведување во затворот Индризово во 1979 година затекнав двајца македонски печалбари од Германија судени за илегално внесување на “Македонска Нација“ во Македонија. За жал, сега на овие жртви на југословенската “правда“ им ги помнам само имињата. Едниот се викаше Трајче и беше од

Тетовско, другиот Орде или Орце беше од прилепските села.

Кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години во македонската федерална република во Југославија или во Социјалистичка Република Македонија (СРМ), како што е викано официјално , се создава илегални групи, најчесто илегални тројки како внатрешни организации на ДООМ. Сите тие илегални групи се создаваа самоиницијативно, врз основа на идеологијата и политичката програма со која тие се запознале преку печатните изданија на ДООМ. Повеќето од овие групи немаа никаков контакт со надворешното раководство на ДООМ. Тие во духот на идеологијата и програмата на ДООМ работеа среде народот во Македонија, го популаризираа ДООМ. Една таква група, составена од скопски интелектуалци, во 1972 беше откриена и осудена. Групата дејствувала како централна или како Централен комитет на ДООМ за Вардарскиот дел на Македонија. Процесот на групата во Скопје беше јавен и судењето траеше со недели. Судската сала била преполна со заинтересирани наблудувачи, а режимските весници, особено “Вечер“ секојдневно пишуваше цели страници за процесот, поради кое, новинарот што известуваше од судската палата беше изгонет од работа. Бившиот капетан на Титовата авијација и директор на трговско претпријатие Костадин Диневски беше осуден на 6 години робија, новинарот и уредник на весникот “Просвета“ Панде Ефтимов на четири години робија, писателот и

уредникот во издавачкото претпријатие “Култура“ Ѓорѓи Ордев на четири години робија. Процесот на овие врвни интелектуалци одекна снажно низ цела Македонија но и надвор од неа, тој покажа дека СРМ не е слободна и дека таа не се помирува со својата ропска положба. Тука заслужува да се спомне и процесот на прилепските младинци кој се одржа во 1981 година во Битола. Четворица младинци, на возраст од 17 до 21 година, преку весници кои им ги испраќал еден нивен пријател печалбар од Австралија, се запознале со идеологијата на ДООМ и ја усвоиле како своја. Тие создале илегална група на ДООМ и тајно дејствувале преку пишување на летки и пароли. Ноќта спротив Илинден тие во Прилеп на зградата на внатрешни работи, на комитетот на партијата, на општинското собрание и на други државни институции испишале пароли со големи букви: “Да живее ДООМ, да живее слободна и обединета Македонија“, “Долу Југославија, да живее Македонија“ и други слични пароли. Некој ги видел кога ги пишувале паролите и ги пријавил на власта. Иако само еден од нив бил полнолетен, сите поднеле тешки тортури во УДБА во Битола а на судењето малолетниците добиле по две години затвор, полнолетниот три години. На издржувањето на казните во Индризово имаа машко и јуначко држење, а такви си останаа и по излегувањето од затворот. За жал, на овие момчиња им ги заборавив имињата и презимињата. Се сеќавам дека полнолетниот се викаше Соколе и беше студент на правниот факултет во Битола. Еден од малолетниците се викаше Димче.

Ги наведов овие податоци за внатрешното влијание за да може читателот да разбере зошто југословенската Служба за Државна Безбедност (СДБ) се одлучила на таков мафијашки чекор мене идеологот и претседателот на ДООМ да ме киднапира во една европска земја и илегално да ме префрли во Југославија.

Второто предупредување дека СДБ на Југославија има намера да ме киднапира дојде во 1975 година и тоа од еден многу подоверлив извор, од една француска контраразузнувачка служба, чие име од оправдани причини, нема да го кажам. Оваа контраразузнувачка служба во својата работа меѓу другото го следела дејствувањето на југословенската тајна полиција среде емиграцијата од Југославија. По патишта, која таа не ги откри и за мене, разбрале дека СДБ потготвувала мое киднапирање од Париз. Бев предупреден да не одам, и пред се да не спијам кај двајца емигранти од Македонија во Париз. Поправо едниот беше политички емигрант и се викаше Кузман Мицевски, а другиот беше гастарбајтер и се викаше Сотир Патенаров. И двајцата истапуваа како македонски патриоти и работеа во рамките на ДООМ. И двајцата од подолго време на мене ми беа сомнителни дека се инфилтрирани удбашки агенти во нашето Движење. Во таа истата 1975 година, во станот на Сотир Патенаров затегнав еден мистериозен човек, кој по разговорот што го имав со него заклучив дека е некој удбаш дојден од Скопје. Тој ми беше преставен како татко на жената на Сотир иако за да и биде татко

тој изгледаше премногу млад. Ми се престави како бивш борец на Демократската Армија на Грција (ДАГ) и дека поминал 8 години на грчкиот пустински остров Макронисус како осуденик на монархофашистичкиот грчки режим. Но кога јас намерно се обидов да разменам со него неколку грчки думи се покажа дека тој не знае ниту една грчка дума. За да се извлече од незгодната положба во која го ставив, ми рече на македонски дека тој толку страдал од Грците што се заколнал додека е жив нема да изусти ниту еден грчки збор. Подоцна кога јас издржував казна во Идризово се сретнав пак со овој човек, тогаш бев сослушуван и тортуриран од него повеќе пати. Тогаш разбрав дека се вика Наум Крстевски, дека е некој висок началник на УДБА.

Заради мојата лична безбедност, Француската контраобевештајна служба ми советуваше при секое мое доаѓање во Париз веднаш да ѝ се јавувам на неа, за да добијам обезбедување. Јас тоа го правев двапати, но постојаното следење од “деверите“ во цивилна облека од Службата ми одеше на нервите, па престанав понатаму да ѝ се јавувам на Службата при моите нови навраќања во Париз. За оваа моја голема грешка платив со 11 години робија во Титовите казамати.

Од првото предупредување во 1975 за намерата на СДБ да ме киднапира па се до 4 јуни 1977 година кога СДБ својата намера ја оствари, не можев а одвреме навреме да не помислам за личната

трагедија што ми ја потготвува југословенската политичка полиција. Знаев дека СДБ во западноевропските земји уби многу свои политички непријатели, идеолози и раководители на емигрантските хрватски, српски и македонски организации. Од Македонцитеноќта спроти Илинден 2ри Август 1974 година беше убиен мојот личен пријател и соборец Благој Шамбевски, потпретседател на ДООМ и бивш политички затвореник. Убиството на потпретседателот Шамбевски беше сериозно предупредување дека џелатите на СДБ ќе посегнат врз животите и на други македонски патриоти раководители на ДООМ. Не се жалев дека можеби ќе бидам убиен од СДБ зашто јас својот живот го имав посветено на македонската револуционерна борба. Бев свесен дека револуционерната борба бара жртви. Да бидам убиен, макар на таков подол начин каков што ги изведува УДБА своите убиства, го сметав за сосема "нормална работа". Јас водев борба против еден крвав и криминален злосторнички режим кој ја угнетува мојата македонска нација и во таа борба да паднев од крвјосаните злосторнички раце на непријателот, сметав дека тоа за мене ќе биде чест. Меѓутоа, мене ме загрижуваше решението на СДБ да ме киднапира и жив да ме однесе во Југославија. За мене тоа претставуваше многу поголема лична трагедија одошто ако паднев убиен од куршумите на агентите на СДБ. Знаев дека ако ме фатат и однесат во Југославија удбашите ќе се изживејуваат на мене на најсадистички начин. Знаев и дека СДБ е способна да направи еден таков ганстерски подвиг, зашто и многу

други диктаторски и тирански режими, било тие да се фашистички или комунистички, се служеле со таквите ганстерски методи својствени на класичната мафија. Имав читано во западноевропскиот печат за киднапирањето во Јапонија на водачот на опозицијата на воениот диктаторски режим кој се наоѓал во емиграција. Парковата политичка позиција го киднапирала и во брза лотка го одвлекла во Јужна Кореја, каде бил тортуриран и осуден на долгогодишна робија. Она што го сториле фашистите на Парк, зошто не можат да го сторат комунистите на Тито – беше моето размислување.

Не губејќи од предвид дека СДБ може да ја оствари својата замисла, се обидував внапред да го определам моето држење пред удбашките џелати. Моето длабоко убедување беше дека СДБ откако ќе ме сослуша и откако ќе извлече од мене она што може да го извлече, ќе ме ликвидира без никаков процес. Затоа моето држење пред удбашките џелати го определив внапред: да ја бранам политиката која што сам ја креирав и водев како вистинска македонска национална политика и да не очекувам никаква милост од удбашите, во случај ако сум киднапирам да се сметам себеси за мртов и за мачeник за македонската слобода, а кога станат во прашање моите соработници и соидејници особено оние што живеат и работат во македонската република, да не признав ништо што може да им наштети. Да ја преземам одговорноста на себе и за нивните дела, зашто признавањето нема ништо да им помогне. Со таква состојба на духот многу

ми помогна да ги издржам тортурите од удбашите и на крајот бев среќен иако бев осуден на 13 години робија зашто заради мене не настрада ниту еден македонски патриот. Тоа беше мојата морална победа врз удбашите.

За времето од 2ри до 6ти јули 1977 година ДООМ имаше закажано свој конгрес во Германија. Конгресните материјали беа подготвени и делегатите од разните земји што требаа да ја репрезентираат Организацијата веќе беа одредени. Делегатите од Австралија Михајло Шариновски, Ристо Ристевски и Доне Димов требаа да пристигнат неколку недели порано, зашто искажале желба да ги посетат организациите на ДООМ во Франција, Швајцарија, Белгија, Германија, Данска и Шведска. Тие од Австралија требаа да долетаат со авион до Париз, а потоа со други превозни средства да тргнат во својата турнеја низ Европа. Од другарите од раководството на ДООМ јас бев одреден да ги пречекам на аеродромот Орли во Париз. За таа цел јас на 1ви јуни стигнав во Париз и отседнав во хотел “Де ла Норманди“, веднаш спротив Источната железничка станица. Истиот ден му телефонирав на Ѓорѓи Јовановски во хотелот во кој работеше и живееше како настојател. Ѓорѓи го познавав повеќе од 10 години. Се претставуваше не само за Македонец, туку и за голем македонски патриот, беше член на ДООМ и еден од активистите на Организацијата за Франција. Родум е во Кратово, а пред во Париз работел во Скопје како продавач во некоја книжарница. Подоцна разбрав дека неговото

вистинско презиме е Јовановиќ а не Јовановски, татко му во бивша Југославија бил српски џандар во Македонија и во Кратово се оженил и останал како домазет со мајка му на Ѓорѓи, подоцна познатата во цела Македонија меанџика Мара “Лопката“, чија кафеана била позната како јавна куќа или бордел. Тоа дека Ѓорѓи е Јовановиќ а не Јовановски го разбрав уште пред моето киднапирање, но си мислев дека не треба да бидеме толку националисти, човекот беше син на мајка Македонка, се родил во Македонија, се чуствува и дејствува како Македонец, а може би и да се срамува од српското презиме, па неговата македонска припадност и чувство не треба да го доведуваме во прашање. Меѓутоа, ваквото мое мислење се покажа многу наивно и кобна грешка. Српската татковска крв во него била многу посилна од мајчината македонска, тој бил препреден и подол непријател на македонштината и во македонската организација се инфилтрирал како агент на СДБ само и само да ѝ наштети. Изгледа дека за шпионската работа тој бил подготвен уште во Скопје пред доаѓањето во Франција, дека во Парис бил испратен по специјална задача. Повеќе од 10 години овој агент на СДБ грижливо си изградуваше авторитет на македонски патриот. Меѓу луѓето од Организацијата кои беа стекнале доверба во него, бев и јас, на голема жалост на мојот внук Власте Станковски, кој постојано ме предупредуваше дека Ѓорѓи е подол човек и нечист човек и го срамнуваше со некое куче, кое за татко има волк, па затоа кога порасне си ги покажува татковите волчји страсти. Одвреме на време навраќав кај него,

ми правеше ситни услуги и секогаш се трудеше да остави впечаток на македонски патриот. Затоа на 1 јуни 1977 година му телефонирав, тогаш немав никакво сомневање во него. Во телефонскиот разговор Ѓорѓи ми рече дека има нешто "важно да ми каже" и ме покани да дојдам кај него дома на 4ти јуни напладне за ручек. Поканата ја прифатив. Од она што ми се случи на 4ти јуни во неговиот стан заклучив дека меѓу него и удбашката централа во Белград или во Скопје било договорено веќе моето киднапирање од кај него и тој истиот ден ги известил удбашките централи телефонски. Скоро три дена удбашите имаа време да дојдат од Југославија во Франција за да го извршат киднапирањето.

На 4ти јуни точно во договореното време дојдов во станот на Ѓорѓи Јовановиќ. Часот беше дванаесет, пладне. Хотелот во кој Јовановиќ живееше се наоѓаше на една мала улица која започнуваше на самиот влез на метрото "Пигал" спрема картелот "Монтемарт". Името на улицата и името на хотелот сега не можам да се сетам, но тоа нема да биде тешко да го проверам при првата моја посета на Париз. Улицата беше кратка, одвај ли беше сто метри, и на неа тоа беше единствениот хотел од десната страна, одејќи од кон метрото "Пигал". Тоа беше хотел од најпоследната категорија, каква што ги има на илјади во Париз. Хотелот издаваше соби само под месечна кирија и во него живееја само работници од Југославија, работници од црнечките арапски земји. Во подрумот или во визбата на хотелот Ѓорѓи како настојател на

хотелот живееше бесплатно со своето семејство. Неговата должност беше од станарите да ја собира месечната кирија и да му ја носи на газдата на хотелот, некој француски Евреин. Во хотелот живееја и десетина професионални проститутки кои пред хотелот стоеја разголени и фаќаа муштерии за најстариот занает на светот.

Ете во тоа дувло на разврат и човечка мизерија влегов на пладнето на 4ти јуни 1977 година. Кога влегов во големата дневна соба бев зачуден кога видов осум за мене непознати луѓе кај седат и пијат на една долга маса. Од осумината непознати една беше жена. Гледајќи го моето чудење, Ѓорѓи ми рече: “Драгане да те претставам, ова се мои гости, кратовчани, дошле во посета на Париз, па како кратовци дошле да ме видат и ми донеле неколку шишиња домашна ракија и ми донесле поздрав од татко ми и мајка ми. Запознај се со нив“. Се ракував со нив, ми беше понудена столица и ми беше налеана чаша ракија. Само неколку минути потоа, некој ме чукна толку силно одзади по главата, што јас си помислив дека главата ми прсна на парчиња. Во истиот момент радиото кое свиреше музика некој го пушти толку силно та да не се слуша ништо горе на катовите. Свеста не бев ја загубил од ударот, затоа почнав да викам на сиот глас на француски јазик “О секур“ – “на помош!“, меѓутоа неколкумина се нафрлија врз мене, ме легнаа на подот, а жената од својата женска чанта извади шише со етер, натопи памук и ми го притисна врз носот.  Веднаш почувствував како

губам ја губам свеста. Потоа почувствував како на вратот жената ми удри две инекции. Етерот и инекциите го направија своето, само како на сон се сеќавам дека бев пренесен во спалната бев фрлен на една софа (тросед). Подоцна во Македонија од моите удбашки иследници разбрав дека жената кој ме онесвести со етерот и со инекциите била специјалист лекар анестезист, и дека удбашите ја довеле специјално за акцијата.

Првото делумично враќање на свеста беше нешто како бунило, чувствував дека само се возам некаде во кола, но каде се возам и со кого не знаев. Од средствата за наркоза а може би и од ударот главата ме болеше ужасно, а костумот ми беше целиот исцапан од повраќање. Во колата сум повраќал од мака. Бев фрлен на задното седиште во колата на Ѓорѓи Јовановиќ и притиснат од обете страни од по еден сопатник, од кои едниот беше жената што ме дрогираше. Колата ја возеше Ѓорѓи Јовановиќ, а патем се менуваше со еден од луѓето што ме нападнаа. Одвреме навреме почувствував како мажот што седеше од едната моја страна ме боцка со игла во колкот, за да го провери дејството на наркозата. Кога почнав да реагирам на убодите, колата скршна од патот на некое осамено место, тогаш жената го извади пак шишето со етер и пак ме дрогираше. До француско-италијанската граница бев двапати дрогиран, а пред самата италијанска граница со сила ми беше отворена устата и во грлото ми беше истурена ракија за да мирисам на ракија, да изгледам

тотално пијан човек во случај италијанските царинарници посомневаат нешто. Дел од ракијата ми беше истурена и врз алиштата. При секое мое будење мажот што седеше до мене ми покажуваше една полна инекција и ми велеше доколку почнам да викам за помош ќе ми ја удри инекцијата и само за неколку секунди ќе сум бил мртов.

Не се сеќавам како сме ја минале француско-италијанската граница, но тоа веројатно не им задало никакви по тешкотии на удбашите, зашто во тоа време летната туристичка сезона беше започнала и на границата не се прават внимателни контроли. Но за секој случај удбашите биле осигурени бидејќи тие од Југославија донеле пасош југословенски за мене. Тој пасош подоцна во истрагата удбашите не знам од која причина ми го покажаа, веројатно да ме импонираат. На пасошот издаден во Куманово стоеше моја слика пресликана од една моја слика која беше се појавила во списанието “Македонска Нација“. На пасошот пишуваше дека се викам Георгиевски Славе и дека сум роден во селото Оризари, Кочанско. Веројатно на границата тие го покажале тој пасош, велејќи дека сум пијан и спијам.

Многу почисто се сеќавам за еден случај на италијанската територија. Тогаш забележав дека пред нас вози една кола, црвен “‘Волво“ со југословенска регистрација и со буквите КУ – Куманово. Таа била колата на кумановката од СДБ. На едно место во Италија се пробудив и толку ми меше мачно и толку

бев жеден за вода што почнав да викам “Вода ми дајте, вода ми дајте, умирам!“. Колата скршна малку од главниот пат и застана на некое голо место покрај еден ендек полн со вода. Шоферот излезе од колата и од багажникот извади шише со минерална вода. Жедно го испразнив половината од шишето и немаше да остане ни капка од неа, ако мојата “лекарка“ не ми го оттргна од устата. Тогаш видов дека црвениот “Волво“ кој возеше пред нас се вратил назад за да видат што станува, зошто сме застанале. Од “Волвото“ излезе еден дебел човек, со голем стомак, кој мислам беше човекот што во станот на Ѓорѓи ме удри во тилот, а кој подоцна ми беше иследник и се викаше Никола Илиевски. Тој ги праша моите придружувани и џелати зошто застанале. Му одговорија дека сум почнал да кревам врева за вода. “Дајте му вода, но ако пак крева врева, Удрете му ја инекцијата и фрлете го во првиот ендек!“ – рече Илиевски. Подоцна разбрав дека тој Илиевски тогаш бил началник на втората секција на СДБ, тој дошол на местото на Тошо Шкадров.

Илиевски е брат на познатиот комунистички злосторник Доне Илиевски, долгогодишен претседател на Комитетот за верски прашања на Република Македонија и бивш амбасадор на Југославија во Австралија. По образование правник, Никола Илиевски веднаш по дипломирањето на правниот факултет стапил во служба на СДБ. Македонци политички затвореници го паметат како ѕвер во човечка кожа, нема затвореник кого што тој го затворил, а лично да не го тепал и тортурирал. Ако за

едно човечко суштество може да се употреби пежоративот “свиња“ тогаш тој пежоратив најубаво одговара за џелатот Никола Илиевски, и тоа не само за неговите морални, туку и физички особености. Прождерлив во јадењето, може да консумира јадење што не можат да го изедат ни тројца здрави човека, поради кое постојано беше напнат од висок крвен притисок и својата физичка нелагодност ја истураше врз своите жртви. Во истрагата ми беше главен иследник, поради кое имав прилика да го запознаам поодблизу. Често се напиваше, па тогаш доаѓаше до израз и неговата слабост да се фали. Се фалеше дека многу патувал и дека многу добро ја познава македонската емиграција. Со месеци бил во Австралија, во САД, Канада и во западноевропските земји каде ја созбивал дејноста на ДООМ и воспоставил мрежа на СДБ. Ми се фалеше дека во Германија спал кај емигрантот Илија Тодоровски во истиот кревет во кој предходната ноќ сум спиел јас. За последен пат го видов на 16 декември 1978 година, на денот кога бев префрлен од тајниот затвор од планината Караџица, во истражниот затвор во Шуто Оризари крај Скопје. Ми рече дека по моето осудување ќе ми доаѓа на посета во затворот, но тоа тој не го доживеа. Неговата прождерливост си ја направила својата работа. Кусо време по моето осудување добил излив на крв во мозокот и се шекнал од умот. Бил пензиониран од СДБ и по долго лечење во психијатриска болница се повлекол да живее во својата вила во Претор на Преспанската Езеро. По моето излегување од затворот луѓето што го

познаваат ми раскажуваа дека одел како некој дебил, лиги му текле како на некое мало дете, не се бричел и бил запуштен како некој клошар. Кога бев веќе на “слобода“ го прашав неговиот удбашки колега Добре Величковски: “како е Никола Илиевски?“. Величковски ми одговори: “Драгане, ти го проколна, се мрдна од умот. Во секој случај тој мисли дека ти си го проколнал, ти си неговата лоша совест“.

Од удбашите кои учествуваа во моето киднапирање во станот Ѓорѓи Јовановиќ освен Илиевски, подоцна можев да дознаам дека учествувале уште двајца. Нивните имиња подоцна ги дознав бидејќи ми беа иследувачи. Едниот беше Анче Гогов, роден во 1928 година во Велес, во времето кога удбашите носеа воени чинови имал полковнички чин. Тој беше советник од СДБ во одборот за врски со македонската емиграција при Собранието на Македонија. Тој беше удбаш од школото на Ранковиќ и беше многу груб при сослушувањто. Пцуеше и тепаше и кога беше налутен врвот на јазикот му испаѓаше надвор од устата. Добре Величковски е удбаш од помладата генерација, беше далеку почовечен од споменатите негови колеги. Делува како интелектуалец родум од Паланечките села.

Четврт човек од скопските удбаши кој учествувал во акцијата на моето киднапирање беше Димитар (Митко) Николовски, но тој не учествуваше во самото киднапирање во станот на Ѓорѓи Јовановиќ, затоа што еднаш се сретнал во Шветска во Гетеборг

со мене, па се плашел да не ја провали акцијата, да не го препознам во станот кај Ѓорѓи Јовановиќ. Тоа дека тој учествувал во акцијата за моето киднапирање го дознав дури во Љубляна, зашто тогаш видов дека имало и една трета кола, во која бил тој и уште троица немакедонци од Сојузната Удба, кои веројатно ја надгледувале акцијата. Димитар Николовски е роден во селото Годивје, Крушевско, дете е на паднат “борец“, завршил правен факултет и имал големи искуства со работата против “непријателската емиграција“. Има завршено правен факултет и храбар е до дрскост. Ми беше еден од удбашките иследници и на првото сослушување ме праша дали се сеќавам кај сме се сретнале. Се сеќавам како не реков: “Се сретнавме кај емигрантот Марче Богоевски во неговиот стан во Гетеборг. Ти тогаш се издаваше за банкар, дека си дошол во Шведска од името на Стопанска банка во Скопје да отвориш нејзини филијали во Шведска. Со тебе беше уште еден, мал црн Удбаш“. – “Имаш убава меморија“, - ми одговори Николовски – “Ти тогаш не прочита, ни рече дека ние не сме никакви банкари туку двајца професионални удбаши. Убаво погоди, но сега е времето да пееш друга песна, а не онаа што ја пееше во Гетебург“. – “Јас друга песна не знам да пеам“ – одговорив. “А тоа нешто ќе го видиме“ рече Николовски. По мрднувањето од умот на Никола Илиевски, Димитар Николовски дошол на чело на Втората секција на Удба и на тоа место останал се до 1984 или 1985 година кога беше назначен помошен секретар за внатрешни работи на СРМ, началник на милицијата. Во август или

септември беше принуден да си даде оставка од тоа место бидејќи милицијата под негова наредба ги тепале селаните на село Вефчани, Струшки со електрични пендраци што стана голем скандал од југословенски а не само македонски димензии.

Не бев при свест кога сме ја минале југословенско-италијанската граница. На едно место осетив дека пак ми удираат некаква инекција, но тоа било инекција за да дојдам при свеста, потоа слушав како во колата моите киднапери радосно пеат. Се радуваа на успехот на нивната акција. Инекцијата ми помогна да дојдам при свест, тогаш еден од киднаперите ми рече: “Драгане пробуди се да ја видиш твојата татковина. Ова е Југославија, твојата татковина!“. Одговорив: “Југославија никогаш не била моја татковина и нема тоа да биде! Македонија е моја татковина и среќен сум што ќе загинам за неа“. “Ти си фанатичен македонски националист, но ние нема дозволиме да загинеш за Македонија“ – одговори удбашот. – Ако беше до загинување, ние ќе те отепавме надвор, немаше да те носиме тука“.

Колата застана на главниот плоштад во Љублана, пред еден голем хотел, до неа се паркираа и другите две коли. Тогаш разбрав дека во удбашката експедиција учествувала уште една трета кола. Колата имаше белградска регистрација. И тројца од екипажот зборуваа српски. Подоцна за време на сослушувањата разбрав дека моето киднапирање била сојузна акција, тоест акција на сојузната УДБА.

Решението за моето киднапирање било донесено во Белград, а македонските удбаши биле само соучесници во акцијата. Исто така трошковите околу моето киднапирање биле платени од касата на сојузната СДБ.

Како жртва на СДБ, мене ме интересираше нејзината внатрешна организација и нејзините методи на работа. Но литература за тоа ништо нема, тајната југословенска полиција од јавноста ја крие својата внатрешна структура и организација како змијата што си ги крие нозете. Сепак во мемоарската литература чии автори се бивши удбаши прочитав некаде дека удба се состои од свои 10 секции, кои обично работат една до другите а не знаат другите секции што работат.

Двете најважни секции се Првата и Втората секција.

Првата секција се занимава со борба против внатрешните непријатели на режимот.

Втората секција се занимава со борба против непријателската емиграција, таа испраќа шпиони меѓу емиграцијата, таа убива и киднапира емигранти.

Важна секција на СДБ е така наречената Аналитичка секција, каде се разгледуваат и студираат сите добиени податоци, и откоја потекнуваат алармите

кога нешто треба против некого да се преземе. Редниот број на оваа секција не ми е познат.

Републичката СДБ Македонија од земјотресот наваму (1963) сместена во комлексот бараки во населбата Црниче, на подножјето на Водно, недалеку од старата железничка станица, веднаш зад првиот подвожњак. Пред неколку години среде комплексот од бараки е изградена висока зграда со многубројни канцеларии. Втората секција уште се наоѓа во стари и дотраени муфлосани бараки. Во комплексот никој не може да влезе без специјална пропусница, а на портирницата стојат повеќе милиционери, кои писмено поканетите странки ги спроведуваат до канцелариите во кои службено се извикани. Баракниот комплекс околу наоколу е заграден со бодликави жици низ кои тече струја од висок напон.

Но да се вратиме на моето насилно пристигање во Љублана. Кога стигнавме на плоштадот пред хотелот, Никола Илиевски влезе во хотелот и телефонираше некаде, веројатно во СДБ за Словенија. По неколку минути дојде еден џип со еден цивилен и четворица униформирани полицајци. Ме качија во џипот и ме однесоа во градскиот затвор во Љублана. Ме воведоа во приемната соба и дежурниот службеник ме праша за името за да ме заведе во книгата на уапсените, но цивилниот полицаец што ме следеше му нареди строго да не ме прашува ништо туку да ме стави во келија, каде што никој да не може да зборува со мене. Затворските службеници се

растрчаа, мораа да испразнат неколку келии околу мојата. Ме затворија во приземјето на затворот. Келијата беше со бетонски под, а од малото високо прозорче низ која влегуваше силна светлина, ништо не може да се види надвор. На креветот имаше стар искинат мадрац и едно партал ќебе. Во едниот агол од келијата имаше клозет со клечење, а над него чешма со вода. Се напив вода од чешмата и се испружив на креветот. Главата ми бучеше и инстиктивно се чувствував како што се чуствува некое животно кога го водат на кланица. Заспав но неколку пати се будев после од инекциите. Еднаш затропаа клучовите во клучалката и во келијата влезе стражар со јадење во лимена порција. Не се ни подигнав од креветот јадењето ми го остави до креветот. Си излезе, ја тресна вратата зад себе. Јадењето не го чепнав иако 30 часа не бев ставил ништо во устата.

Ме пробуди светлината од електричната светилка. До креветот стоеше словенечкиот удбаш кој ме доведе во затворот, ми рече да станам зашто ќе одиме, ме праша зошто не сум јал. Ништо не му одговорив.

Напред пред затворот чекаше затвореничката кола “Марица“ и неколку агенти, веројатно удбаши. Ми заповедаа да влезам во “Марицата“, со мене внатре влегоа четири цивилни удбаши, и се распоредија на клупите од двете страни. Уште пред излегувањето од затворот ми беа ставиле белезници на рацете. Автомобилот крена низ улиците на Љубљана. Не

знаев кај ме возат а од “Марицата“ надвор ништо не се гледаше. Возењето траеше 15 или 20 минути, потоа колата застана и вратата на “Марицата“ се отвори. По електрината светлина видов дека се наоѓам пред една вила, од сите страни заградена со високи ѕидови. Во широкиот двор имаше неколку плодни дрва, јаболка или круши и многу зеленило и цвеќе. Вилата изгледаше како некоја луксузна резиденција на некој режимски големец. Влеговме внатре во вилата. Се сеќавам дека на долниот кат беше нешто како приемна соба со камин и со кожни фотелји а ѕидовите на собата околу наоколу беа исполнети со рафтови за книги. Рафтовите беа полни со книги, минавме низ приемната или дневната соба и по една внатрешна скала се искачивме на првиот кат. Од двете страни на коридорот имаше по неколку соби. Една од тие соби беше одредена за мој привремен затвор. Собата беше мала и изгледаше на детска соба. Внатре имаше само еден кревет, еден шифоњер и една столица. Од единствениот прозорец надвор се гледаше густа шума по која заклучив дека куќата се наоѓа некаде во шума на периферијата на Љубљана. Веројатно приватна резиденција на некој голем словенечки удбаш или пак летниковец (куќа за одмор) на словенските удбаши. На креветот ме чекаше нов долен веш и пиџами и удбашот кој ме водеше во затворот ми нареди да се соблечам се што имам на себе и да облечам нов веш и пиџами. Се пресвлеков. Моите со блуеници исцапани алишта ги собраа во една патна торба и ги однесоа некаде. Словенечкиот удбаш кој изгледаше некој голем началник зашто другите цивилни агенти

сервилно се однесуваа кон него, им рече нешто по словенечки на агентите и си излезе. Вратите на собата останаа отворени, а во коридорот останаа да седат двајца цивилни агенти да ме чуваат. За сето време што останав во оваа мистериозна вила моите чувари се менуваа на секои три часа.

Во вилата останав до 10 јуни. Храната беше прилично добра, веројатно ми ја носеа од некој ресторант. Двапати доаѓаше лекар да ме прегледа, а еднаш во вилата ме посети и Никола Илиевски. Ме праша дали ми одговара вешот што тој ми го купил. Јас искористив приликата да го прашам што станало со мојот паричник и мојот нотес со адреси. “Не бери гајле затоа, тие се на сигурно место“ ми одговори Илиевски. При моето киднапирање во паричникот од крокодилска кожа имав повеќе од три илјади швајцарски франка и околу пет илјади француски франка. Овие пари повеќе не ги видов. Кога во 1987 година излегов од затворот појдов во СДБ да си ги барам, но од нив немаше никаква трага, Новиот началник на Втората секција на СДБ Крсте Јовчевски отворено ми рече: “Драгане заборави ги тие пари. Од нив нема ни трага. Тие ти биле одземени без никаква потврда и веројатно завршиле во некој приватен џеб“. Заедно со парите ми беше одземен и рачен часовник марка “Сеико“. И него Господ да го прости! Споменатите мои работи при едно сослушување во канцеларијата на Тошо Шкатров, Тошо го отвори својот сеф за да го земе мојот нотес со адреси. Бараше една адреса за да ме праша кој е тој човек. Тогаш во една пластична кутија

заедно со нотесот го видов мојот прирачник и мојот часовник. Бидејќи овие мои работи ги чуваше во својот сеф Шкатров им голема можност дека тој и си ги присвоил.

На 10 јуни околу 5 часот по пладне во вилата дојде словеснечкиот удбашки началник и ми нареди да се облечам. Кога се облеков чуварите кои ме чуваа ми кладоа белезници на раце, то беше знак дека ќе ме водат некаде. Надвор во дворот чекаше џип и уште неколку цивилни агенти, Ме качија на џипот и после една половина час возење се најдов на воениот аеродром Љубљански. Заклучив дека се работи за воен авион зашто на авионите кои ги гледав поредени на аеродромот со големи букви пишуваше “ЈНА“ (Југословенска народна армија). Џипот се доближи до еден авион кој поради својата големина ми личеше на помал патнички авион. На него исто така пишуваше “ЈНА“. Пред авионот ме чекаше Никола Илиевски и тројцата удбаши од не македонско потекло кои учествуваа во акцијата за моето киднапирање. Илиевски и тројцата удбаши од Сојузната УДБА се качија во авионот, со мене се качија и двајца цивилни агенти од словенечката УДБА. Кога влегов во авионот видов дека авионот од двете страни имаше вкупно можеби едни дваесетина седишта. Моторите забрмчеа и по неколку минути загревање, авионот се вивна во небото. Заради присуството на удбашите од Сојузната УДБА мислев дека ме носат за Белград, но по летање кое можеби траеше еден час, слетавме на аеродромот Петровец кај Скопје. За да не си помисли

читателот дека од Љубљана за Скопје удбашите ме одвеле по долни алишта, ќе кажам дополнително дека додека лежев оние пет дена во мистериозната вила во шумата крај Љубљана, тие мојот исцапан од блуеници костум го дале на хемиско чистење, го очистиле. Во Скопје стигнав само со удбашки долен веш и кошула и во мојот очистен костум.

Авионот веќе леташе за мене во непозната насока, кога еден од сојузните началници на СДБ гледајќи право во мене, потоа во Никола Илиевски, рече: “Значи ова е тој фамозен Драган Богдановски кој појадува во Париз, руча во Лондон а вечера во Стокхолм во текот на еден ист ден?!“.

Неговиот емигрантски туризам заврши – одговори Никола Илиевски. Сега му дојде времето пред својот народ да положи сметка. Сега ќе треба да ни каже откаде му беа парите со кои се шеташе низ Европа. – Едно е сигурно – одговорив а тоа е дека за моите шетања низ Европа не сум потрошил ни скршена народна пара. На нашите бедни Македонци по светот во потрага по корка леб сум им дал пари а не да сум и земал. Ако некој се шетал со народни пари, и со толку вредните девизи во кои толку оскудува народното стопанство на Македонија, тогаш тоа сте вие господа удбаши. На македонскиот народ некогаш ќе треба да му дадете сметка меѓу другото и колку девизни средства потрошивте за моето донесување во Југославија.

Македонскиот народ не жали средства кога се во прашање неговите непријатели – ми одговори Илиевски, - Ние знаеме дека ти уживаше да изигруваш библиски милосрден Самариќанин, да делиш пари и со двете раце, да им импонираш на нашите работници во странство а со тоа да ги заглавуваш во твојата непријателска антијугословенска работа. Меѓутоа, ние исто така добро знаевме дека ти никогаш не си бил вработен, имаш 48 години а немаш ни осум месеци работен стаж. Ти сега има да ни кажеш откај ти беа на тебе парите? Која разузнувачка служба ти ги даваше? ЦИА или НКВД? Или пак некоја од западноевропските разузнавачки служби?

На слободарскиот Запад има триста начини за заработување на пари – одговорив. – Парите што ги трошев сам си ги заработував на некој начин и тоа е моја лична работа.

Си ги заработувал, но како? – праша еден од Сојузната СДБ.

Можеби сум правел недозволена трговија, можеби сум крадел можеби сум ги заработувал на свој начин. За да си создадам средства за политичка работа го немаше тоа ситно преступление што не бев во состојба да го направам. За делото на Македонија жртвував и од моето морално достоинство. За мене важеше стариот принцип на Макавеи дека целта ги оправдува средствата. Но едно е сигурно а тоа е дека моите раце не се извалкани со крвта дури и на моите

непријатели, дека спрема Македонија сум чист како кристал, дека не сум ја јал маката на ниту еден Македонец и дека не сум имал врска со никоја разузнувачка служба. Затоа со чиста совест и со гордост ќе застанам пред судот на Југославија, доколку воопшто има правда во таа држава.

Тебе ќе ти суди Македонија а не Југославија – ми рече Илиевски.

Илиевски како и другите удбашки соговорници зборуваа со мене на српски јазик, а јас им одговарав само на Македонски.

Ако и судиите во Скопје како тебе ми зборуваат на српски јазик, тогаш ќе сметам дека мене Срби ме судат а не Македонци,

Откај знаеш ти дека јас сум Македонец, можеби јас сум Србин ме праша Илиевски.

Во станот на Ѓорѓи зборуваше македонски, а исто така во Италија кога на твоите луѓе им даваше заповед да ме фрлат во првиот ендек доколку кревам галама.

Илиевски се насмевна и рече: “Значи ти си бил буден, а си се преправал дека си без свест!“.

Ти имаш сосема погрешна слика за Југославија – ми рече еден од сојузните удбаши, кој потоа ми се

претстави дека во Службата за државна безбедност на Хрватска е одговорен за борба против непријателската емиграција, значи началник на Втората секција на СДБ за Хрватска. Името и презимето не си го кажа. Ако се установи дека рацете не ти се натопени со крвта на некој југословенски граѓанин тогаш биди спокоен, нема зошто да стравуваш за својот живот.

Јас не се плашам за својот живот и од моментот кога паднав во вашите раце јас се сметам за мртов – одговорив.

Само ако бидеш умен ти ќе живееш и тоа многу добро – одговори човекот што ми се престави дека е началник на Втората секција во СДБ за Хрватска. Ти уште можеш да бидеш користен за твојот македонски народ, само треба да сфатиш дека си се борел на погрешна страна.

Значи ли тоа дека и јас како вас треба да станам удбаш? – прашав јас.

Зошто да не, - одговори удбашот – работниците на УДБА се најдобрите патриоти на сите народи и народности на Југославија.

И Нерон, најголемиот убиец на своето време се сметал најголем патриот, најголемиот добротвор на својот народ, од чии черепи тој си изградил палати. Што се однесува до мене, јас ја давам мојата глава да

биде череп во ѕидот на вашата удбашка палата ваш соработник нема никогаш да станам.

Ангажиран во овој предизвикан разговор, не осетив колку брзо ми мина времето од неполн час со брзиот млазен авион до Скопје. Авионот се спушти на скопскиот аеродром Петровец и застана на отворена писта, оддалечена едно 200 до 300 метри од аеродромската зграда. Јас бев на скалата за слегнување кога видов како неколку џипови со милиција и цивилни агенти се доближија до авионот. На земјата бев опколен од 20тина милиционери во униформа, со нив беа и тројца цивили, од кои двајцата веќе ги познавав зашто беа учесници во моето киднапирање во станот на Ѓорѓи Јовановиќ, тоа беа Анче Гогов и Димитар Николовски, третиот, еден висок човек на свои 60 години со лузна на лицето, подоцна научив дека се вика Аганијан, скопјанец со ерменско потекло, кој тогаш беше потсекретар за внатрешни работи на Македонија, началник на Службата за јавна безбедност т.е. командант на македонската милиција.

На земјата цивилните агенти од Словенија што ме спроведуваа ми ги сметнаа од рацете словенечките белезници, а Аганијан веднаш ми클аде македонски белезници. Во “Земјата на братството и единството“ Словенците не сакаа на македонските удбаши да им остават едни белезници кои беа словенечка сопственост!

Ме качија во најголемиот џип, тоа беше еден англиски “Ландровер“. Со мене на задното седиште од двете страни Гогов и Аганијан, возеше еден милиционер, а до него на предното седиште седеше милиционер со машинска пушка во рацете. Кога седнав во џипот со црна крпа ми ги врзаа очите да не гледам, зашто “Ландроверот“ имаше летна каросерија од мушама па од него можеше да се гледа надвор, но однадвор мене внатре никој не можеше да ме види. Џипот крена. Си мислев дека ме возат во затвор во Скопје и дека удбашите не сакаат да знам во кој затвор ќе се наоѓам, па затоа ми ги врзале очите. Меѓутоа, џипот продолжуваше да вози и по моето проценување на изминатото време и дистанцата одамна требаше да стигневме во некој затвор во Скопје. Бучавата од градскиот сообраќај одамна престана да се слуша и за мене стана јасно дека се наоѓаме некаде на отворен пат надвор од Скопје. Се прашував себеси каде ли ме носат? Кога по моето слободно проценување измина скоро два часа возење, и кога џипот скршна од рамниот асфалтиран пат и почна да труска по некој макадам, полн со нерамнини и камења, заклучив дека ме возат во некоја “пустелија“ , во некое забавтано ридско или планинско подрачје. Тогаш не издржав и прашав: “Каде ме носите бре луѓе, во Бугарија ли?“. “Зошто да те носиме во Бугарија?“ – ме праша Анче Гогов. – “Затоа што ваков нерамен пат има само на Пирин Планина“ – реков. – Ти да га јебу бре земљак, играш си курташак с’с нас!“ ми рече на чист кумановски дијалект Аганијан. Подоцна разбрав дека тој не бил никаков кумановец, туку неколку години бил шеф на

СДБ во Куманово и таму го научил кумановскиот дијалект.

Ми се стори дека по нерамниот пат ме возат цел еден век. Од трускањето ми стана лошо, ми се поврачаше. На крајот џипот застана и Анче Гогов рече дека сме стигнале. Очекував дека ќе ми ги одврзат очите. Меѓутоа како некој слепец ме фатија за обете страни под мишките и ме слегоа од џипот. Потоа ме поведоа да се искачувам по некоја скала. Внатре во претсобјето на една куќа, ми ги одврзаа очите и ги скинаа белезниците од рацете. На сите прозорци на куќата беа спуштени црни пердиња, така да ништо не можев да видам надвор. За мене беше тотална мистерија каде се наоѓам. По една внатрешна дрвена скала ме слегнаа во потонот или визбата на куќата. Потонот беше од бетонска конструкција и од коридорот можев да ги видам четирите железни врати, со рендиња железни за затворање и со шпионки. Веднаш заклучив дека се наоѓам во некој таен мал затвор на СДБ. Ќелијата беше долга можеби едно четири метри, а широка два метра. Дел од ќелијата беше преграден за клозет, имаше шоља за седење и туш за бањање. Клозетот немаше врата. Во овој подземен бункер останa цели 18 месеци. Го напуштав само кога ме изведуваа на катот во вилата на сослушување или кога ме носеа на сослушување во Скопје со хеликоптер.

Во бункерската келија од мебел имаше само еден кревет и еден ќум.

Во ќелијата влезе Агонијан седна на креветот до мене и ми рече: “Да се погодиме ние двајцата! Јас сум одговорен за твоето обезбедување. Ќе ти кажам и кој сум, јас сум командант на македонската полиција се викам Аганијан. Ти треба да помириш со дициплината која ти се наметнува. Таа дициплина не сме ја измислиле ние македонските полицајци, таа е преписана од сојузните органи. Кога навечер ќе легнеш да спиеш, за десната рака и за десната нога со синџир ќе бидуваш врзуван за ногарка од креветот. Наутро на станувањето ќе бидеш одврзан. Дење и ноќе во твојата ќелија ќе свети електрична светилка, дење и ноќе до твојот кревет ќе седат по тројца милиционери, кои ќе се сменуваат на секои три часа. Со милиционерите не смееш да зборуваш, освен кога нешто сакаш да порачаш на иследниците или да побараш нешто. За тебе ќе биде подобро веднаш да се помириш со ваквата дициплина“. – “Во ваши раце сум, правете што сакате со мене“ беше мојот одговор.

Аганијан си излезе а тројца милиционери седнаа на столиците. Јас почнав да се соблекувам за спиење, ме врза со синџири за десната рака и десната нога. Бев толку уморен што првата вечер не почувствував дека спијам врзан со синџири.

Утредента во седум часот изутрината ме пробуди стражарската смена, ми ги одврза синџирите од раката и ногата и ми даде прибор за бричење – паста за бричење, четка, огледало и бричиња “БИК“ со пластична дршка, направена за една употреба.

Веднаш си помислив дека удбашите ми дале да се бричам со ваквите бричиња а не со жилет или со брич за да не се обидам да си ги пресечам вените, да извршам самоубиство. Додека се бричев во клозетот, до мене постојано стоеше и ме надгледуваше еден милиционер.

Кога се избричив, милиционерите ми дадоа нов долен веш и кошула да се пресвлечам и ми кажаа дека еднаш неделно ќе се пресвлекувам нечистиот веш тие ќе го носеле в град да се пере.

- Во кој град? – прашав – во Скопје, во Битола или во Белград.

- Што е тоа важно, важно е ти да имаш чист веш ми одговори еден од милиционерите – Не биди толку љубопитен.

По пресвлекувањето за првпат погледнав надвор низ единствениот прозорец на мојата келија. Прозорецот стоеше високо како мала дупка во ѕидот но благодарение на мојата височина од 190 см. стоејќи можев да ја видам околината која го опкружуваше од едната страна на мојот таен затвор. На прозорецот имаше дебели железни решетки дебелина на човечка рака кај глуждот. Освен тоа од внатрешната страна на решетката беше ставена ситна мрежа од тел како некое сито за брашно. Подоцна сфатив дека ситото било ставено за да не влегуваат муви, од кои природата во овој дел на Македонија обилува.

Веднаш зад прозорецот надвор се простираше мала зелена рамнина не поголема од еден декар, која во ова годишно доба беше обраснато во густа трева прошарена со најразлични и најразнобојни горски свеќина. Рамнината личеше на мала планинска или горска ливада. Шумата пречеше да видам што има понатаму во хоризонтот. Подоцна разбрав дека прозорецот беше свртен на западната страна од вилата-затвор, зошто на таа страна сонцето зајдуваше.

Милиционерите ми донесоа пojадок на еден послужавник од бронза. Бидејќи во собата уште немав маса, појадував на креветот: Чај, леб, кашкавал и патлиџани. За еден затвореник то беше појадок, подобар дури и од појадоците што ги сервираат во хотелите на Запад.

Околу десет часот се слушна брмчење на мотор. Погледнав низ прозорецот и видов на зелената рамнинка пред прозорецот како се спушта еден хеликоптер на чиј труп можев да прочитам "Милиција". Од хеликоптерот покрај пилотот кој беше во офицерска униформа, слегна со акт-ташни во рацете двајца цивили, еден постар човек со сребрена коса на 60-тина годишна возраст, по моето проценување, и еден помлад, на 40-тина години, црномурен човек. Милиционерите ги поздравија по војнички со станување мирно. По начинот по кој ги поздравија заклучив дека се работи за некои полициски големци. И подоцна разбрав дека постариот човек бил Тошо

Шкатров, а помладиот Мирко Буневски, секретар (министер) за внатрешните работи на Македонија, родум од село Ѓавато, Битолско. Седнаа на столиците на кои тогаш седеа моите стражари. Прв проговори Тошо Шкатров:

- Ај да видиме дали ќе се сетиш? – ме праша тој Сети се каде сме се сретнале двајцата?

- Никогаш моите очи не ве виделе – одговорив.

- Ме виделе, ме виделе, само изминало долго време, тогаш бев млад, сум се изменил многу. Името Тошо Шкатров нели ви кажува ништо.

- Не ништо не ми кажува.

- Се сеќаваш ли дека во зимата 1948/49 во вечерните часови работеше како коректор на весникот "Нова Македонија".

- Се сеќавам.

- Тогаш јас бев директор на "Нова Македонија", чудно е што не се сеќаваш на моето име и презиме!

- Оттогаш многу вода протекла низ мојата животна воденица, но сега кога ми напомнивте, се сеќавам. Само тогаш вие бевте млад, висок строен човек, со бујна коврџава црна коса.

- Косата ми побеле од таквите непријатели на народот каков што си ти. Знаеш ли ти што ми кажа Дедо ти Богдан кога ти избега преку граница во 1951 година. Јас тогаш веќе работев за УДБА и отидов во твоето Клечовце да го распрашам твоето семејство дали знае нешто за тебе кај се наоѓаш.

- Баш ме интересира што рекол дедо ми? “Тоа мое внуче уште како дете беше најголемиот ајдук во селото, ајдук во смисла на комита. Јас го викав него “комитата“, а не по неговото име Драган. Во селото уште се зборува како тој во 1944 година на Германците кои беа наполниле еден камион со живи кокошки, тој се издебнал до камионот и фатените кокошки пуштил да избегаат. Тогаш си реков, “Нека ми е живо ова внуче, тоа ќе стане голем комита. И еве го тргнал по комитскиот пат. Таков бев и јас на неговите години, подоцна станав војвода на комитска чета. Ќе скинете многу опинци додека го фатите“. “И скинавме многу опинци, те гоневме низ цела Европа, и еве те фативме. Нас никој не ни може да побегне!“

- Си даваш ли сега сам на себе сметка дека цел еден живот го имаш прокоцкано во туркање на ветрени воденици како некој Дон Кихот? – ми рече Шкатров.

- Мојот изминат живот во никој случај не би го заменил со твојот живот на лош новинар а можеби и уште полош полицаец – беше мојот одговор.

Лицето на Шкатров пламна од лутина и рече: “Да бев лош полицаец ти уште ќе шеташе низ Европа, немаше да бидеш овде. Наскоро самиот ќе се убедиш дека не сум лош полицаец, дека насекаде сум те следел и дека за тебе знам повеќе отколку што знаеш ти самиот за себе. Те следев од денот кога избега преку граница. И јас самиот не знам колку твои писма имам прочитано за овие 26 години на твоето емигрантско дејствување. Твојот ракопис го познавам како што го познавам и мојот.

-Не знаев дека сум имал толку ревностен читател – одговорив саркастично.

Ние дојдовме денеска кај тебе да ти пружиме прилика да си ја олесниш положбата во кој се наоѓаш – ми рече министерот Буневски и не чекајќи некаков одговор од мене продолжи: Ти ќе си ја олесниш многу положбата ако седнеш и напишеш една покајничка изјава дека сам и по твоја лична волја си се вратил во Југославија затоа што си согледал дека политичката дејност што си ја развивал во емиграцијата била на штета на македонските национални интереси. Ти си мајстор тоа сам да го формулираш. Една ваква изјава многу ќе ти ја олесни пред судот, зошто судиите ќе мислат дека ти навистина си се вратил сам.

- Не мислам да ги заведувам во заблуда моите судии, а освен тоа тие нема да бидат толкави глупаци па да веруваат на една ваква лага – одговорив. Јас не се кајам заради мојата политичка дејност и таа

политичка дејност ќе ја бранам пред судот како вистинска македонска национална политика. Не се плашам од казната што ќе ми ја изрече судот.

- Ние можеме да ти пресудиме и без суд, кој ќе не види кога ќе те закопаме во оваа планина? Никој! - рече Шкатров.

- Ако не ја напишеш изјавата што ти ја бараме, ти самиот си ја клаваш јамката на вратот – рече министерот Буневски. Но ти размисли убаво, сега имаш време за размислување колку сакаш. Ќе наредам на милиционерите да ти донесат хартија за пишување и хемиски писалки.

- Џабе ќе ми испратите хартија и хемиски писалки, таква гнасотија не пишувам па кога би ми ги исекле и двете раце – одговорив.

- Хартијата и хемиските ќе ти требаат, за тоа што ти ќе имаш многу за пишување, - рече Шкатров. – Сега ќе пишуваш за нас. Ќе ни пишуваш за твојот живот од денот кога си се родил па се до денеска. Ќе пишуваш за твоите пријатели и соработници, за твоите врски со странските полиции и разузнавачки служби и друго. Од тебе бараме потполно и детална писмена исповед. Од утре ќе почнеме и со сослушувањата. Подготвен ли си да одговориш на нашите прашања.

- Мора да е подготвен инаку кој го прашува – рече Буневски. При УДБА и каменот зборува! Ние

имаме проверени методи како да извлечеме признавања и од најкоравите непријатели.

Си излегоа од келијата како што дојдоа: со војнички поздрав од милиционерите.

Седнав на креветот и размислував зошто беа кај мене двајцата први луѓе на СДБ на Македонија. Дали дојдоа за писмената изјава што ја бараа од мене или пак повеќе да ме заплашат со нивните методи кои го натеруваат и каменот да прозбори! Заклучив дека дошле и за едното и за другото.

Пред ручекот дојде еден милиционер што не беше од стражарите и ме праша што сакам да пијам со ручекот, вино или пиво? Се зачудив на ваква "гостопримливост" од СДБ не се надевав.

- Откога на затворениците во Македонија вие им давате вино и пиво? – прашав зачудено.

- Ти не си бил кој затвореник, ти си специјален затвореник ми одговори милиционерот. Ти ќе јадеш од истата храна која се готви за нас твоите чувари и твоите иследници. Нема сега само за тебе да готвиме затворска храна. Впрочем со храната што ни остава ние храниме 6 кучиња, сега ќе храниме уште едно. Кажи ми што ќе пиеш?

- Пиво.

- Наше или странско?

- Зарем во оваа пустелија имате странско пиво?

- Кај нас има се што има на Запад. Каква си ја замислуваше ти Македонија? Онаква каква што си ја оставил при твоето бегство од неа.

Подоцна разбрав дека милиционерот со кого зборував не бил обичен милиционер, туку бил командир на некоја милиционерска станица во Скопје, а сега командир на 20-тината милиционери кои беа доведени на планината да ме обезбедуваат, Името му беше Милан, а милиционерите го викаа “командирот Милан“. Презимето никогаш не му го научив.

Со ручекот ми донесоа и шише данско пиво “Туборг“. Ручекот беше навистина богат, па си помислив дека Југославија како полициска држава убаво си ја храни својата полиција. Дури подоцна разбрав зошто била храната толку убава. Акцијата за моето киднапирање се до моето осудување била акција на сојузна УДБА, таа ги плаќала сите трошкови околу моето вардење на планината, затоа македонските удбаши и милиционери гледале да лапнат што повеќе од кокалот на сојузната СДБ т.е. од сојузниот буџет.

По пладнето во мојата келија дојде командирот на милицијата и со себе доведе едно полициско куче од расата германски овчар. Ми нареди да стојам

мирно зашто кучето треба да ме душне. По командата на командирот, кучето навистина ме душна, па дури и ми се испули заканувачки. Заклучив дека намерата со ова душкање е да не случајно побегнам, кучето да ми ја познава миризбата и по неа да ме пронајде. “Си реков во себе: дека удбашите нема да ме испуштат од своите канџи, кога си даваат толку маки да ме држат нивен заточеник и роб“.

Утредента кога ме изведоа на катот на куќата на сослушувањето, од прозорец можев да го видам кучето врзано со синџир пред куќата а до него милиционер со машинска пушка. Иако во мојата келија ме чуваа тројца милиционери, надвор пред куќата деноноќно стоеше стражар со машинска пушка. Исто и полициското куче деноноќно беше на стража. Милиционерите во мојата келија не беа вооружени, во секој случај јас не видов оружје.

За сите оние 18 месеци што ги поминав во бункерскиот затвор, и удбашите и милиционерите, правеа се да ме доведат до лажна претстава во врска со географското лоцирање на местото односно планината на која се наоѓаше тајниот удбашки затвор. Тие ми зборуваа дека се наоѓам под самиот врв на Пелистер планина и пред мене намерно зборуваа кога требаше нешто да се набави од градот, дека тоа го набавувале од Битола. Меѓутоа знаев дека ме лажат. Србите имаа една народна поговорка која вели: “Му се заколнала земјата на рајот, сите тајни да се откријат“. Така и јас кога бев осуден и префрлен во затворот

Идризово, јас раскажував на затворениците за тајниот затвор во кој поминав 18 месеци. Во Идризово имаше еден милиционер кој заради провални кражби беше осуден на 12 години затвор. Беше од Берово и името му беше Ѓорѓи. Тој прв ми го откри местото на затворот, затоа што како милиционер вардел некои албански шпиони во истиот затвор, кои по сослушувањето биле стрелани без суд и закопани таму на планината. Тој се чудеше што јас сум излегол жив од тој затвор, зашто тој затвор бил наменет само затвореници кои биле внапред осудени од самата СДБ на смрт со стрелани после сослушувањето. Таму обично биле затворани само шпиони од источните земји. Затворот се наоѓал по самиот врв “Солунска Глава на планината Караџица, токму на местото кај се разграничува синорот на општината Скопје и општината Македонски Брод. Најблизок град до местото на затворот е Македонски Брод, оддалечен едно 20 километри. Меѓутоа најблиската населба до местото е селото Пуста Брезница, кое спаѓа во атарот на општината или околија Скопска. И самото село Пуста Брезница се наоѓа во едно тешко за минување планинско подрачје. Местото на затворот е оддалечено едно десетина километри во уште понепристапачно планинско подрачје, високо на селото во планината. Уште од 50-тите години целиот планински и шумски, непреодлив масив на планината Караџица бил прогласен за воена зона, строго забрането за цивили. Од сите страни бил заграден со висока телена бодликава мрежа. Сите пристапи кон зоната биле чувани од воена стража. Внатре во оваа

забранета зона се наоѓале магазините на југословенската армија, а и еден таен подземен аеродром. Бидејќи пристапот на цивилните лица зона со густа шума е невозможен, дивечот се намножил многу, вриеше од диви свињи, дивокози, срни, мечки и волци. Дивечот можеа да го ловат само офицерите на југословенската армија и високите удбашки началници. За нив забранетата зона претставуваше богат рај за лов. Од асфалтираниот пат што води од Скопје за Македонски Брод по реката Треска за да дојде до местото на затворот се дели наугорен тесен и нерамен планински пат, по кој само по сувите летни времиња може да се искачи џип. Штом падне снег или обилен дожд планинскиот пат станува непрооден за моторни возила, тогаш единствената врска меѓу затворот и Скопје е со воен или милиционерски хеликоптер.

Податоци за местоположбата на удбашкиот таен затвор ми даде и еден затвореник од селото Пуста Брезница кој како мајстор ѕидар работел на ѕидањето на едната од трите куќи кои го сочинуваа ова удбашко дувло во воената зона на планината Караџица. Освен куќата во чиј подрум или визба беше сместен затворот, имаше уште две згради. Во другите две згради станувaа милиционерите кои беа доведени на планината да ме чуваат. Другите две згради се еднокатни и однадвор личат на некои големи (долги) бараки. Посебно од спомenатите три згради постои и една настрешница во која е сместен генераторот кој дава електрична струја на нафта за комплексот од

трите згради. На двеста метра од зградите се наоѓа природен планински извор од кој во зградите е спроведена текушта вода.

До самиот извор постои мала од камен соѕидана ловечка колиба.

Според кажувањата на бившиот милиционер Ѓорѓи и на ѕидарот од селото Пуста Брезница патот од Скопје до тајниот затвор на Караџица со џип може да се измине за час и половина. Меѓутоа, кога удбашите ме возеа мене возењето траеше најмалку три часа. Бидејќи при секое возење ми ги врзуваа очите со крпа, заклучувам дека удбашите ме возеле најмалку два часа повеќе по патиштата на Македонија отколку тоа што било нужно само и само де ме доведат во заблуда за локацијата на местото во кое се наоѓа нивниот таен затвор. Тоа го правеа и кога ме носеа со хеликоптер, возењето тогаш траеше можеби најмалку еден час, иако за таа дистанца во прав лет не треба повеќе од дваесет минути на летање.

Осумнаесет цели месеци додека бев во бункерскиот затвор на Караџица Планина си го поставував прашањето зошто Службата за државна безбедност на Југославија и придава толку големо значење на мојата политичка личност, зошто ме третира како непријател број 1 на државата и режимот, зошто троши толку пари за моето обезбедување, само колку пари ја кошташе службата за моето киднапирање и донесување од Франција, колку ја

коштаат државната каса на Југославија дваесет милиционери кои ме обезбедуваат во затворот на планината, и кои според нивното кажување, зашто после некој месец тие започнаа да зборуваат со мене и ми се фалеа дека благодарение на мене нивната плата се зголемила осетно, тие добивале додаток за одвоен живот од семејствата, па со парите што ги добиле за оние 18 месеци си купиле автомобил, стан или нешто друго, што со нормалната милиционерска плата не можеле да го купат. Од моите иследници дознав дека се обиделе од Скандинавија да ме грабнат и да ме донесат на брод, бродот со цела посада чекал три месеци по дански и шведски пристаништа, планирано било да ме фатат да дрогираат и како пијан југословенски морнар да ме одвлечат на југословенскиот брод. Но таа акција им пропаднала, зашто можеле да ми ја најдат трагата во Шведска и Данска односно немало прилика за моето киднапирање.

Три месеци еден брод да седи безработен со цела посада и да плаќа бродарина на данските и шведските пристаништа кошта огромна сума пари во долари. Кога бев на издржување на казната во Идризово видов еден филм на телевизијата кој го прикажуваше фаќањето и чувањето во затворот на УДБА на водачот на српското четничко движење генерал Дража Михајловиќ. Во келијата на Дража Михајловиќ два милиционери деноноќно до креветот чуваа стража. Во мојата келија деноноќно имаше три стражари. Дража Михајловиќ во воено време

предводник на едно вооружено антикумунистичко движење, тој беше главатарот на српскиот национализам, а јас бев само македонски емигрант, кој ја имаше смелоста да каже дека македонскиот народ не е слободен, како тоа што го лажат домашните македонски комунисти србомани, дека пак е поробен и дека не се откажал од својата борба за национално ослободување и обединување. Зарем можеа полицајците и политичките раководители на Југославија да бидат толку глупави, па мојата скромна политичка личност да ја срамнат со личноста на еден Дража Михајловиќ, да ме третираат како идеолог на македонскиот национализам и како разбивач на државното единство на Југославија? Секако на мојата личност тие давале преголемо значење. Јас пак од своја страна по природа сум мошне скромен, никогаш не сум имал убедување за себе дека претставувам некаква величина, па сега во новата ситуација си поставував самиот прашење да не сум се сам себе потценил, од скромност да не сум ја видел мојата величина која што непријателот ја видел подобро од мене. Иако беше погубен за мене начинот на кој непријателот и оддаваше признавање на мојата личност, сфатив дека со мојата борба и со моето мачеништво сум влегол во историјата на ослободителната борба на Македонија. Тоа нешто ми го признаваше и самиот непријател. Бев горд со себеси и таа гордост ми даваше морални сили да издржам и да и да им пркосам, простумничам на непријателот.

На вториот ден од моето взанденување во тајниот бункерски затвор на Караџица, веднаш после појадокот милиционерите што беа кај мене на стража ми рекоа да се облечам зашто ќе ме воделе “горе“ на сослушување кај инспекторите. Го облеков палтото и тргнав за “горе“. Патот до тоа “горе“ беше може би 15 метри до скалите и скалите што водат до првиот кат на вилата. Се најдов во една голема соба, богато наместена со луксузен намештај. Покрај ѕидот и пред телевизискиот апарат кој беше наместен во средината на собата, се наоѓаше софа или тросед од мека бокс-кожа и две фотелји. По должината на источната страна на ѕидот се наоѓаше долга маса од масивно дабово дрво. Околу наоколу масата беа наредени десетина исто такви од дабов материјал направени столици. Подот од собата го покриваше убав ориенталски тепих, а ѕидовите на собата накитени со ловџиски трофеи: препарирани глави на диви свињи, од мечки, од срни и елени, од дивокози и од цели препарирани птици. Од источната и од западната страна на собата имаше по два широки прозорци, од кои кога не беа со пердиња, се гледаше прелестната убавина на македонската планина: густа букова гора, на места тревнасти рудини и високи планински ридишта со остри карпи. На источната страна низ прозорецот се гледаше вториот или третиот по големина врв во Вардарска Македонија, врвот Солунска Глава кој гордо се издигаше кон небото и неговите стрмни падини беа покриени со снег иако бевме кон средината на месецот јуни. Своето име овој врв го добил од народот зашто при јасни денови од врвот можел да се

види градот Солун на Егејското Море. Во директна хоризонтална линија куќата-затвор беше оддалечена едно два до три километри од самиот врв Солунска Глава. Барем мене така ми се чинеше.

Подоцна научив дека на катот куќата има две соби за спиење, готвална и клозет со бања. За времетраењето на мојата истрага началниците на УДБА кои беа мои иследници спиеја во двете соби. И тие како и милиционерите, одеа по ред во Скопје кон своите семејства секој втор викенд.

Бидејќи удбашките началници салонот на катот или дневната соба ја викаа "ловџиска" соба така за натаму и јас ќе ја викам ова просторија во која поголемиот дел од мојата полициска истрага мина, во која многупати бев тортуриран и навредуван. На првото сослушување во ловџиската соба ме чекаа тројца началници на СДБ, двајца од старата гарда на Александар Ранковиќ Шкатров и Гогов, и еден помлад од новата титовистичка интелектуална генерација Никола Илиевски. Тие седеа кај големата маса, пред себе имаа снопчиња некакви документи и чиста хартија за пишување.

Кога милиционерите ме доведоа во ловџиската соба, удбашките началници уште пиеја кафе. Ми наредија да седнам на столица спротив нив од другата страна.

- Ќе се напиеш ли едно кафе? – ме праша Анче Гогов.

- Благодарам, сега појадував – одговорив.

- Ако де, и ние појадувавме, пак пиеме кафе.

-Нешто сте многу дарежливи или гостопримливи, вашата хуманост ме плаши – одговорив. – Тоа нема да биде на арно, зашто една стара народна поговорка вели: "Варди се од Ахајците, дури кога тие ти даваат подароци".

- Не се плаши нема во кафето да ставиме отров рече Никола Илиевски – Уште не сме дојдени до отровот. – Потоа тој му нареди на еден од милиционерите да каже во готвалната да ми се направи кафе.

Неколку минути потоа удбашкото кафе беше пред мене, кога Шкатров рече:

- Најпрвин сакаме од тебе да слушнеме зошто во 1951 година избега преку граница.

- Тогаш бев млад, немав полни 22 години, а по причини кои ви се познати на вас јас бев исклучен од сите универзитети и високи школи на Југославија. Имав страсна желба да си го продолжам образованието за кое ми беа одземени сите услови во Југославија. Но искрено да ви кажам избегав и од

вашиот комунистички режим, кој по моето интимно сфаќање е тоталитарен режим, кој не почитува никакви човечки слободи и е длабоко антидемократичен.

Ти како студент на Агрономскиот факултет во Земун на Белградскиот универзитет си бил осуден за кражба на писачка машина од факултетот и како криминалец си исклучен од Универзитетот.

- Барем вие македонските удбаши треба да ја знаете правата вистина и да не верувате во таа лага. Во учебната 1949/1950 година јас поминав шест месеци во затвор под истрага во зградата на УДБА за Србија на Обелиќев венец во Белград, а вие добро знаете дека во истражниот затвор на УДБА не затвораат криминалци, туку луѓе кои се под сомневање за некоја политичка антидржавна или антирежимска дејност. По шестмесечниот истражен затвор во УДБа за Србија на мене ми беше врачено “судско“ решение или пресуда дека сум осудуван на шест месеци затвор значи за времето што сум го издржал во затвор без да бидам изведен пред суд, без да имам било каква одбрана. Значи пресудата ми беше донесена во мое отсуство, само и само да ме искомпромитира како криминалец. Во истата пресуда беше донесено и решение дека губам право на студирање на сите универзитети и високи училишта во Југославија. Писачката машина од факултетот ја открадна еден друг Македонец студент, кој подоцна стана шпион на УДБа. Тоа беше Никола Драмски од

Струмица, а ја украдна божем за пишување на летки, по повод Илинден 1949 година. Летките никогаш не се појавија а машината беше вратена на факултетот. Тоа покажува дека Драмски бил провокатор од УДБа и тогаш. Просто јас бев жртва на режимот т.е. на УДБа за Србија.

Зарем мораше поради тоа да бегаш преку граница? – рече Шкатров – Тогаш времето беше такво, велат нашата земја се наоѓаше под ударите на Инфобирото. Во она време покрај сувото гореше и суровото. Многумина невини граѓани поминаа години а не само шест месеци како тебе на Голи Оток, па кога беа ослободени од затворот станаа лојални и чесни граѓани на својата земја. Некои од нив направија и големи кариери.

- Се сеќаваш ли од кој белградски суд ти било доставена пресудата за украдената писачка машина? – ме праша Никола Илиевски. – Ние баравме во архивите на белградските судови но таква пресуда не најдовме.

- Веројатно таа и не била никаде регистрирана – одговорив јас зашто како што реков јас не бев излезен пред суд. Можеби сум бил пресуден административно од УДБа само да се даде некаква легалност за шесте месеци затвор што ги одлежав невин од УДБа на Србија.

- Таа работа сега не е толку важна – рече Анче Гогов – зашто тепаниот си останува тепан, а ебаниот ебан. Било па поминало! Ти сега си под истрага и ќе одговараш за докажани дела од политички криминал.

- Само во управничкиот речник на Југославија постои изразот “политички криминал“ – одговорив. Во правните системи на демократските земји делата од криминална природа наполно се одделени од делата од политичка природа. Впрочем во држави никој не бива обвинуван и осудувам за дела од политичка природа зашто слободата на говорот, на политичкото убедување и организирање е заштитена со самиот правен систем.

- Сакаш да кажеш дека Југославија е полициска држава а не правна – рече налутено Шкатров – Внимавај што зборуваш зашто ќе станам ќе те згазам како некоја пачарва!

- Вие ме наведовте на овој разговор а јас само ви кажав што мислам по овој правен проблем – одговорив.

- Ти како уште да не знаеш каде и пред кого се наоѓаш! – рече Анче Гогов. Ние луѓето од УДБА на Македонија сме сега твоите иследници и твоите судии, твојот живот стои во наште раце. Од тебе самиот зависи дали ќе си ја сочуваш главата или ќе бидеш нечујно и незнајно закопан во некој дол на оваа планина.

- Ако бидам закопан во планинава како што ми се заканувате, тоа нема да биде првиот случај во македонската историја – реков. Меѓу двете војни ванчомихајловистите во Софија по сред бел ден го киднапираа Симеон Кавракиров, членот на Обласниот комитет на ВМРО (Обединета) и во автомобил го однесоа на Пирин Планина, каде го мачеа и садистички се изживејуваа врз него цели две години, а потоа го убија и го закопаа во незнаен гроб во осоите на Пирин Планина. Со мене македонската историја само ќе се повтори.

- И по цената на твојот живот сакаш да влезеш во македонската историја – рече Никола Илиевски.

- Јас не сакам на тој начин да влезам во македонската историја но вие ако во историјата сакате да останете како братоубијци, тогаш убијте ме, нека ви се исполни таа желба!

- Се гледа дека ја познаваш македонската историја добро, но жално е што секогаш лошо ја толкуваш – рече Шкатров.

- Некој ја лошо толкува, но прашање е кој е тој што лошо толкува – одговорив. Вчера ми кажавте дека презимето ви е Шкатров, тоа презиме ми е познато од македонската историја. Дозволете ми да ви поставам едно прашање!

- Слободно поставете, рече Шкатров но почувствував како беше штрекнат.

- Мишо Шкатров, што вие на вас?

- Чичко, роден брат на татко ми.

- Чудно што од таа позната бугарашка фамилија од Кавадарци излегол таков ревносен удбаш, таен заштитник на Југославија – реков.

- Не јади гомна, чичко ми го отепаа Бугарите во Дирекцијата на обласната полиција во Софија.

- Вистина е дека го отепаа Бугарите, како дупол агент, но се знае дека чичкови Мишо го предаде на бугарската полиција Обласниот комитет на ВМРО (Обединета) кој беше осуден на големиот процес во Софија во 1936 година.

- Ако чичко ми Мишо ѝ направил таа услуга на бугарската полиција немаше да го убие? – одговори Тошо Шкатров.

- Чичко ви бил расипан човек, продаден елемент за пари, станал агент на српското атеше во Софија. Затоа и го отепале Бугарите.

Не видов кога замавна со филџанот што стоеше пред него, само ударот болно го почувствував по главата веднаш зад увото.

Додека трепнав од болката Шкатров беше станал на нозе и ми ја караше мајката “фашистичка“, си правеше пат да излезе и да ме згазне но го задржаа останатите два удбаша Илиевски и Гогов.

Мигот беше мачен и тажен.

- Смирете се и двајцата! – велеше Никола Илиевски. – Семејните работи не ги мешајте со сослушувањето.

- Јас само сакав да ви кажам дека крушката не паѓа далеку од своето стебло – реков. – Сакав да кажам само дека не жалам да умрам од раката на човек од фамилијата Шкатрови.

- Ти пак навредуваш, внимавај зашто ќе станеме сите тројца и ќе те згазиме! - рече Анче Гогов.

Замолкнав. Еден миг молчеа и тројцата удбаши, потоа проговори Илиевски.

- Вчера си добил хартија и хемиски. Сега ќе те вратиме во твојата келија да пишуваш. До вечера бараме од тебе да го опишеш твојот шестомесечен престој во Грција. Ние имаме некакви податоци дека уште во логорот Лаврион си бил мошне политички активен, си се среќавал и соработувал со многу лица од Вардарска и Пиринска Македонија. Знаеме дека во логорот си се дружел со ванчомихајловистите, со кои подоцна политички си се разишол.

Ванчомихајловистите се фалат дека тие ти помогнале да излезеш од Грција, ако тие не биле ќе си скапел по грчките острови. Напиши што има вистина во ова нивно тврдење. Пишувај опширно и детално. Не жали хартија. Напишаниот материјал дај го на милиционерите кого тие ти донесат вечера, ние по вечерата ќе го разгледаме, па утре по појадокот пак ќе се видиме и ако има нешто што си заборавил да напишеш, ние ќе те потсетиме.

- Кога вие знаете се, зошто ме терате да пишувам? – ги прашав удбашите.

- Сакаме во нашата архива да ги имаме и твоите лични кажувања по тие прашања – одговори Никола Илиевски.

Ме вратија во мојата келија, седнав на креветот и почнав да пишувам на колена. Немав зошто да не пишував, бидејќи решив да ја пишувам вистината, нека остане некаква трага од неа барем во полициските архиви – си реков. Пишувањето одеше мачно на колената, и некој од удбашките иследници, љубопитен да види дали ќе започнам со пишувањето, тоа го видел однадвор од прозорецот, па по еден милиционер донесе во келијата една мала масичка, која од тој ден ми служеше и за пишување и за јадење.

Напишав 10 или 12 страници А-4 формат. За моите читатели тука ќе се обидам да дадам едно концизно резиме на тој текст.

Судбината на Македонија и македонското национално револуционерно дело ме интересирало уште од моите ученички денови. Македонските револуционери со своите бесмртни подвизи и дело најмногу ме одушвувале во животот; а историјата на македонското револуционерно движење била моето најмило четиво. Пред моето бегство преку границата јас си имав изградено мое сопствено гледање на македонското национално прашање и посебно на македонската ослободителна борба. Јас на тврдењето на властодршците во македонската република дека македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија бил ослободен во рамките на втората Титова Југославија гледав како на лага. Националното признавање на еден народ не значи и негово национално ослободување.

Во Грција стигнав како наполно изградена политичка личност. Бегајќи во Грција јас знаев што ме очекува мене таму како македонец доколку јас отворено го кажам пред Грците она што го мислам по македонското прашање, затоа бев решил да не се експонирам, да гледам што побргу да излезам од оваа за Македонците непријателска земја. Грција требаше само да ми послужи како отскочна штица за некоја прекуокеанска земја или за западноевропска земја, каде меѓу другото, ќе се ползувам од демократските слободи за работа и на македонското национално и револуционерно дело. Но како емигрант во Грција, моето македонско национално чувство и достоинство беше навредено до таа мера што повеќе не можев да

се воздржам, револтот што доаѓаше од згазената национална чест се претвори во силна национална енергија и во страстната волја за револуционерна македонска национална дејност. Во логорот во Лаврион ако некој Македонец имаше смелост да се каже Македонец грчките полицајци му велеа “Македоникос“, ти ската иње автос?!“ “Македонец, што е тоа гомно?!“ и го претепуваа, го одведуваа во затворот на грчката политичка полиција “Кендро“ таму ѕверски го мачеа, потоа го испраќаа во заточение на некој пустински остров. Во логорот имаше и големо српска монархистичка четничка организација кој еднакво како Грците беше антимакедонски расположена, Македонците ги клеветеше пред грчката полиција како комунистички шпиони. Многумина македонски селани кои тогаш ги имаше неколку стотини во логорот, бидејќи масовно беа избегале од насилната кеолективизација во Југославија, беа присилени од четниците да членуваат во четничката организација. Трета антимакедонска политичка сила во логорот претставуваа приврзаници на десничарската ВМРО на Ванчо Михајлов. Ванчомихајловистичката група броеше дваесетина добро организирани членови од Пиринска и Вардарска Македонија, чија идејна јатка ја сочинуваа неколкумина интелектуалци од Пиринска македонија, меѓу кои најавнителни беа Борислав Иванов, кој подоцна емигрира во САД и стана редактор на весникот “Македонска Трибуна“ и Христо Лагадинов, капетан од бившата царска бугарска армија. Ванчомихајловистичката група работела за

американското воено разузнавање. Вооружена од Американците групата била испраќана илегално преку границите на Бугарија и Југославија да собира податоци од воена и политичка природа. Овие платени американски шпиони внатре на теренот на Пиринска и Вардарска Македонија развивале и ванчовистичка пропаганда за “Автономна Македонија“, но не знам по кои причини, групата беше откажала повеќе да на оди на терен во Бугарија и Југославија, па затоа беше доведена во емигрантскиот логор. Меѓутоа, групата продолжуваше да има заштита од Американците. Иако поимот “Автономна Македонија“ Грците ги доведуваа до беснило од злоба, тие ја толерираа оваа група по старото правило дека пријателот на мојот пријател е и мој пријател. Ванчовистите американски пријатели од грците беа толерирани како грчки пријатели. На мене ми беше многу чудно како Грците и дозволуваа на ванчовистичката група слободно во логорот да ја шират својата автонимистичка пропаганда. Во тоа време не можев да го разберам овој парадокс. Но подоцна разбрав во што се состоела грчката толеранција на ванчомихајловистите. Ванчомихајловистите го негираа постоењето на македонската нација, што се совпаѓаше наполно со грчкото негирање на постоењето на македонската нација. За грците многу поопасна е македонската национална идеја отколку софистицираната демагошка парола за автономна Македонија, во која нема да има македонска нација, туку ќе има “Македонски Бугари“ и припадници на други народности. Ванчовистите сакале да признаат или не,

го виделе тоа или не, тие беа сојузници на грчките мегаломани против животните национални интереси на македонскиот народ. Ванчомихајловистите преку поштата на американската воеоразузнувачка служба редовно го добиваа ванчомихајловистичкиот весник "Македонска Трибуна" од САД; ги имаа добиено и ги даваа на читање книгите на Ванчо Михајлов: "Македонија Швајцарија на Балканите", "Сталин и македонското прашање", "По трнливиот пат на македонското револуционерно дело", "Како пишуваа нашите преродбеници и револуционери" и други.

Читањето на "Македонска Трибуна" и на книгите на Ванчо Михајлов, во кои се негира секакво постоење на македонската нација и се застапува тезата дека македонците се Бугари, ги доведе во полн ќор-сокак Македонците емигранти од вардарскиот дел а Македонија од кои, некои имаа издржано по неколку години затвор, како "ванчомихајловисти" без да знаат дека тој ист Ванчо Михајлов се смета се беси за Бугарин а не за Македонец. Некои од овие млади Македонци уште во логорот бе разочарани од својот идол Ванчо Михајлов, другите од нив почнаа да ги прифаќаат неговото становниште за историската и етничка вистина. За оваа конфузна ситуација на помош ми дојдоа моите знаења од македонската историја и посебно етногенезата на македонската нација која со особен интерес ја имав проучувано. Тврдењата на Ванчо Михајлов дека Македонците биле Бугари аргументирано почнав да ги оспорувам и разобличувам како стара бугарска лага и фалсификат,

а ролјата на Ванчо Михајлов во македонското револуционерно дело ја објаснував како ролја на современ бугаромански врховист, како наемник на бугарската национална кауза и големодржавничка санстефанска идеја. Со ваквата моја национална “апостолска“ дејност брзо меѓу Македонците во логорот си стекнав авторитет на учен и чесен Македонец. Младинците и од Вардарска и од Пиринска Македонија со радост се дружеа со мене. Моето влијание меѓу Македонците во логорот го забележија и луѓето од ванчвистичката група, па се обидоа да ме разубедат од моето становиште по македонското прашање, и да ме придобијат за нивното. Со мене само зборуваа Борислав Иванов и Христо Лагадинов, но се заврши во мат позиција, ниту тие ме разубедија мене дека не сум Македонец ниту јас нив ги разубедив дека тие не се ‘“македонски Бугари“. Но тие се покажаа толерантни, не презедоа никаква кампања против мене, само велеа дека уште стојам во заблудата по националното прашање што ја создале скопските “србокомунисти“, и тие скоро беа убедени дека кога излезам на слобода во некоја западна земја и кога ќе ја проучам вистинската историја на Македонија, самиот ќе си го изменам своето становиште по националното прашање, ќе согледам дека македонската нација била исмислена од Србите.

Моето дејствување како македонски национален деец не можеше да не биде забележано од луѓето на српската четничка организација кои

побрзаа да ме пријават на грчката полиција како опасен македонски агитатор. Еден ден од логорот логорската полиција ме зеде и КЕНДРОТО (политичка полиција). Ме сослушуваше еден постар грчки цивилен полицаец, можеби имаше 60 години, зборуваше литературен бугарски јазик. Од мене бараше да признаам дека сум агитирал меѓу емигрантите од Вардарска и Пиринска Македонија за некаква посебна македонска националност и за тоа дека распарчените делови од Македонија требале да бидат ослободени и обединети во независна македонска држава. Знаев дека пред грчката полиција едно признавање претставува куршум в чело, па затоа се одлучно ги негирав обвинувањата. За да кажам нешто пред полицијата, реков дека јас по македонското прашање сум дискутирал само на темата Бугари ли се македонците во Вардарска Македонија. Им докажував дека ние не сме Бугари туку Јужни словени "Јужни Срби". Грчкиот полицаец изгледа ме прочита па ми рече: "Што си како лисица, но ние Грците сме поитри и од лисицата". Внимавај што правиш, зашто ќе скапеш во изгнание на некој самотен остров. Преноќував една ноќ во келија, утредента изутрина ме пуштија. Другарите радосно ме пресретнаа, и со трепет слушаа што ми се случило.

Во месец септември 1951 година на една осамена плажа се собравме дваесетина студенти и ученици од Вардарска и Пиринска Македонија на тајна конференција. Главната точка или тема на конференцијата беше македонското прашање пред

светската јавност и среде македонската емиграција да се постави македонска национална основа. Тука се зеде решение и обврска присутните на таа конференција кога излезат од Грција меѓусебно да се поврзат за да можат да создадат организација која ќе се бори за меѓународно признавање на македонската нација и за обединување на нејзините распарчени делови во независна македонска држава. Во грчкиот логор Лаврион се роди првата идеја за создавање на македонска национална организација која ќе го земе македонското прашање од рацете на лажните Македонци ванчомихајловистите. Исто така на конференцијата крај морето на Лаврион беше донесена и првата идеја за издавање весник на македонски јазик, кој ќе ја шири вистината за националната индивидуалност на македонскиот народ. Од студентите и учениците кои учествуваа на таа конференција ги спомнав Никола Фиданчев, Кицев од Струмичко, Коста Вртев од Струмичко, Никола Михајлов од с. Босилово, Струмичко, Мане од град Струмица, Александар Бачев од Велес, Тодор Кереместевски од Ресен, Славе Цветановски од с. Драчево, Скопско, Коста Попов од Светиврачко, пиринска македонија и други. Бидејќи на крајот на истата година скоро сите емигриравме на Запад, ние во следните две-три години воспоставиме врски и се договоривме како да го оствариме во живот решението земено на конференцијата на плажата крај Лаврион.

Во Октомври месец требаше да заминам за Нова Зеландија. Бев примен од новозеландската комисија за емиграција, сите прегледи и сослушувања ги бев поминал и имав добиено службено соопштение дека на таа и таа дата ќе заминам. Меѓутоа, наутрото, кога дојде автобусот во логорот да ја земе групата за да ја одвезе до пристаништето Пиреја, моето име не го прочитаа. Групата замина, јас останав тажен во логорот. Утредента појдов во Атина во ИРО (Меѓународна организација за бегалци) и разговарав со шефот на Организацијата на Обединетите Нации за бегалци за секторот Грција госпоѓа Рут. Таа ми кажа дека лично е запозната со мојот случај и таа многу сожалува што не сум заминал за Нова Зеландија. Грчката полиција одбила да ми даде емигрантски пасош за тоа што сум бил македонски агитатор. Госпоѓа Рут вложила официјален протест до грчката влада, барала да ми се даде пасош. Таа ми рече дека се надева и искрено очекува грчката полиција да ми издаде пасош, па да можам да емигрирам во некоја друга земја. За нова Зеландија отпатувала последната група емигранти и од таа земја треба да се опростам. Ми рече дека наскоро ќе заминеле неколку поголеми емигрантски групи за Бразилија, па ако сум согласен да емигрирам во таа земја, таа ќе ме приклучи во една од тие групи. Одговорив: “Само да излезам од оваа проколната Грција, па не во Бразилија, туку нека биде и во Патагонија“. Госпоѓа Рут се насмеа и ме праша дали знам каде е Патагонија. Реков дека не знам. “Немаш да бидеш далеку од Патагонија, зашто

Патагонија е една провинција од Аргентина“ рече госпоѓа Рут.

Кога се вратив во логорот за разговорот со госпоѓа Рут раскажав и на Борислав Иванов. Тој ми вети дека утредента ќе замине за Атина и дека пред неговите американски пријатели ќе се завземе да исдејствуваат од Грците пасош за мене. Борислав Иванов утредента навистина замина за Атина, и кога се врати ми кажа дека Американците му ветиле дека ќе се завземат пред Грците да ми се издаде пасош. Кон крајот на ноември 1951година, јас со една голема група од 600 емигранти заминав за Бразилија, но никогаш не разбрав емигрантскиот грчки пасош на чија интервенција ми бил издаден: интервенцијата од претставникот на ОН госпоѓа Рут или пак на Американската разузнувачка служба. Подоцна во емиграцијата на Запад слушав како ванчомихајловистите се фалеле како тие ме спасиле, ако тие не биле јас никогаш не сум можел да излезам од Грција. Постои можност дека интервенција имало и од двете страни.

Со перипетијата околу мојот грчки емигрантски пасош го завршив мојот прв писмен состав за СДБ и за вечерата го предадов.

Утредента по појадокот милиционерите пак ме одведоа во “ловџиската соба“ на сослушување. На истите места како на вчерашниот ден седеа крај масата тројцата удбашки началници. Ова утро кафе не

ми понудија. Мојот ракопис што го пишував претходниот ден стоеше пред Тошо Шкатров.

- Го прегледавме материјалот што си го напишал вчера и од него можевме да заклучиме дека македонската националсепаристичка идеја се зародила за првпат во главите на македонските емигранти во грчкиот логор Лаврион и дека таа идеја после само се дооформирала и созревала преку разните македонски емигрантски националистички организации какви што беа или се Македонскиот национален комитет, Ослободителниот комитет на Македонија и Движењето за ослободување и обединување на Македонија. Од материјалот што го добивме од тебе исто така можевме да заклучиме дека од самата појава на нацоналсепаристичката идеологија на македонската емиграција Драган Богдановски бил човекот што ја оформувал таа идеологија, бил двигател и предводник на македонскиот национален сепаратизам.

- Не е вистина дека македонскиот национален и државен сепаратизам како идеологија се оформил дури во 1951 година во логорот Лаврион – одговорив јас, - Вие изгледа воопшто не ја познавате македонската историја. Уште Мисирков во својата книга за “Македонцките работи“ даде теоретска основа на македонскиот национален сепаратизам а Македонскиот политички или државен сепаратизам започна во 1893 година со создавањето на ТМОРО. Вие и јас зборуваме еден ист македонски јазик, но не

се разбираме. Во вашиот југословенски политички речник зборот “национализам“ има негативно значење, тој е синоним за хегомонизам и за империјализам. Во мојот политички речник зборот национализам има позитивно значење, тој е синоним за национална преродба на еден поробен или обесправен народ, тој е синоним за национално ослободителна борба на еден поробен народ. Според моето длабоко убедување вашето толкување на зборот “национализам“ никако не одговара на денешната македонска стварност, зашто Македонците се поробена нација а не нација која поробува или се стреми да поробува други нации. Според тоа не постои македонски национализам, не постојат македонски националисти, постојат само борци за правата и слободата на македонската нација. Македонскиот национализам го имаат измислено југословенските удбаши за да ја оневозможуваат вистинската природна манифестација на македонската нација – да ја кочат и спречуваат борбата на македонскиот народ за неговото ослободување и обединување.

- Македонскиот национализам е против братството и единството на народите и народностите на Југославија па затоа дејноста на македонските националисти се казнува по Законот – рече Анчо Гогов.

- Македонскиот народ во текот на Народноослободителната борба со оружје во рака се самоопредели да живее во братската заедница со

другите народи и народности на Југославија – рече Никола Илиевски, - Секој оној Македонец кој ќе се обиди да го оддели македонскиот народ од другите народи на Југославија, безмилосно ќе биде уништен од македонскиот народ. Зашто ако македонскиот народ нешто постигнал во текот на својата историја, тогаш тоа го постигнал во оваа наша Титова Југославија. Твоите сепаратистички и националистички теории Драгане можат да палат само кај откочени од умот емигранти, но не и кај народот во нашата република.

- Тогаш не знам зошто се плашите толку од таканаречениот македонски национализам и сепаратизам? – реков јас. Ако таа идеја е мртва зошто се плашите од нас? Или и вие сте ми некои јунаци од народната приказна кои на мртвото куче му ваделе нож да го колат.

Иако зборував навредувачки за удбашите, тие ме пуштаа да зборувам, не ме прекинуваа.

- Самото македонство е поим или синоним сепаратизам – продолжив јас, - Сепаратизам национален и политички (државен). Мислам дека знаете дека зборот “сепаратизам“ значи издвојување или одделување. Македонскиот народ за да ја покаже својата национална индивидуалност тој мораше да се издвои, да се оддели од соседните народи. Тоа е неговиот национален сепаратизам и тој национален сепаратизам трае и денеска зашто Македонците се

принудени да докажуваат дека тие не се Грци, Срби, Бугари или Албанци. Научно-теоретска основа на македонскиот национализам даде Крсте Мисирков уште во 1903 година во неговата книга за “Македонцките работи“. За мене Крсте Мисирков е најголемиот толкувач на македонската национална мисла, што по вашата удбашка логика би требало да го наречете македонски националист. Ако Крсте Мисирков денеска беше жив, можеби тој како поголем македонски националист ќе седеше денеска пред вас на моето место за сослушување.

- Ова нека ти биде последен пат што си го кажал изразот “удбашка логика“! – налутено ми подвикна Шкатров. – Што сме ние удбашите глупи и тапи полицајци, тоа ли сакаш да кажеш? Ние сме совеста на оваа нација и држава, ние сме нејзиниот ум ако сакаш да знаеш.

- Не мислев да ги доведам во прашање вашите лични капацитети, само сакав да укажам на вашиот начин на мислење – одговорив. Вие сигурно имате учено логика во гимназијата, па знаете дека за едно исто прашање може да се мисли на повеќе начини. Јас сакав да кажам дека моето мислеше по македонското прашање не се слага со вашето.

- Ти благодариме тоа што ни го кажа – рече Никола Илиевски. Зарем требаше тоа да ни го кажеш? Ако не беше то твое грешно мислење денеска ти немаше да тука да се наоѓаш.

- Когито ерго сум! Мислам, значи постојам! – вели францускиот филозоф рационалист Декар. Јас мислам на мој начин, затоа и во политиката постојам како Драган Богдановски. И Драган Богдановски сакам да останам, не сакам со никој од вас или со било кој друг да се заменам.

- Заеби филозофирање, не се наоѓаш на Сорбона! – рече Анче Гогов. Твоето разбирање на поимите национализам и сепаратизам ти ќе им го објасниш на судот, ако ние, како што ти веќе кажавме еднаш, ти дадеме шанса да излезеш на суд. Твојата судбина е во наши раце, ние одлучуваме за твојот живот и за твојата смрт. Затоа биди посериозен со нас. Ние се оддалечивме односно ти со твоето филозофирање не одвлече од предметот на разговорот. Идејата која се зародила во вашите глави во логорот Лаврион да се создаде во емиграција македонска национална организација кога почнавте да ја реализирате, и на кое место, мислам во која земја?

- Идејата практично почнавме да ја реализираме во 1956 година во Франција, поточно во Париз. – одговорив.

- Како почнавте да ја реализирате? – праша Никола Илиевски.

- Во Париз тогаш имаше околу триесетина души македонски студенти, емигранти од трите дела на Македонија. Од Вардарска Македонија поактивни

бевме јас, Стеван Ѓавочанов од Богданци, Томе Настев од Струмица, Сребре Давидовски од Маврово, од Пиринска Македонија Иван Јанев, Богомил Шопов, Владимир Димитров и Панде Милев, од Егејска Македонија мошне активни беа братот и сестрата Поптрифунови, од селото Вишени, Костурско. Ова македонска младина беше загрижена што македонската емиграција сеуште не е организирана под свое македонско знаме, што е оставен слободен простор на бугарските ванчомихајловистите да шпекулираат со македонското прашање во полза на бугарскиот национализам. На другарските собранија и состаноци што ги имавме се укажуваше на потребата од создавање на една македонска национална организација, се даваа предлози како таа да се вика, каков да биде нејзиниот статут и нејзината политичка платформа. Во месецот март 1956 година во ресторантот на Никола Поптрифунов, во близината на Градскиот хотел, се одржа основачката конференција на новата македонска организација која беше наречена Македонски Национален Фронт. По Францускиот закон за странците бевме должни организацијата да ја пријавиме на француските власти и од нив да добиеме одобрување за работа. Без одобрување од полицијата организацијата се сметаше како нелегална и нејзините членови кривично се прогонуваа. За пријавувањето на организацијата требаше да се исполни специјален формулар што го добивме од полицијата и кон него да се приложи уставот и програмата на организацијата. За таа цел една комисија од пет члена состави устав и политичка

платформа која беше усвоена од членството на организацијата и кои беа приклучени кон формуларот (молбата) до полицијата. Истовремено во една печатница која печатеше и со кирилски букви го дадовме првиот број од списанието “Македонска мисла“ да се печати како орган на Македонскиот национален фронт. Меѓутоа, француската полиција верна на старата француска политика, не покажа никакво разбирање за македонската национална кауза, туку на студентите Македонци во Париз им се закани “ако ни си го гледаат само учењето“ дека ќе направи да им се одземе француската државна стипендија тие што ја имаа како емигранти. Бидејќи организацијата Македонскиот национален фронт не доби одобрување од француската полиција, списанието “Македонска мисла“ остана неподигнато отпечатено од печатницата. Дваесетина примероци од ова списание јас подигнав од печатницата и ги раздадов на пријателите. Но идејата која што француската полиција ја загуши во Париз, две години подоцна готово истите луѓе, ја оствaривме на друг крај на Европа, во Скандинавија. Тогаш ја создадовме организацијата Македонски национален комитет.

- Каква функција имаше ти во Македонскиот национален фронт? – ме праша Анче Гогов.

- Бев секретар на Организацијата – одговорив.

- А кој беше претседател? – пак праша Анче Гогов.

- Иван Јанев, од Пиринска Македонија, сега лекар во Швајцарија одговорив.

- А во Македонскиот национален комитет каква функција имаше – праша пак Гогов.

- Истата, секретар на Организацијата одговорив.

- Треба да одиме по хронолошки ред – рече Никола Илиевски – Ти Драгане прескокна големи периоди од твојот емигрантски живот, а ние тој живот сакаме да го имаме на мапа пред нас во детали. Од Грција ти замина за Бразилија. Избегнуваш да ни кажеш што си работел во Бразилија. Колку време беше таму.

- Три години.

- Ете гледаш за тие три години ти денеска по пладне до вечерата ќе ни го опишеш твојот живот во Бразилија, детално како што ни го опиша твојот живот во Грција.

- Ти имаш попуштено да напишеш нешто и за еден важен детал од твојата политичка дејност во 1951 година – ми рече Тошо Шкатров. Ние имаме слушано од други за твојата средба со Асен Аврамов, секретар на Ванчо Михајлов. Како дошла до таа средба и за што станувало збор?

Од Грција за Бразилија патувавме со брод во две етапи. Прво со грчки брод до Ѓенова, Италија, а потоа со италијански брод за прекуокеанска пловидба “Кампана“. Во Ѓенова за прекуокеанскиот брод чекавме три дена. Бевме сместени во хотел-пансион. Со нашата група имаше неколкумина од ванчомихајловистичката група од логорот во Лаврион кои работеле за американската воена разузнувачка служба и тие по пристигнувањето на бродот во Ѓенова веднаш му телефонирале на Асен Аврамов, а можеби и на Ванчо Михајлов. Во Ѓенова веднаш дошол Асен Аврамов да се види со своите сподвижници. Тој во нивна чест организирал вечера во еден хотел на која освен сподвижниците  беа поканети уште дваесетина повидни Македонци од групата. Меѓу поканетите бев и јас. Во хотелот имаше резервирано специјална сала само за нас, така пред вечерата Асен Аврамов ни одржа говор. Зборуваше како Ванчо Михајлов ја раководел вистинската македонска ослободителна борба за слободна и обединета Македонија, како бил достоен продолжувач на делото на Гоце Делчев и Тодор Александров, неговата историска улога сега станала значителна зашто тој е авторитетот на борец за македонската слобода и ги разобличувал лагите на србокомунистите од Скопје за постоењето на некаква посебна македонска нација. Ванчо Михајлов напишал повеќе книги во кои докажал дека Македонците со векови биле Бугари. Особено во тој поглед била авторитетна неговата книшка “Сталин и македонското прашање“. Истоимената книшка и некои други книги на Ванчо Михајлов на присутните на вечерата беа

разделени од Асен Аврамов. Кога Асен Аврамов заврши со својот говор, збор побарав јас, и отприлика го кажав следното: “Секоја му чест на Ванчо Михајлов што се бори за обединување на Македонија, за создавање на македонска држава, но како Македонец јас никогаш не можам да бидам согласен со неговата бугароманска теза дека Македонците биле Бугари. Тие никогаш не биле Бугари, не се нема то да бидат. Неговата брошура “Сталин и македонското прашање“ е претенциозно напишана, во неа лажно е прикажана историјата и етнографијата на Македонија, а антикомунистичката хистерија која во ова време постои на запад, осмислено се користи против македонското национално постоење. Ванчо Михајлов со својата бугароманска национална идеологија ја скинал последната врска што постоела меѓу него и неговиот македонски народ. Ако тој денеска се појави во Македонија со својата бугароманска национална идеологија и малите деца ќе маваат по него со камења. Времето го прегазило Ванчо Михајлов, тркалото на македонската историја отишло напред, Ванчо тоа тркало не може да го врати назад.

Настана молк во салата. Од охрабрувачките погледи што се насочуваа кон мене од многумина од присутните, срцето почна немирно да ми бие во градите. Асен Аврамов беше принуден да ми одговори. - “Момче ти си жртва на пропагандата на родоостапникот Лазар Колишевски. Си читал многу од измамничката литература на таа србокомунистичка банда, но сега се наоѓаш во слободен свет, па имаш

прилика да ја проучиш вистината за твоето национално потекло, за твојата бугарска нација. Прочитај ги убаво книгите на Ванчо Михајлов, во нив ќе ја најдеш вистината за Македонија и Македонците“.

“Моето македонство е вродено, тоа е крвно наследство од татко и мајка, немам потреба од литературна потрага по моето национално потекло“ – одговорив.

Кога се разделувавме на тротоарот пред хотелот Асен Аврамов ми пријде и ме праша колку години имам? Му одговорив дека имам 22 години. “Ме чудиш – рече Асен Аврамов – како ти со твоите 22 години имаш такви научни и теоретски познавања за нацијата. Морало да има некој посебен фактор што те туркал кон постојната литература за нацијата?“. “Тој фактор беше само мојата љубов кон македонската нација кој сеуште е негирана и поробувана“ – беше мојот одговор. Но Асен Аврамов не поверувал на мојот одговор, туку само што пристигнав во Бразилија, од него стигна писмо од 16 на машина начукани страници, адресирани до ванчовистите Коста Хаџи Мишев, Методија Калкашлиев и Топчев, во кој се обидува да им докаже дека македонска нација не постои, дека е исмислена од србокомунистите. Во тоа свое писмо Асен Аврамов зборува како му се згадило од средбата што ја имаше со мене во Ѓенова и им препорачува да не ме примат мене во нивната ванчомихајловистичка организација МПО, зашто јас најверојатно сум агент на УДБА, специјално школуван за таа цел, зошто како сум

можел јас на моите 22 години да знам работи од теоријата за нацијата кои се познати само на учени социолози и политолози. Писмото од Асен Аврамов дојде до рацете на мојот пријател Никола Фиданчев и тој ми го даде да го прочитам. Благодарение на тоа писмо веќе знаев што мислат ванчомихајловистите за мене, затоа избегнував секаков контакт со нив, но секогаш работев против нивната предавничка национална политика.

- Ова што ни го кажа сега за Асен Аврамов ќе биде добро да ни го напишеш и тоа што подетално – рече Никола Илиевски. – Напиши го тоа пред да почнеш да пишуваш за твојот престој во Бразилија!

- Мислам дека нема што да се пишува за тоа нешто – реков ќе биде излишно да пишувам, зашто ништо ново нема да ви кажам.

- Напиши го тоа што ни го кажа нам – рече Анче Гогов – Сакаме да имаме во нашата архива напишано со твоја рака. Кој знае некој ден некој македонски историчар, правник или политилог, ќе докторира врз твоите ракописи, како што сега докторираат врз ракописите на Мисирков, Димитар Чуповски или Ѓорѓи Пулевски.

- Тој иден докторант сигурно ќе биде некој удбаш, зошто освен удбашите кој друг може да има пристап на удбината архива? Реков.

- Зошто да не биде и удбаш? – рече Никола Илиевски. – Ние сега во Скопје имаме факултет за државна безбедност, некои од завршените студенти на овој факултет веќе докторираа.

- Блажена си Југославијо со твоите докторирани удбаши! – реков саркастично.

- Водете го долу во келија! – викна силно Шкатров и милиционерите кои седеа некаде го слушнаа и влегоа во “ловџиската соба“.

- Така не заборави, довечера да го напишеш материјалот за средбата со Асен Аврамов и за престојот во Бразилија.

Милиционерите ме одведоа во мојата келија.

По ручекот почнав да пишувам. За средбата со Асен Аврамов напишав две или три страници. За мојот тригодишен престој во Бразилија напишав 5 или 6 страници. Податоците што се однесуваа на мојот личен живот, работите што ги работев во Бразилија и луѓето кои ми беа блиски. Бидејќи во тие три години освен моето војување со ванчомихајловистичка бугароманска пропаганда не се занимавав со друга македонска политика, немаше и што сега да им пишувам на удбашите.

Утредента во “ловџиската соба“ на катот ги затеков само двајцата иследници: Гогов и Илиевски, Шкатров си беше заминал за Скопје.

- Од твоето пишување за твојот престој во Бразилија – рече Анче Гогов – се добива впечаток дека тие три години си ги поминал во политичка неактивност, што не е карактеристично за еден Драган Богдановски, водата спие но Драган Богдановски не спие.

- Во тие три години јас немав материјална основа за некаква организирана политичка дејност – одговорив. – Секоја нова политичка работа започнува со печатна пропаганда кој кошта скапи пари, а во Бразилија како физички работник, се борев со глад и друга мизерија. Дури во втората и третата година материјално ми тргна подобро и можев да уштедам за мојот повраток во Европа. Но и во трите години во Бразилија, јас не бев национално индиферентен, јас воспоставував врски и се допишував со многу другари од Австралија, Америка, Канада и Западна Европа.

- Не си го опишал твоето доаѓање од Бразилија во Франција – рече Никола Илиевски – Кои биле твоите мотиви за доаѓање во Франција. Ние знаеме дека од Бразилија во Франција имаш дојдено нелегално, како слеп патник на брод. Да се патува како слеп патник преку океан е голема авантура, нели?

- За мене не беше тоа авантура, туку животна нужност – одговорив. Морав да патувам како слеп патник затоа што немав пасош. При моето заминување за Бразилија јас со бразилската влада имав склучено договор дека во Бразилија ќе останам најмалку пет години. Грчкиот емигрантски пасош со кој дојдов во Бразилија ми важеше само една година, а Бразилјанците не ми даваа нивен пасош додека не измине контрактот од пет години. Затоа морав да патувам како слеп патник.

- Како се вовлече во бродот – ме праша Илиевски.

- Многу лесно. Во пристаништето Рио де Жанејро големите прекуокеански бродови ги посетува љубопитна публика од градот. За посетата мислам се наплатуваше 20 крузероси, тоа е еден американски долар. Така и јас платив 20 крузероси за посета на бродот, но кога преку микрофонот ги повикуваа посетителите да го напуштат бродот зашто по еден час бродот ќе тргне, јас не го напуштив бродот, си останав со патниците. Бев откриен после 8 дена, кога бродот се доближуваше до шпанскиот остров Канарија, не далеку од брегот на Мароко.

- Како те открија – праша Анче Гогов.

- На ручек за јадењето. На бродот петпати се даваше јадење во ресторантот. На утро во 6 часот, пото во 9 часот, во 12 часот (ручек), во 16 часот ужина

и вечера во 19 часот. Во 6 часот наутро повеќето од патниците спијат, не стануваат за појадок, тогаш во салата седнува кој каде сака, никој не води сметка за некого. Исто беше случајот и со ужината во 16 часот. Јас ја користев приликата и се хранев во ресторантот како секој патник безгрижно. Но еднаш решив да јадам и на ручек во 12 часот, а не сум знаел дека секој патник на својот патен билет го имал и бројот на столицата на која треба да седи во ресторантот. Седнав на столица но келнерот ме примети дека тоа не е моето место и ми го побара патниот билет. Бидејќи тоа нешто и другпат им се случувало, не можев да го излажам дека билетот ми останал во кабината. Ме пријавија на бродската полиција и ме одведоа на сослушување кај комесарот на бродот. Му објаснив зошто немам пасош и бидејќи имав пари му понудив патот да си го платам. Сега е доцна за тоа, ми рече комесарот, - кога стигнеме во Франција ти ќе одговараш пред суд за илегално влегување во Франција. Кога стигнавме во Бордо, ме чекаше француската полиција и ме однесе во затвор. Утредента по брза постапка бев осуден месец дена в затвор за илегално влегување во Франција и за неплаќање билет во бродот. По излегувањето од затворот бидејќи имав доволно пари, од Бразилија донесов со мене 20.000 американски долари, веднаш се упатив за Париз, каде побарав политички азил во Франција и го добив само за две недели.

- До вечера да го опишеш твојот мотив за доаѓање во Франција, твојата авантура на слеп патник,

а потоа пишувај за твојот живот и твојата дејност во Франција – рече Илиевски – Знаеме дека за твојот француски период имаш цели романи за пишување.

- Значи си најдовте буфон, дворска будала и глуп Август што ќе ве забавува вас удбашите? – прашав. Вас ве интересираат повеќе моите авантури отколку вистината за мојата политичка дејност?

- Кој може да ја раздели твојата политика од твојата авантура? – рече Анче Гогов. Твојата сета политика е авантуристичка политика, многу опасна за овој народ и оваа држава, затоа ние им придаваме важност и на твоите авантури и кога тие на прв поглед немаат ништо општо со политика.

По ручекот во мојата келија пак почнав да пишувам. Пишувањето сега ми стана навика, имав чувство дека вршам некоја задолжителна работа, но таа работа ми ги апсорбира мислите, ми го јаде времето. Како некој ученик што добива од учителот домашна задача сега јас секој ден добивам задача од моите удбашки иследници и за исполнувањето на таа задача трошам четири или пет часа од моето робијашко време. Два листа наполнив со текст за мојата прекуокеанска авантура ко слеп патник на францускиот брод “Клод Берар“ од компанијата “Пасажер маритим“. Им ги напишав на удбашите и мотивите за моето доаѓање во Франција. Тие беа два: прво да студирам во Франција и второ да бидам поблиску до Татковината и да сторам нешто за

организирањето на една нова македонска национална револуционерна организација или движење, врз Илинденскиот идеал на македонскиот народ и под знамето на македонската национална индивидуалност. За мојата политичка дејност во писмениот текст го повторив она што пред пладнето им раскажав на иследниците. Но утредента пред пладнето кога се најдов пак пред нив на сослушување во “ловџиската соба“ двајцата удбашки началници останаа незадоволни од она што сум го напишал за мојата политичка дејност во Франција. Тие наоѓаа дека сум бил површен дека многу работи немарно сум избегнал да ги напишам.

- Кои се тие работи? – прашав.

- Како студент во Парис ти живееше на богата нога небаре беше син на некој петролски магнат од Иран или од Соединетите арапски емирати. Тоа ни го кажуваа нашите луѓе кои за тоа време престојуваа со државна стипендија во Париз, како со историчарите од Институтот за национална историја и други научни работници. Тие ни кажуваа дека си бил со пари, не си мислел кога си ги трошел. Откаде ти беа тие пари, која служба ти ги даваше, француската разузнувачка служба или ЦИА.

- Со стипендиите кои им ги дававте на научните работници од Македонија не ме чуди дека сум им изгледал богат како син на некој петролејски магнат – одговорив. – Но јас во Франција од Бразилија дојдов

со 20.000 американски долари, а освен тоа како емигрант добив француска стипендија за емигранти и плус стипендија од Американската фондација Колеж Слободна Европа.

- Тука те чекавме, тоа да ни го кажеш – рече Анче Гогов – Никој не дава стипендија за црните очи на некого, па и Французите и Американците не ти ја дале стипендијата без да се ангажираш да работиш за некоја нивна служба. Ти си станал француски и американски шпион, затоа ти дале нивна стипендија.

- Ми изгледа дека кај вас во Југославија воопшто не е позната човечката особина хуманизам или човештина реков – Затоа така резонирате со вашите полициски мозоци. Но на Запад постои човештина или хуманизам, постојат многу хуманитарни организации кои социјално ги помагаат луѓето кои имаат потреба од тоа без да ги прашат за нивните политички убедувања. Во времето кога јас студирав Запад од хуманитарни причини им даваше стипендии на студентите избегани од комунистичките земји. Ни Американците ни Французите давајќи ми стипендија од чисто милосрдие, од благородната побуда, не се барале од мене да бидам нивен шпион.

- Го знаеме ние тоа француско и американско милосрдие, ја знаеме нивната благородност, тоа нивната стара тактика преку милосрдието и благородноста да си регрутираат шпиони – рече Никола Илиевски.

- Пичка ти твоја мајчина шпионска! – ми окара Анче Гогов – што мислиш ние уште цуцла цицаме, ние знаеме американскиот Колеж Слободна Европа на кого даваше стипендија? Секој студент емигрант не можеше да добие стипендија од тој Колеж, тој требаше да биде фанатичен антикомунист и уште во време на студиите да работи нешто за ЦИА. Кој беше преставник за Европа на тој колеж, службеникот на ЦИА Мец, нели? Си се сретнувал со него?

- Повеќе пати – одговорив. – Тој ми ја одобри стипендијата, тој ми помогна да добијам место во студентскиот град во Париз, но никогаш тој мене не ме врбувал да работам за ЦИА или некоја друга американска разузнувачка служба.

- Престани да не лажеш пичка ти мајчина твоја! Викна Гогов. Време е да прозбориш, доста си играме жмурка со тебе! За тебе е поубаво да признаеш се убаво, инаку ќе бидеме принудени да употребиме сила.

- Немам што да признавам, не сум бил ни француски, ни американски шпион, можете да ме заколете ако сакате, но она што не било не можам да го признаам.

- Си бил ти не само француски и американски, туку си бил и советски шпион, но за твојата работа за Советите ќе зборуваме подоцна, се на свое време – рече Никола Илиевски.

При споменувањето дека сум бил и советски шпион, јас се само иронично насмеав,

- Што се смееш пичка ти мајчина – рече Гогов и стана од столицата и нервозно почна да врти околу мене. Пото пак викна: “Ќе зборуваш ли ти или не?“.

- Не можам да ви кажам дека сум ничии шпион, кога тоа не сум бил – одговорив.

- Милиционери, водете го во келија број 2 – викна Анче Гогов.

Милиционерите влегоа во “ловџиската соба“, ме фатија под раката и ме слегнаа по скалите во подрумот. Ја отворија вратата на една друг келија, а не на мојата. Со мене заедно долу слегнаа и иследниците Гогов и Илевски.

Милиционерите ме втурнаа внатре во келијата број 2. Тогаш по опремата на келијата видов дека тоа е келија за мачење, за тортури на затворениците. Спроти ѕидот од едната страна во келијата од подот до таванот стоеше исправен грубо изделкан труп од буково дрво. На горната страна на трупот висеа забодени железни алки, од кои на надолу висеа синџирите. Синџирите и трупот беа црвени од засирена и исушена човечка крв. Исто така трагови од крв имаше по ѕидовите и по бетонскиот под. Во келијата видов троножно столче за седење, исто така црвено од крв.

- Соблечи си го палтото, пантолоните и собуј си ги чевлите! Ми нареди Анче Гогов.

- Кога бев само по долните гаќи и маицата, ми наредија да легнам на подот на мевот.

- Што не си ги собул и чорапите, зарем чекаш ние да ти ги собуваме – рече Илиевски.

- Вие не ми рековте дека и чорапите да ги собујам.

- Собуј ги ќе фаќаш риби во Вардар! – рече Илиевски.

Ги собув чорапите и милиционерите ме легнаа на мевот. Потоа двајцата од нив ми седнаа на грбот. Третиот од нив ми ги превитка нозете кај колениците и триножното столче го подметна под нив, така да стапалата стоеја во хоризонтална положба врз столчето. Од првите удари со гумениот пендрек по стапалата ми севнаа искри во мозокот. Болките беа толку длабоки и остри што ми се чинело дека ме сечат на парчиња со ножови. Знам дека при првите удари извикав колку што можев: "Убијци! Фашисти, српски џандари!, но после од мене се слушаше слабо офкање и гргорење на човек во агонија. По моите стапала со пендрек маваше удбашкиот началник Илиевски, и од време на време повторуваше: "Ќе признаеш ли, да престанам да мавам". Јас не одговарав на неговите прашања. Почувствував како од стапалата џврка

топла крв. Тепањето продолжуваше и јас потонав во несвест.

Ме пробуди ладната вода што ми ја истурија врз главата. Ги гледав ѕверските лица на удбашките началници како душмански ме гледаат. Милиционерите ми врзуваа синџири околу глуждовите на рацете потоа ме кренаа на раце, ме донесоа до дрвениот столб, ја завртеа рачката на механизмот и јас виснав во воздухот обесен на алките за столбот за мачењето. Испружен на синџирот со сета моја тежина и со боловите од тепањето по стапалата ми се чинеше дека моето тело пукна на илјадници парчиња.

-Ќе зборуваш ли сега или нема да зборуваш? – ме праша Илиевски,

- Се зборува со луѓе а не со кучиња, ви сте кучиња а не луѓе, - одговорив.

- Ќе зборуваш, ќе зборуваш, мамето твое фашистичко! – рече Илиевски и ми ги повлече долните гаќи и ги фрли на подот во келијата. Потоа со обете раце ме фати за тестисите, ги стегна колку што можеше и со сета своја тежина се обеси на нив. Крикнав од болка и паднав во некое бунило на полусвест. Слушнав само: "Ќе признаеш ли? Признај гаде наизаеден!". Таглењето на тестисите со повтори неколку пати, но кога видоа дека сум истоштен до умирачка а не признавам, удбашките началници им наредија на милиционерите да ме сметат од столбот

за мачењето, да ме одведат во мојата келија и пред да ме легнат во креветот да ме избањат под тушот во мојата келија.

Се сеќавам дека топлата вода пријатно дејствуваше врз моите разранети од тепањето нозе, но потоа веднаш заспав на креветот бидејќи бев физички истоштен. Спиев некој тежок сон, но во бунило, од време на време боловите во нозете ме будеа и тоа ми напомнуваше што се има случено со мене. Утредента кога милиционерите ме пробудија за појадок, устата ми беше испукана за вода, се напив само од чајот, јадењето не го ни чепнав.

Лежев грбечки на креветот и се виткав од болките во нозете и тестисите. Нозете ми беа отекле до колената а тестисите се беа надуле како некои балони, гаќите ми беа од нив напнати и ми се причинуваа големи болки. Покрај тоа, иако физички така да се рече онеспособен ни да мрдам, по обичајот, пак бев врзан со синџири за раката и ногата. Незнам што повеќе болеше: дали физичкиот бол од измрцвареното тело или од психичкиот бол во душата, кој доаѓаше од сознавањето дека сум тепан од мои македонски браќа, иако тие мои браќа се изроди од мојата македонска нација. Тешко го поднесував фактот што бев злосторнички тортуриран од Македонци во една република кои некои се осмелуваат да ја наречат македонска национална држава. Зар дојдовме дотаму што Македонија си ги јаде своите синови кои се борат за нејзината

слобода?! – се прашував. Но очајот го победив во моментот кога погледнав назад во трагичната македонска историја – вистинските борци за македонската слобода биле маченици и херои, дека тие издржувале слични тортури или умирале под нив без да отворат уста пред непријателот. Си реков на себе: “Драгане македонската трагична историја ти доделила сега на тебе да го носиш крстот на македонската Голгота, носи го маченички и храбро умри за Македонија!...“. При оваа мисла ги победив ужасните физички и психички болки, се видов голем во Пантеонот на македонските бессмртници. Удбашките злосторници моите мачители ми се видоа гнасни изроди, морални пигмеји, туѓински наемници, еднакви со српските џандари, бугарските полицајци и грчките андарти, кои од синовите на Македонија пиеле крв. Бев готов на удбашите да им плукнам во лицата, во првата прилика кога се најдат пред мене.

Таа прилика дојде околу десет часот. Милиционерите ме одврзаа од синџирите и ми рекоа да станам ќе одиме горе кај иследниците. Но штом станав и штом го направив првиот чекор се струпулив, паднав. Стапалата ме болеа небаре газев на сечива од секири. Двајцата милиционери ме фатија под мишки и практички ме однесоа горе во ловџиската соба. Ме седнаа на столица спротивно моите два џелата.

- Ако вчера беше умен, немаше да ти се случи она што ти се случи – рече Никола Илиевски.

- Тоа мораше така да биде, за твојот ум. Се надеваме дека вчерашната грешка нема да ја повториш, сега ќе зборуваш. – рече Анче Гогов. – Џабе се правиш херој, кога ние знаеме дека си бил шпион. Ќе ти донесеме ако треба и жив сведок тоа да го потврди.

- Вие можете да донесете и цела дузина сведоци, но то не е вистина – одговорив. – Јас се гнасам од вас и жалам што мајки Македонки ве родиле.

- Тоа истото ние го велиме за тебе – рече Никола Илиевски – Жалиме што мајка Македонија родила еден свој ваков непријател.

- Историјата ќе си го каже зборот и за мене и за вас – реков јас.

- За тебе прво народниот суд ќе си го каже зборот, а историјата ќе суди по пресудата што ќе ја добиеш од народниот суд – рече Анче Гогов.

- Ние имаме конкретни докази и живи сведоци кои пред судот можат да посведочат дека ти си работел за Француската полиција рече Никола Илиевски – се сеќаваш ли на твојот пријател Џелал од Крушево, тој заради тебе беше осуден шест години затвор кои ги одлежа во Идризово. Тој е жив, живее во Крушево. Се сеќаваш ли на југословенскиот генерален конзул Милуновиќ кого ти во Париз во 1958 година го

предаде на француската полиција и Французите го прогласија за персона нонграта, му дадоа 48 часа време да ја напушти Франција. Милуновиќ беше наш човек, ти му ја упропасти кариерата.

- Се сеќавам и на двајцата, како да не се сеќавам, но тоа не е никаков доказ дека сум работел за француската полиција, - одговорив. Вие удбашите од Скопје во 1958 година ми го имавте испратено во Париз Џелал да ме шпионира, бидејќи знаевте дека тој некогаш во Македонија беше мој пријател. Во Париз тој дојде божем да учи француски јазик во училиштето Алијанс Франс, а всушност вие го бевте испратиле да ме шпионира. Но тој излезе чесен човек, заради мојот другарски однос кон него, една вечер тој се напи малку повеќе и почна да плачи и низ плачење ми кажа дека се срами од себе си, зашто гледа каков другар сум, а тој бил испратен од вас да се дружи со мене, и да дава извештаи на југословенскиот конзул во Париз Милуновиќ, со кого се сретнувал тајно секогаш на различно место во Париз. Тој ми кажа дека Милуновиќ му дал и специјален фото апарат со специјална електрична светилка да ги слика писмата што ги добивав. Кога ми го кажа тоа, го прашав дали сака утредента да појдеме заедно во префектурата на полицијата и тоа што ми го кажа на мене да и го каже на француската полиција. Се двоумеше, но кога му реков дека може да добие политички азил во Франција се согласи. Утредента појдовме во полицијата, се јавивме на шалтерот за информации. Службеничката што не сослуша телефонираше некаде, по десетина

минути дојдоа два цивилни агенти и не одведоа на петтиот или на шестиот кат на префектурата. Таму во една канцеларија Џелал им ја кажа задачата по кој дошол во Франција. Агентите ми заблагодарија што сум го довел Џелал и ми рекоа да си ја гледам работата. каква полициска стапица му направиле тие на конзулот-шпион разбрав два-три месеци подоцна кога конзулот беше испаден од Франција. Со помошта на некој бугарски емигрант француските полицајци фабрикувале писмо од “Ванчо Михајлов“ до мене, ги пресликување и му ги давале на Турчето Џелал да му ги носи на средбата со југословенскиот конзул. Така еднаш на плоштадот Трокадеро, кога Џелал му го предаваше писмо со лажните писма од “Ванчо Михајлов“ на конзулот, цивилни агенти ги опколиле двајцата и им побарале лични документи. Конзулот бил фатен на дело каде му предава плико со пари на Џелала, бил фатен и материјалот од “Ванчо Михајлов“, тоа било достатни докази конзулот да биде прогласен за персона нонграта и да биде испаден од Франција. Џелал после овој случај добил политички азил во Франција, како е дошол во Југославија и како сте го фатиле тоа не ми е познато.

- Го фативме во Љубљана, беше дошол со лажен италијански пасош. – рече Илиевски. – Но тој ни кажува друго. Тој те видел многу пати во друштво со цивилни полицајци од Ренсењеман женерото видел и како земаш пари од полицајците и дека во префектурата влегуваш слободно како да си службеник на полицијата.

- Ништо од тоа не е вистина. Може би лажел да си ја олесни својата положба – реков.

- Имаме ние податоци и од други извори, не можеш да одречеш дека не си работел за француската полиција. Туку зборувај, испразни си ја душата, да ти олекне – рече Анче Гогов.

- Силната бучава од полицискиот хеликоптер кој се спушташе на рудината пред куќата го прекина нашиот разговор. Низ прозорецот видов како од хеликоптерот слегнаа Тошо Шкатров и еден за мене непознат цивил, кој во рацете носеше голема кожна чанта, и пилотот. Само неколку минути потоа во “ловџиската соба“ влегоа Тошо Шкатров и со него за мене непознатиот човек, кој потоа се покажа дека бил лекар на Секретаријатот на внатрешните работи на Македонија и соучесник во тортурите што ги правеле удбашите, зашто тој им кажувал на удбашите торционери до која граница можат да ја притиснат т.е. колкави тортури може да издржи жртвата. Овој лекар се секако срам за својата лекарска професија, зашто и самиот учествува во тортурирањето на жртвите, им инжектира интравенозно препаратот “серум на вистината“ кој намалува отпорната состојба на жртвата, му причинува неописливи маки и го присилува да признае и она што никогаш не сторил. Името на овој лекар никогаш не го дознав, а името на препаратот “серум на вистината“ сега сум го заборавил, но се сеќавам дека тоа беше црвенкаста течност.

Како што очекував, во “ловџиската соба“ влегоа Шкатров и непознатиот човек. Удбашите се поздравија со стискање на раце, потоа Шкатров провокативно ми се испули во лицето и ми рече:

- Што е тоа од тебе, што не си бричен, ќе ти доведеме бербер кој знае и на суво да бричи.

- Кај вас се е можно, вие сте мајстори и за најодвратни злосторства – одговорив.

- Ќотекот велат старите дека излегол од рајот, дека и тој е божји изум, - рече Шкатров. Ние враќаме само мило за драго, ти сакаше да ни ја уништиш државата иако твоето успееше, ти живи на скара ќе не печеше нели? Бидејќи твоето не успеа, а успеа нашето да те имаме во рацете, сега ти ќе го јадеш ќотекот. Законот на победниците секогаш бил суров за победените. Таков ќе биде и спрема тебе. Единствениот начин кој ќе те спаси од ќотекот е да признаеш се.

- Ви стојам на располагање, убијте ме, но јас нема да признаам она што никогаш не сум бил.

- Ќе признаеш, ќе признаеш и оро ќе играш! – рече Шкатров.

Непознатиот човек кој дојде со Шкатров и Никола Илиевски нешто си шушкаа, а потоа Никола ми рече: “Соблечи се и легни на диванот, другаров е

доктор сака да те прегледа!“. Се обидов но ме штрекнаа болови во нозете и паднав врз столиците. Удбашките началници ги викнаа милиционерите од надвор да влезат и да ме однесат на диванот. Милиционерите ме соблекоа гол како од мајка роден. Удбашкиот доктор прво фрли еден поглед врз раните на нозете, потоа врз тестисите, можев да го видам неговото лице дека беше бесчувствително како некој камен, тоа беше мртвечки поглед на еден мизантроп. Нешто подолго се задржа ослушувајќи ја работата на моето срце и мерејќи го мојот пулс. На крајот слушнав кога им рече на милиционерите: “Добар е, облечете го!“, Милиционерите ме облекоа потоа ме фатија под мишките и ме слегоа долу во потонот во мојата келија.

Како сум се истргнал на креветот така сум и заспал, истоштеноста на организмот дејствува како опиум за спиење. Не можеа да ме разбудат ни милиционерите кога ме тресеа да станам за ручек. Ме разбуди бодеж на игла во вената на раката, над мене беше наведнат удбашкиот лекар, а до него стоеше иследникот Илиевски.

-Водете го горе – им нареди Илиевски на милиционерите.

Милиционерите ме кренаа од постелата и ме исправија на нозете, но тие толку ме болеа што клекнав на колената и почнав да одам на колениците. Милиционерите пак ме кренаа под мишките и ме однесоа во “ловџиската соба“. Не беа изминале ни пет

минути откако удбашкиот лекар ми ја стави инекцијата а почнав да чувствувам силни болки во главата. Најпрвин почна да ме стега и боли тилот, местото веднаш зад ушите, силно чувствував како бие крвниот притисок во вените зад ушите, потоа болките проследени со мачнотија, со некаква чудовишна и дотогаш за мене непозната апатија, се пренесоа во пределите на челото и силно ме стегаа. Мислев дека некој ми го стега челото во менгеме или челичен обрач, од челото почна да ми росат капки пот, се испотив во грбот, па дури и во градите, имав чувство дека моето тело, целиот мој организам, го притиска некоја огромна планинска карпа, или дека некоја машина дробалка ми го дроби организмот на илјадници ситни парчиња.

Како во некое бунило или агонија ги слушав гласовите на тројцата иследници кои повторуваа кој знае по кој пат: "Признај дека си работел за Француската разузнувачка служба Ренсењеман женеро, признај  дека си давал податоци на разузнувачите Роберт и Арман, признај дека си добивал пари од нив!; признај дека си работел за ЦИА дека си земал пари од Мец и од полковникот Гологанов!". Иако бев на маки какви што не бил Исус Христос кога бил распнат на крстот на Голготата, додека имав свест во мене одговарав: "Не сум бил агент агент на ниту една разузнувачка служба, нема што да признам", потоа бев толку истоштен што не можев ни да отворам уста да зборувам. Колку часа се ме држеле во таквата состојба и самиот не знам, само

се сеќавам дека милиционерите кога ме вратија во мојата келија.

Моите мачители ме оставија утредента да спијам до ручекот, а по ручекот, кого што јас не го ни погледнав, зашто имав голема мака од гадење во стомакот, пак бев одвлечен во “ловџиската соба“. Главата ме болеше но свеста ми се беше повратила.

- Ајде сега да потпишеш она што вчера ни го призна – рече Тошо Шкатров.

- Ништо не сум ви признал и ништо нема да потпишам – одговорив.

- Значи ти не правиш сите нас сега будали, но ние го снимивме на магнетофон твоето признавање. Судиите ќе го слушнат твојот глас, тие нам ќе ни веруваат.

- Јас сум сигурен во себе дека во свесна состојба ништо не сум признал, а ако нешто сум ви признал под влијание на инекцијата, тоа е диригирано, изнудено признавање, кое нема ништо општо со правата вистина и јас тоа “признавање“ ќе го негирам како изнудено под опојни дроги признавање.

- Како ќе докажеш дека сме те дрогирале?

- Јас ќе ја кажам вистината пред судот, па тој сакал верувал, сакал не верувал. Но вистината еднаш

ќе се дознае, како што се дознала злосторствата што ги правел ГЕСТАПО и НКВД кога со своите методи изнудувале признанија на невини луѓе.

- Еве прочитај го записникот од твоето вчерашно сослушување, па го потпиши – ми рече Илиевски и ми даде неколку листа веќе начукани на писачка машина.

Во записникот пишуваше дека сум бил агент на француската разузнувачка служба Ренсењеман Женаро и на американската ЦИА, дека сум добивал пари од француските разузнавачи Роберт и Арман и од американските Мец и Галаганов. За имињата на француските разузнавачи првпат слушнав, Американецот Мец го познавав како претставник на американскиот Колеж Слободна Европа, од кој извесно време добивав стипендија за студии на факултетот за политички науки во Париз, а полковникот Галаганов, само еднаш го имам сретнато сосема случајно во мојот живот. Овој бивш полковник на бугарската царска армија, родум од Пиринска Македонија, кога бев емигрант во Грција регрутираше Бугари и Македонци за шпионска работа за Американската воена разузнувачка служба, ги испраќаше илегално преку граница во Бугарија и Југославија да собираат и донесуваат податоци од воена природа. Подоцна, тој таа работа ја вршеше во Париз, пак за своите господари Американците. Еден ден го затеков во станот на мојот пријател бугарскиот емигрант анархист Иван Рачев Иванов. Иванов ме претстави како Македонец, емигрант, студент во

Париз. Моето македонско потекло му послужи на како повод на Галаганов да ја започне старата бугарска приказна дека Македонците биле македонски Бугари, дек македонската нација не постои, дека ја измислиле Србите односно србокомунистите. Се искаравме со Гологанов и во протест ја напуштив хотелската соба на мојот пријател Иванов. Им го раскажав ова на удбашите и им реков дека е многу жално што моето пријателство со Иванов го користат да ме направат и соработник во шпионската работа на Галаганов.

- Море ќе си признаеш ти се – рече Тошо Шкатров, туку потпиши го записникот ако не сакаш да те најде нешто уште полошо.

- Јас сум готов да умрам и спокојно ја очекувам смртта, признавање од мене не барајте! – реков.

- Оди Никола наполни ја кадата со вода! – рече Шкатров.

Никола Илиевски отиде во една друга просторија, се слушаше жабуркање на вода.

По извесно време Никола се врати и рече: "Доведете го да го удавиме мамето шпионско негово!"

Во бањата беше загушливо од missing пареа. Внатре со мене беа тројцата иследници и удбашот лекар. Ме седнаа на работ на кадата бидејќи не можев да стојам на болните нозе и почнаа да ме соблекуваат. Еден ми

ја откопчуваше кошулата, друг ми ги теглеше пантолоните. Од водата во кадата се испаруваше піреа. Кога бев потполно гол, ме кренаа едни за рацете едни за нозете и ме фрлија во кадата. Водата беше премногу топла, крикнав од силна болка, но Никола Илиевски ме фати за косата, и ми ја нурна главата под водата. Врелата вода ми навлезе во грлото, почнав да се душам. Во овој миг на живот и смрт претав во водата само со нозете како што прета некое добиче кога го колат. По некое време ми ја извадија главата над водата и додека со силно кашлање мојот организам се обидуваше да ја исфрли водата надвор од мојата внатрешност, иследниците ме прашуваа: “Ќе потпишеш или ќе те удавиме!“. Но бидејќи ништо не одговарав, пак ми ја нурнаа главата под водата. Колку пати се ова точно повтори не бев при свест да бројам, но тоа се повтори барем четири-петпати. Кога ме извадија од кадата само длабокото дишење што излегуваше од моите гради беше знак дека уште сум жив. Не се сеќавам ни кога ме облекоа, ни кога ме однесоа во мојата келија. Утредента кога се освестив кожата по целата снага ме болеше и беше црвена а наместа и претворена во жива рана. Не можев ни да лежам, ни да седам, ни да одам. Милиционерите што ме чуваа гледајќи ме во жалосната состојба беа невесели и некако чудно замислени, некои од нив се обидуваа да си покажат човештина, барем во оние граници кои за нив нема да имаат некакви последици. Ме прашуваа дали сакам вода или нешто друго, дали сакам да одам в клозет и слично. Еден од нив ми рече: “Драгане ова твоето не

се ни јаде, ни пие, не се ни истрпува. Господ нека ти е на помош!“. “Бидете вие живи, па кажете на вашите деца како умираат борците за слободна и обединета Македонија!“ – му одговорив.

По давењето во топлата вода три дена иследниците не ме викаа на сослушување. На четвртиот ден пак се најдов пред нив. На стапалките веќе можев да газам иако сеуште ми причинуваа болови. Пред да ме изведат во ловџиската соба, во келијата еден милиционер ме избричи, а исто така ми дадоа чиста долна облека и кошула да се преоблечам.

-Она што ти се случи последниве два дена сега за сега ќе го заборавиш – ми рече Никола Илиевски. – Мислам дека сега можеш да седиш, ќе продолжиш со пишување на твојата животна историја. Со пишувањето т стигна т.е. заврши со твојот француски период до 1958 година. Во 1958 година ти се пресели во Норвешка и по твоето пристигање во Норвешка твојата политичка дејност осетно се зголеми. Ти го создаде во Осло Македонскиот национален комитет и почна да ги издаваш списанието “Македонска лоза“ и весникот “Слободна Македонија“. Опиши на што се должи таа твоја засилена политичка активност како и со кои луѓе си ја вршел таа дејност. Наведи откаде одеднаш најде пари за издавање на двете печатни изданија.

Со ручекот ми донесоа шише данско пиво “Туборг“, си помислив удбашите спрема мене ја

применуваат тактиката што французите ја викаат “тактика на морков и стап“, што во една приказна ја применувал некој досетлив француски селанин спрема својата коза, кога сакал да биде добар со неа ја мамел со морков, а кога бил лош, ја терал со стап. После ѕверското мачење со кое душата ми ја вадеа последните два дена удбашите, сега изигруваат дарежливи џентламени, ми даваат данско пиво да пијам. Пивото го испив наеднаш, бидејќи организмот мој гореше за вода, па барав вода и со неа ја угасив жедта. Се обидов да јадам, но во стомакот уште чувствував мака, организмот одбиваше јадење.

По ручекот до вечерата со сила неколку страници за мојата дејност во Норвешка. Тука за моите читатели давам кусо резиме од напишаното.

Во 1957 година во Париз запознав една норвешка студентка со која ме сврзаа љубовни односи, а во 1958 година се оженив за неа. По настојување од нејзините родители заминав да живеам кај нив во Осло. Се вработив во фирмата на дедо ми која вработуваше повеќе од двеста работници. Бидејќи работев на такво место, низ кое протекуваа огромни суми пари, решив мал дел од тие пари, се разбира без знаење на дедо ми, да ги ползувам за делото на Македонија. Фирмата беше мошне богата и таа немаше да пропадне заради тоа. Немаше ни да се откријат тие пари, зашто се работеше за малверзација направена на штета на државата, непријавен данок, а не кражба или проневера на штета

на фирмата. За две години од овој извор земав средства за печатење на “Македонска Лоза“ и “Слободна Македонија“, но по една случајност мојата махинација беше откриен и тоа доведе до распаѓање на мојот брак. Што се однесува до Македонскиот национален комитет тој беше органско продолжение на Македонскиот национален фронт, како што по престанувањето на работата на Македонскиот Национален комитет на Македонија се прекрсти во Движење за обединување на Македонија. Бев секретар на Македонскиот национален комитет и редактор на “Македонска Лоза“. “Слободна Македонија ја редактираше Страхил Пеев, кој беше тогаш универзитетски преподавател на Универзитетот Лунд, во Швајцарија.

Пак седам в очи в очи со моите иследници-џелати. После секое мое пишување за нив “писмена задача“, се развива дискусија меѓу мене и моите торционери, слична на дискусиите, кои настануваат кога некој пред некој одиториум поднесе реферат. Во случајов, улогата на рефератчик ја играм јас, а на слушатели удбашите.

- Ти си голем будала – ми вели Анче Гогов – ти си ја прокоцкал најголемата твоја животна шанса! Си се оженил за богата жена, како што вели нашиот народ ти “Паднала секирата во мед“, но тоа богатство кое наеднаш ти паднало како неочекуван дожд од небото, не си знаел да го сочуваш. Да не се разведеше од жената, сега ти ќе беше еден од најбогатите

Македонци во светот, а уште поважно од богатството, тоа е слободата, ти денеска немаше да бидеш овдека.

- Тој ќе жали не само за испуштеното богатство, туку никогаш нема да ја прежали ни убавата ни добрата жена што ја изгубил – жена што секако тој не ја заслужил. - рече Илиевски.

- Откај знаете дека жена ми била убава и добра – го прашав Илиевски – Никогаш не бев убеден дека жена ми била убава, таа тоа не беше барем за моите очи, што се однесува до нејзината добрина, господ да го варди секој маж од таква жена! Таа по добрина беше кучка или змија жена. Ако била добра, ќе сум останел со неа.

- Ќе си останал, ако си можел – рече Илиевски – Таа те избркала од дома.

- Затоа пак ме бараше низ цела Европа и ме проколнуваше да и се вратам – одговорив.

- Јас бев во Осло кај жена ти откако ти се разведе од неа – рече Илиевски. – Треба да знаеш дека секоја полициска полиција ја интересира и личниот живот на непријателот што таа го прогонува. Ние го имаме сликано сиот твој сентиментален живот, ние ги знаеме и другите твои жени што си ги имал за подолг период иако невенчани. Преку нив добиваме слика за тебе, за твоите слабости и пороци, за твојот карактер и морал, за твоите способности. Знаеш ли ти

кој од Гетеборг ме одвезе со колата кај жена ти во Осло?

- Откај да знам? – реков.

- Твојот пријател Петре Мулазимовски.

- Тој никогаш не бил мој пријател – одговорив.

- Како не бил, кога беше во Управата на Ослободителниот комитет на Македонија заедно со тебе?

- Сите луѓе што биле членови на Организацијата не значи дека биле и мои пријатели – одговорив. Меѓу нив имало и пријатели на УДБА како тој Мулазимовски.

- Убаво не пречека жена ти – рече Никола Илиевски – Интелигентна жена, нема што, со неа човек може да разговара и за политика и за култура, и за минато и за сегашност. Напредна и модерна жена, нема што!

- Жена ми е една обична норвешка гуска, која на вас југословенските комунисти ви се бендисала заради нејзината комунистичка идиотштина. Зашто таа богаташка ќерка, и таа како и таткои, е парадокс за норвешкото општество, живеат како најголеми капиталисти а го фалат комунизмот. Жена ми разбира од комунизам како што крава разбира латински јазик.

- Тоа ти го велиш сега само од инает, оти ја мразиш – рече Анче Гогов. – Жена ти е интелигентна жена.

- Целта на моето одење кај жена ти беше да најдам нешто од твојата архива – рече Никола Илиевски – но сум стигнал доцна. Жена ти ми кажа дека по разводот од Шведска дошол Страхил Пеев и ја прибрал архивата. Од жена ти научив дека си го ограбил претпријатието на дедо ти за 60.000 норвешки круни. Парите што си ги проневерил жена ти мисли дека си ги потрошил со други жени, се изрази со курви. А не како тука што ни пишуваш дека си ги потрошил за печатење на весниците “Македонска Лоза“ и “Слободна Македонија“. Значи си имал некој друг Извор? Кој бил тој извор?

- Ви реков дека жена ми е норвешка гуска, тоа се потврдува кога таа прифатила да разговара со вас – реков. Но ако жена ми била гуска, јас не бев магаре па да кажам колку пари незаконски сум присвоил од претпријатието на дедо ми. Сега вас можам слободно да ви кажам дека се работи за сума два пати поголема од она што жена ми ви ја кажала.

- Ние се мачиме да разбереме, но никако не ни влегува во главата како ти како емигрант антикомунист успеа да влезеш во една таква норвешка комунистичка фамилија – рече Анче Гогов – Зошто дедо ти не беше само член на Норвешката партија, туку беше и член на нејзиниот Централен комитет, и градоначалник на

една комуна во Осло. Што ќе ни кажеш ти за ова нешто?

- Ќе ви кажам дека дедо ми беше комунист од западњачки тип, а не како вас ориенталните комунисти. Дедо ми се разликуваше многу од вас затоа што тој беше толерантен човек, што беше културен и цивилизиран и што ги беше прифатил аксиомите на демократскиот парламентаризам. Тој знаеше да ги почитува убедувањата на луѓето со поинакви мислења соговорници, додека вие југословенските комунисти сте ориентални деспоти, мислите дека само вие имате право, а секој кој не мисли како вас го прогонувате и затворате. Вие сте примитивци догматици, тоа е разликата меѓу вас и норвешкиот комунист дедо ми таткото на мојата бивша жена. Дедо ми знаеше колкава е разликата во идејните сфаќања меѓу него и мене, па избегнуваше да започнеме разговори на таква тема.

- Постои и една друга варијанта на која другпат ќе се навратиме – рече Илиевски. – Постои варијантата дека ти си советски човек, односно советски шпион, и токму поради тоа си примен за зет во таа советофилска норвешка фамилија. Но ти реков, на таа варијанта другпат ќе зборуваме.

- Ако Вие навистина мислите за можноста на една таква варијанта – одговорив – тогаш вашите полициски мозоци навистина болно фантазираат. Друго сега нема што да кажам.

- Ти имаш најмалку право да не правиш фантазери и глупаци зашто те донесовме како лав фатен во клопка. Зарем тоа не е доказ дека ние не сме будали, ами будала е Драган. – рече Гогов.

- Вие пак фантазирате дека сте фатиле лав, но вие имате фатено обична полска мишка или глувче – реков јас. – Вие ми давате на значење на лав за да добиете повисок орден за награда. Колку ме правите поголем пред Белград, толку поголема ќе ви биде вашата награда.

- Добро е што го спомна Белград – рече Илиевски. – Утре ќе имаш посета од Белград, па да ти кажеме на време да не правиш некои глупости, какви правиш секој ден со нас.

- Што глупости ви правам? – прашав јас.

- Многу си безобразен, не навредуваш – рече Илиевски. – Утре биди барем коректен во јазикот ако не учтив. За твое добро ќе биде. Доаѓа сојузен секретар за внатрешни работи на Југославија. Можеби ќе посака да те види, да поразговара со тебе. Утре биди убаво избричен. Ќе им кажам на милиционерите да ти ти дадат чист веш и кошула да се пресвлечеш. А сега оди си во твојата келија, задача за пишување за утре не ти даваме. Одмарај и размислувај!

Стапалките ме сеуште болеа од тепањето така да не можев да шетам по оние четири метри таму ваму

што можеше да се шета во келијата. Затоа лежев во креветот дење и ноќе. По ручекот оној ден кога ми кажаа дека утредента ќе дојде министерот за внатрешни работи на Југославија Фрањо Херљевиќ размислував многу за причините за неговото идење. Веќе знаев дека моето киднапирање од Париз е извршено како "сојузна акција" како акција на Сојузната служба за државна безбедност, Македонската СДБ од Скопје само помагала во таа акција. Решението за моето киднапирање било донесено во Белград, колку Скопје има заслуга за донесување на тоа решение, сега за сега ќе си остане тајна. "Бидејќи моето киднапирање е акција на сојузната СДБ, сега врховниот шев на таа служба Фрањо Херљевиќ ќе дојде да види до каде е стигнала истрагата, какви резултати дало досегашното сослушување. Главниот полицаец на Југославија ќе биде многу разочаран..." си помислив.

Утредента околу десет часот полицискиот хеликоптер слета на лединката пред вилата-затвор. Од хеликоптерот слегнаа тројца патници од кои двајцата ги веќе познавав едниот беше републичкиот секретар на Македонија за внатрешни работи Мирко Буневски, а вториот удбашкиот началник Тошо Шкатров. Третиот, трапав човек, на едно шеесетина години беше облечен во бел летен костум, главата му беше необично голема за кусото тело и беше повеќе од половина ќелав. Се сеќавам дека кога бев на слобода фацата на Херљевиќ ми личеше многу на фацата на Берија, со таа разлика што Берија

изгледаше далеку поинтелигентен од Херљевиќ. По сликите во весниците што сум ги гледал лесно ја препознав физиономијата на југословенскиот полицаец број 1.

Кусо време по пристигнувањето на Херљевиќ на лединката пред мојата келија милиционерите запалија оган, потоа од двете страни на огнот во земјата набија затоа специјално направени железни колци со чатали, потоа меѓу чаталите на железен стапа врзана цела срна ја ставија над огнот да се пече. Еден милиционер беше седнал од едната страна и ја вртеше рачката на стапот за да се врти срната над огнот. Одвреме на време срната ја мачкаа со сос од некакви мирудии. Срната се печеше најмалку три часа. Тој ден за ручек ми донесоа и на мене парче печено месо до срна. Веќе реков дека околината на Караџица како забранета зона за лов врвеше од дивеч, па на милиционерите не им било мачно за сојузниот министер да отепаат срна.

Во “ловџиската соба“ ме изведоа дури околу четири часот по пладнето. Долгата маса уште не беше расчистена од гоштавањето што му го приредиле македонските удбаши на сојузниот министер за внатрешни работи, само тањирите беа собрани а шишињата вински и пивски како и чашите уште стоеја, некои недопиени, пред учесницте во пирот. Стоев и гледав во моите боси нозе, зошто чевли уште не можев да обувам поради раните.

- Што не кажеш добарден? – рече Тошо Шкатров.

- Ако е денот за вас добар, за мене не е – одговорив.

- Седни, седни тука од спротивно на другарот сојузен министер Херљевиќ! – рече Никола Илиевски.

- Седни, Богдановски, бога ти љубам, не јадам луѓе, ако беше до тоа, темнината ќе те изедеше надвор во емиграција ми рече Херљевиќ на српски јазик.

Погледнав право во неговото широко черкеско чело, во неговите прости разбојнички очи, во неговата одвратна и празна како тиква печена кела.

- Дали е тоа лавот Богдановски? - се обрати министерот до македонскиот удбаши.

- Да, тоа е тој лав, рече Илиевски. Само тој другар секретаре не признава дека е лав, нас ни кажува вие будали удбаши си фантазирате дека јас сум лав, а во стварност јас сум само глушец. Вие донесовте од Париз глушец а не лав.

- Дури и да е глушец, ние не погрешивме што го донесовме - одговори Херљевиќ - другарот Тито секогаш нè учи дека е подобро да се надцени непријателот отколку да се потцени. Но ти

Богдановски зошто не ја испразниш својата душа, зошто не признаваш?

- Тоа што не сум го работел, нема ни да го признавам – одговорив.

- Видов од вашите досегашни изјави дека вие ни кажувате само она што ни е познато и на нас, рече Херљевиќ. - Ние сакаме да знаеме и она што вие мислите дека ние не го знаеме. Па ние знаеме и имаме докази дека сте работеле за странски служби а ти тоа сѐ уште не сакаш да го признаеш тоа.

- Такво нешто не можете да знаете зашто не е вистина дека сум работел за било која и да е странска разузнувачка служба – реков.

- Ќе ти ги ставиме доказите под твојот нос, ќе мораш да признаеш, рече сојузниот министер. Добро сега однесете го во неговата ќелија – им нареди тој на македонските удбаши, а овие ја пренесоа наредбата на милиционерите и овие ме одведоа во келијата.

На вечерината хеликоптерот почна да брчи, низ прозорецот од мојата келија ги видов истите луѓе кои дојдоа претпладнето како се качија во хеликоптерот и заедно со хеликоптерот исчезнаа од хоризонтот веројатно назад за Скопје.

Одкако си одлета министерот Херљевиќ долго размислував за поводот за неговото доаѓање на

планината Караџица. Тој сигурно ги имал резултатите од моите сослушувања, особено оние ништавни резултати после тортурите. Си мислев: “Сепак тој не е дојден за џабе. Тој е дојден да им даде инструкции на удбашките иследници како да ја водат истрагата понатаму. Од историјата на криминологијата е познато како секој злосторник е влечен како од некоја виша сила да ја види својата жртва, мртва или сеуште жива, сеедно. Бидејќи тој дал наредба за моето киднапирање, тој на својата злосторничка душа ме чуствува како негова жртва. Затоа дошол да ме види во удбашкото дувло на Караџица!!!...“

Утредента по појадокот наместо да ме изведат горе во ловџиската соба во мојата келија дојде Никола Илиевски и ми зададе нова задача за пишување. “Продолжи да ја опишуваш хронолошки твојата емигрантска дејност по твоето напуштање на Норвешка во 1962 година. Напиши зошто се распадна Македонскиот Национален Комитет и како дојде до тоа да веднаш по неговото распаѓање се создаде Ослободителниот комитет на Македонија? Напишаното вечер кога ти донесат вечера, дај им го на милиционерите да ни го донесат“.

Еве за моите читатели давам резиме и од подолгиот текст што го напишав тој ден. Напишав можеби 15 или 16 страници.

Во 50-тите и 60-тите години во Западна Европа имаше само две земји кои пружаа реална база за

македонска организирана дејност, зашто само во нив имаше бројна македонска емиграција. Тоа беа Белгија и Шведска. Во 1958 година Грција од логорот Лаврион беа дојдени околу 400 македонски бегалци од Вардарска и Пиринска Македонија, а во Шведска истата година пак од логорот во Грција беа дојдени 500 македонски емигранти. Заради бројноста на македонската емиграција овие две земји станаа центри на македонската политичка дејност. Кон крајот на 60-тите години, и особено во 70-тие ситуацијата почна да се менува со доаѓањето на илјадниците социјалистички печалбари од Социјалистичка Република Македонија. Тогаш се создадоа бази за организирана македонска дејност и во Германија, Франција, Данска, Швајцарија и во други западноевропски земји.

Уште кога живеев во Норвешка во годините 1958-1961 преку весниците “Македонска Лоза“ и “Слободна Македонија“ кои ги издавав си бев создал во Белгија голем круг на политички сомисленици и симпатизери, им имав одено неколкупати во посета, бев држел конференции во Брисел и Љеж, затоа кога ја напуштив Норвешка знаев кај да одам, кај ќе бидам меѓу своите, кај ќе бидам најмногу користен.

Од 1958 година во Белгија постоеше ванчомихајловистичкото друштво Тодор Александров, основано од Асен Аврамов. При формирањето на ова друштво скоро сите Македонци беа негови членови, но кога ја разбраа бугароманската политика на тоа

друштво, а под влијанието на весниците на Македонскиот национален комитет “Македонска Лоза“ и “Слободна Македонија“ грото од членството го напушти тоа друштво и се солидизира со политиката со политиката на Македонскиот национален комитет. Со моето доаѓање во Брисел во 1962 година беа созреале условите за создавање на македонска национална организација во Белгија. Улогата на организатор ја одиграв јас, собирајќи ги членовите и симпатизерите на Македонскиот национален комитет. Така во 1962 година во Брисел беше создадено македонското национално друштво “Јане Сандански“. Друштвото беше инспирирано од македонска национална идеологија а за политичка програма имаше обединување на Македонија во самостојна македонска држава.

Претседател на друштвото “Јане Сандански“ беше Ѓорѓи Малев од Гевгелија, секретар Крсте Стојановски од Ѓорче Петров, касиер Серафим Петров од Петричко, редактор на списанието “Македонска Мисла“ кое почна да излегува како орган на друштвото беше Јован Павловски, од Златари, Преспанско. Друштвото имаше земено цела куќа под кирија, во која беа сместени клубските простории, библиотеката, а горе на катовите станувaa неколку членови на друштвото.

Друштвото “Јане Сандански“ за своето неколкугодишно постоење разви широка и плодна македонска национална дејност. Тоа особено успешно

се правеше преку списанието “Македонска Мисла“, на чии корици стоеше за мото мислата на македонскиот преродбеник Партенија Зографски: “Учи прво книга на својот јазик, а после ако имаш време учи и на други јазици!“. Друштвото “Јане Сандански“ се покажа фатално за бугаромансакото врховистичко друштво “Тодор Александров“, заведените македонци од бугароманската пропаганда се вратија во крилото на својата македонска нација. Јас официјално не бев член на управата на “Јане Сандански“ но бев спиритус мовенс (движечки дух) за неговата национална дејност.

Со моето напуштање на Норвешка настана криза во раководството на Македонскиот Национален Комитет. Кризата беше од материјална природа, зашто немаше пари за издавање на “Македонска Лоза“ и “Слободна Македонија“, а освен тоа немаше и кој да го пишува, зашто после моето заминување од Норвешка, Страхил Пеев се ожени, и се повлече во мирен “печалбарски“ живот, “Слободна Македонија“ остана без свој редактор. Но базата на организацијата во Шведска не сакаше да се помири со настанатата пасивизација, па затоа во 1962 година свика конференција на членството, на која присуствуваше и членството од Данска и избраа ново раководство на Организацијата. Новото раководство на Организацијата, така Македонскиот Национален Комитет стана Ослободителен Комитет на Македонија. Подоцна, како што е познато и Ослободителниот Комитет на Македонија се

преобрази во Движење за Ослободување и Обединување на Македонија. МНК, ОКМ и ДООМ тоа е една иста организација која работела под три различни имиња.

За реактивирање на Организацијата под името ОКМ најголема заслуга имаат старите активисти на МНК Перо Спасоски, од Берн Швајцарија, Миле Илевски, од Гетеборг, Шведска, Ристе Недановски, од Трелеборг, Шведска, како и Димко Нечовски од Копенхаген, Данска. Димко Нечовски, како новодојден емигрант во Данска имаше бидено активист во МНК.

Ослободителниот комитет на Македонија во Гетеборг почна да го издава својот орган весникот “Македонија“. Весникот го редактираше и издаваше Миле Илиевски. Освен што бев редовен читател на овој весник, јас со Ослободителниот комитет на Македонија во првите две години од неговото работење под тоа име немав никаков удел.

Мојата политичка активност во тие две години се развиваше во рамките на друштвото “Јане Сандански“. Во 1964 година во раководството на ОКМ дојде до сериозна идејна криза. Организацијата беше заплашена да ја промени својата политичка физономија, да стане протитовистичка и пројугословенска организација. Во неа и во нејзиното раководство се беше пикнал новодојдениот емигрант Благој Миленковски, гимназијален учител од Битола. Како човек со високо образование, Благој Миленковски

успеал да изврши влијание врз некои членови од раководството на ОКМ, како на пример врз претседателот Димко Нечевски, врз Блажевски и уште некои други, ОКМ да престани да се бори против Југославија, туку својата борба да ја води против Бугарија и Грција, зашто Југославија дала слобода за македонскиот народ. Врз оваа политичка основа, Благој започнал да пишува статии за “Македонија“ во која ја разработувал својата удбашка теорија ОКМ да стане член на Матицата на иселениците од Македонија. На ваквата пројугословенска политичка линија реагирал редакторот на “Македонија“ Миле Илиевски, поради кое дошло до отворена караница прво меѓу него и Миленковски, а потоа во караницата биле вовлечени и трабантите на Миленковски: Димко Нечевски и Блажевски. Најпрвин луѓето на Миленковски се обиделе Илиевски да го изолираат, пота да му го одземат печатењето на весникот, но новата удбашка политика нашла голем број противници, кои му дале морална и материјална поткрепа на редакторот Илиевски. Гледајќи дека не можат да го преземат весникот во свои раце, Миленковски и останатата удбашка компанија, почнуваат да издаваат друг весник, весникот “Македонец“, кој мислам дека излезе се насе 5 или 6 броја па престана да излегува, бидејќи не си најде читатели поради предавничката национална политика што ја водеше. Научувајќи за интригата на удбиниот агент Миленковски да ја сврти македонската политика на воденицата на титовистичката југословенска политика, јас му дадов морална, материјална и пред

се интелектуална помош на бескомпромисниот македонски борец Миле Илиевски. Од тогаш почнав постојано да пишувам статии во “Македонија“.

Миленковски откако не успеа да ја сврти Организацијата на југословенска позиција се откажа од секаква политичка дејност и се фрли на печалбарење. Подоцна кога дојдоа работниците пасошари од СРМ, тој отворено работеше за југословенскиот конзулат, беше личен пријател на југословенскиот конзул Злате Матевски и стана организатор на југословенското друштво во Гетебург “Гоце Делчев“.

Уште за оние неколку месеци додека излегуваше весникот “Македонец“ меѓу членството на ОКМ дојде до диференцијација: на една страна беа мнозинството членови кои беа за бескомпромисна Македонска национална политика и во однос на Југославија, на другата страна јавните и тајнитеројугословенски србомани. Членството кое беше за бескомпромисна македонска национална политика се собраа на конференција во Гетеборг и избраа ново раководство на Организацијата, нов Централен Комитет, За претседател на Централниот комитет ме избраа мене, а редактирањето на весникот и натаму му беше доверено на Миле Илиевски. Претседател на Ослободителниот комитет на Македонија останав се до Бременскиот конгрес во април 1974 година, кога сам си поднесов оставка и кога Организацијата на

мојот предлог беше прекрстена во Движење за Обединување на македонија (ДОМ).

Откако ја предадов денешната напишана задача, долго време размислував затоа до каде ќе ме доведе мојата тотална искреност во опишувањето на мојата политичка дејност во емиграција. Што се однесуваше лично за мене не се обидував да сокријам ништо, или да се обидам да ја минимизирам мојата дејност, да ја префрлам вината на некој друг, да барам олеснување за себе. Јас на иследниците им ја опишав мојата омраза кон Југославија, кон титовизмот, кон домашните македонски предавници србоманскиот врховизам, им опишував дека таа омраза била силата со која сум се борел против агентите на УДБА во емиграција, против југословенската пропаганда правена од југословенските конзули и амбасадори и други платени агенти. Јас имав изгубено секаква надеж дека удбашите ќе ме остават жив, затоа мојата искреност беше мојот пркос, моето простумичење пред нив.

Утредента во ловџиската соба се наоѓав пред иследниците Илиевски и Гогов. Не бев збунет, кога она што го размислував минатата вечер за мојата искреност ми го рекоа и иследниците.

- Би сакал да бидам барем наполу искрен кога е во прашање твојата работа за странските разузнавачки служби колку што си искрен за твојата антијугословенска дејност, за твоето долгогодишно

војување со нас, Службата за државна безбедност. Твојата омраза кон Југославија ти не се обидуваш да ја сокриеш, а со твојата борба со Службата наша ти се гордееш, - ми рече Никола Илиевски.

- Кај него нема ништо нема што внапред не е предвидено или проценето – рече Анче Гогов – На мене ми згледа дека тој има тенденција намерно да се оптоварува самиот, да земе и туѓи дела на себе, само и само да постигне некаква цел. Тој или сака да влезе во историјата поголем од вистинскиот Драган Богдановски, или сака да ни го спушти на нас удбашите, со тоа што за делата кои се јавно познати и кои се докажани, оди до крајна искреност и на тој начин сака да не измами дека е крајно искрен во се. За делата какви што се соработката со странските полиции е крајно неискрен, ништо не признава сак да не убеди или измами дека навистина не соработувал со странските полиции. Но знае дека ние во СДБ имаме и учени психолози и криминолози, кои неговото држење пред истрагата од сите страни ќе го анализираат.

- На вашите учени психолози и криминолози дајте им стап да пасат овци! – реков. Кај мене тие нема ништо што да откриваат, зашто јас самиот се открив, се одголив пред вас.

- Ние сме современа полиција, во нашата работа бараме помош и од науката, а се разбира и од техниката. Ние уште сега ти кажуваме дека ќе те

ставиме на детектор на лаги. Апаратот ќе каже лажеш или не. Тој не греши, - рече Анче Гогов.

- Зошто си така дециден кога велиш дека Благој Миленковски е наш агент? – праша Никола Илиевски. Ти е знаеш ли неговата историја зошто тој избега преку граница во Грција?

- Не, реков не ја знам.

- Него го чекаше судење затоа што силувал една своја малолетна ученичка во Битола – одговори Илиевски. – Освен тоа тој кога избега преку граница избега со парите што неговите ученици ги уплатиле за екскурзија при крајот на годината низ Југославија.

- Сум слушал нешто за тоа во емиграција, но во емиграцијата многу нешто се зборува и што не е вистинито – па не можев да верувам со сигурност – реков. Но дека Благој Миленковски од почетокот на својата политичка дејност дејствуваше како ваш агент во тоа цврсто бев убеден.

- Благој Миленковски не е бил наш испратен агент во Шведска – рече Илиевски – но тој како умен човек, не можеш да одречеш дека не е умен, ја согледа штетноста од вашата политика за Македонија и македонскиот народ, и човекот сакаше да ви ги отвори очите дека спасот на Македонија е само во Југославија. Од таа причина тој почнал да соработува со југословенскиот конзулат во Гетебург.

- Значи тој е од оние евтини шпиони кои самите му се нудат на некого да работаат за негова сметка – реков јас. – За жал во македонската емиграција ги има многумина такви кои самите ви се понудија на вас удбашите да работаат за вас, само и само да стекнат право да одат на посета во Македонија и други ситни привилегии.

- Благој Миленковски нема доаѓано дома во Битола – рече Анче Гогов. – Значи не барал стекнување на некаква привилегија кога се определил да ја подржува политиката на Југославија.

- Благој Миленковски – реков скапо го наплати своето определување за политиката на Југославија односно своето работење за УДБА. Тој во Гетебург има свое приватно биро за преводи. Југословенскиот конзулат секој ден му испраќа муштерии на кои им треба да им се преведе на шведски или од шведски некој службен документ. Миленковски ги молзе безмилосно печалбарите од Југославија и стана богат човек. Од Благој Миленковски сега се гнасат и оние емигрантски слепци и волови како Димко Нечевски и компанија кои пред неколку години така слепо му веруваа.

- Говеда велиш, може би имаш право – рече Илиевски – емиграцијата е полна со говеда!

- Тие говеда многу лесно вие ги впрегнувате во вашиот удбашки јарем да орат за Југославија – реков – А на некои пак кожата им ја дерите.

- Како мислиш кожата им ја дереме? Праша Анче Гогов.

- Со тоа што извлекувате пари од нив, спиете и јадете кај нив кога се шетате по белиот свет како да сте им родни браќа што им дошле нагости – реков.

- Спиевме во истите кревети во кои ти спиеше – рече Илиевски. Веќе ти реков за во Минхен дека спиев во креветот во кој предходната ноќ ти си спиел.

- Ти го мразиш Миленковски затоа што тој се јавува како опасен ривал кој можеше да ти го загрози местото што го имаше ти во македонската емиграција – рече Анче Гогов. – Инаку Миленковски и ти имате многу нешто заедничко, небаре сте браќа близнаци. И тој ги има твоите литературни способности, и тој како тебе не почитува никакви закони и никакви морални норми, и тој како тебе е авантурист и хохштаплер. Вие двајцата во си личите како две јајца што си личат едното на другото.

- Меѓу мене и Миленковски има една огромна разлика, кои според споменатите сличности што ги наброивте, се само багатели – реков.

- Која а таа разлика? – праша Гогов.

- Миленковски е национален предавник, тој за пари работи за Југославија, - реков – На мене да ми го дадете целото богатство на Југославија никогаш нема да  работам за Југославија.

- Но ти работиш за некого, ние сме убедени во тоа – рече Гогов.

- Туку кажи си за кого си работел, та и ние да не си губиме време, и ти да не си ја мачиш душата.

- Јас работев само за обединете и самостојна Македонија – реков.

- Под паролата за обединета и самостојна Македонија работеле и работат само вистинските непријатели на македонскиот народ – рече Илиевски. Откако македонскиот народ во текот на НОБ со оружје во раката се  самоопредели да живее во братска заедница со другите народи на Југославија, паролата за обединета и самостојна Македонија изгуби секакво значење.

- Самоопределувањето за кое вие зборувате е најголемата измама што Југославија и домашните македонски предавници му ја приредиле на македонскиот народ – реков. Но отрезнувањето веќе е во тек и јас се гордеам што сум еден од будителите за тоа отрезнување.

- Ти си шпионско лајно, ете што си ти! – рече Гогов изнервирано.

- Во твоето последно пишување ти стигна до Бременскиот конгрес во 1972 година. Таму пишуваш дека на твојот предлог Организацијата го променила своето име во Движење за Обединување на Македонија. Ние знаеме дека кусо време по конгресот кон тоа “обединување“ беше придадено и едно “за ослободување“ на Македонија. Објасни го писмено тоа зашто Организацијата се прекрсти од Ослободителен комитет на Македонија прво во Движење за Обединување на Македонија, а потоа и за ослободување на Македонија. Дали сметаше дека оваа наша Македонија, СРМ не е слободна? Покрај тоа објасни писмено зашто ти изврши преврат во ДОМ т.е. ДООМ, отстранувајќи го легално избраното на Бременскиот конгрес раководство. Зошто подоцна самоволно се назначи претседател на Централниот комитет на ДООМ, и зошто легално избрани претседател и секретар од Бременскиот конгрес Димко Нечевски и Јован Гарвански ги истурка од претседателското односно секретарското место и самиот стана претседател на Централниот комитет.

Ме вратија во келијата и почнав да пишувам. На темите што ми го зададоа го напишав следното. Напишаното пак го давам во форма на резиме.

Самиот збор “комитет“ во своето етимолошко значи одбор или избор на мал број луѓе кои имаат

задача да раководат со нешто некоја секција или работа. Комитетот, дури и тој кога е Централен, може да се состои само од три или четири човека, без разлика на ширината и длабината на акцијата кој тој се нафатил да ја спроведува во живот. Ослободителниот комитет на Македонија даваше слика на широко, масовно македонско движење. Движењето за обединување на Македонија требаше да ја покаже ширината на македонското национално движење од сите распарчени делови на Македонија и од емиграцијата од дијаспората во акција за обединување на Македонија и за самостојна македонска држава.

Меѓутоа, веднаш по прокламирањето на новото име на Организацијата некои македонски патриоти по потекло од Вардарска Македонија направија забелешка што во името на организацијата не е ставено и за “ослободување“ на Македонија, зашто Македонија може да се обедини а пак да не биде слободна. Вардарска Македонија денеска е обединета со другите народи во Југославија а пак не е слободна. Јас лично сметав дека оваа забелешка е правилна и затоа го додадовме и она “за ослободување“. Така ДОМ стана ДООМ.

На Бременскиот конгрес Организацијата не само што си го промени своето име туку и донесе нов статут и политичка платформа. Новото раководство беше задолжено да работи по новиот статут и политичка платформа. Меѓутоа по конгресот Димко

Нечевски новото име на Организацијата не го применуваше, а во работата се раководеше уште од некогашниот статут на Ослободителниот комитет на Македонија, напишан уште од предавникот Благој Миленковски. Со таквата своја постапка Нечевски не ги почитуваше решенијата на Бременскиот конгрес – конгрес на кој тој беше избран за претседател. Бидејќи не сакаше да се повикува на законите на Организацијата тој беше сменет од претседател. Тој не беше сменат од мене, туку од здравите патриотски снаги на коишто неговата политика им личеше на миленковштина, на политика помирлива кон Југославија.

Со Гарвански случајот е чисто криминален. Кога стана секретар на ДООМ тој од бившиот претседател, т.е. од мене ја побара “касата“ на Организацијата, мислејќи си идиотот дека Организацијата има некаков буџет за нејзиното издржување, од кој буџет ќе може тој да краде за себе. Кога му беше речено дека Организацијата нема некаква каса, т.е. дека касата е празна, не сакаше да поверува. Сакаше да знае од каде ѝ биле парите на Организацијата за печатење на “Македонска Нација“ и на други печатни материјали, и кога му кажавме дека сме давале од нашите џебови и од помошта што ни ја давале другарите, мислеше дека го лажеме и го криеме изворот на финансирањето на Организацијата. Бидејќи го знаеше нашето неслагање со Димко Нечевски по горе наведените причини се фати со него да комплотира против нас. Гарвански откако беше согледал дека Организацијата не може да

му биде крава молзница, беше изгубил и волја за вистинска работа. Затоа Организацијата само после неколку месеци по Бременскиот конгрес не само што го смени од секретар, туку и го исклучи од своето членство.

Кога утредента се најдов пак пред иследниците, Анче Гогов ми рече: “Значи второто “О“ во скратеницата “ДООМ“ си го внесол за да ја потврдиш твојата теза дека Вардарска Македонија не е ослободена, па затоа треба да се води борба за нејзино ослободување.

- И за нејзино ослободување – реков – за ослободување на цела Македонија.

- Но во Вардарска Македонија и врапците керамидите знаат дека во неа македонскиот народ е национално слободен – рече Анче Гогов.

- Тоа ваше удбашко поимување на национална слобода, но в суштина со тој поим вие само го манипулирате народот, му раскажувате заносна бајка да си помисли дека е навистина слободен иако е окован во синџири и прангии.

- Да не сме правна држава, знаеш што заслужуваш да ти направиме? – рече Никола Илиевски.

- Правна држава не киднапира луѓе на чисто мафијашки начин од територија на една друга држава – реков. Вие удбашите правдата ја толку почитувате колку што ја почитувате слободата.

- Молкни!, не сери! – викна Илиевски да не те врзам пак долу за дирекот – рече налутено Илиевски.

- Сакав да ти кажам, но ти ме пресече, дека ти заслужуваш да те земеме и да те однесеме пред работниците на некоја македонска фабрика, или пред студентите на некој македонски факултет, или пред учениците на некоја гимназија, и да им кажеме: "Еве другари, ова е тој Драган Богдановски!, кој во емиграцијата пишуваше дека Македонија не е ослободена, дека таа е српска колонија, дека македонскиот народ е е рамноправен во Југославија, па затоа другари, ние ви го предаваме на вас, судете му, правете му што сакате!". И што мислиш народот ќе ти направи? Со камење главата ќе ти ја столче како на змија отровница.

- Тоа ќе ми го направат само вашите агенти и други србомански изроди во Македонија – реков. – Чесен Македонец не убива Македонец. Пред да бидам каменуван од вашите агенти, дозволете ми на масата да и одржам еден говор, да им кажам зошто сум се борел, да им кажам јас моите вистини, а не само вашите да ги кажете, па тогаш ќе видиме како ќе реагира македонската маса. Но вие се плашите од слободата на зборот, слободниот збор го гушите, или не дозволувате да биде изговорен. Ченто беше

најчесниот и најславниот Македонец што го дала Народноослободителната борба, па кога го судевте судската сала ја наполнивте со олош да му се исмејуваат и да викаат: “смрт за Ченто!“.

- Со тебе требаше на друг начин да се зборува, а не вака. Со тебе требаше да се зборува со чекан или со секира по главата, како што се зборуваше со Благој Шамбевски.

- Никој не ви пречи и тука со мене да зборувате со вашиот јазик на чекан и секира? – реков.

- Сега имаш право, кој ни пречи да ти ја столчеме главата? Никој. Ќе наѓубриш некоја бука во ова македонска планина – рече Никола Илиевски. – Крајот делото го краси, ќе дојде крај и на оваа истрага па ќе видиш што те чека.

- Кога вие го избравте Гарвански за секретар ние во Службата мислевме дека нему му падна секирата во мед, си рековме тој хохштаплер сите ќе ги изманипулира и ќе се збогати на сметка на Организацијата, но ти излезе поголем манипулант од него, не му ја даде касата и го избрка од организацијата. Мајсторот си нашол мајстор!

- Вие Гарвански го тепавте во Минхен, а неговото тепање е доказ дека вие знаете да применувате сила, терор – рече Никола Илиевски. – Ти ли им даде наредба да го истепаат.

- Гарвански го тепаа мои луѓе, луѓе кои ми беа мошне блиски, го тепаа по своја сопствена иницијатива затоа што зборувал против мене. Јас за тепачката разбрав дури две недели подоцна – реков јас.

- Кој му ја скршил вилицата – праша Никола Илиевски.

- Александар Котсенцов – реков.

- Имаше ти доста луѓе околу тебе кои можеше да ги искористиш да сеат страв и трепет среде твоите противници – рече Гогов. Но ти тоа не го искористи.

- Јас моите непријатели ги тепав со зборови, со вистината – јас не бев никаков терорист – реков.

- До каде стигна со твојата автобиографија? – ме праша саркастично Илиевски.

- До тепањето на Гарвански во 1973 година односно до убиството на Шамбевски во 1974 година.

- За убиството на Шамбевски другпат ќе зборуваме, сега сакам за утре да ни го опишеш периодот 1973-1974 година, последните три години од твоето непријателско дејствување. Посебно не интересира за случајот со Ванета Петрески.

- За Ванета Петрески што има да ве интересира, кога тој е ваш агент, сте ги читале неговите извештаи за неговата удбашка дејност во емиграција – реков.

- Ако сме ги читале, сакаме да ја слушаме твојата верзија на неговите успеси – рече Никола Илиевски.

- Браво! – реков – Еднаш и вие нешто да признаете.

- Што тоа праша – зачудено Илиевски.

- Дека Иван Петрески или Ване Самоилов Петровски како што тој ни се прикажуваше во емиграцијата бил агент на УДБА – одговорив.

- Зарем тука во овие услови на оваа планина има смисла Драгане да се лажеме – одговори Илиевски – Зошто да те лажеме за нешто кога ние знаеме дека ти ја знаеш нашата права вистина. Неприликите што ти ги правеше Ване во емиграцијата ти ги правеше УДБА. Вистина ти излегуваше победник од играта што ти ја местевме, ти го проеба и Ванета, дури и направи да биде затворен во Германија а потоа во Белгија, но на крајот УДБА пак победи. Те фативме и те донесовме овде.

- Признајте си дека и убиството на Благој Шамбевски беше ваша работа – прашав.

- Ти реков дека за убиството на Шамбевски другпат и во врска со друга работа ќе зборуваме – одговори Илиевски – но баш кога навалуваш, тогај знај: ние му го светивме маслото. Мораше така да биде, друго решение немаше.

- Еве и едно кусо резиме од “писмената задача“ тоа попладне што ја напишав во мојата келија.

Се до убиството на Благој Шамбевски на 2 август 1974 година јас Ванета Петровски го немав видено ниту се имав допишувано со него. За Ванета за првпат слушнав неколку месеци пред убиството на Шамбевски од самиот Шамбевски. Шамбевски ми го претстави како “силен Македонец“, кој е спреман и да извршува терористички акции за Организацијата. На Шамбевски му реков да внимава со еден таков човек зашто УДБА веќе се обиде во Шведска преку еден свој агент да изврши атентат во името на нашата Организација за да ја компромитира пред шведските власти како терористичка организација и да дојде до нејзино забранување. Шамбевски не ме послуша, стана пријател со Ванета и го прими Ванета во Земскиот комитет на ДООМ за Германија. По убиството на Шамбевски Централниот Комитет на ДООМ се состана во Стразбург Франција и многу непромислено го избра Ванета на изпразнетото место на Шамбевски. Ова најповеќе стана бидејќи немаше кој да ја врши техничката работа околу излегувањето и експедирањето на “Македонска Нација“ која се печатеше во Минхен. Мојата најголема грешка во

емиграцијата можеби е таа што техничката работа околу списанието му ја доверив на Ванета. Парите што му ги пуштав да го плати на печатницата списанието тој си ги трошел за себе, па печатницата ми се жалеше зошто навреме не си ги измируваме сметките за печатење. Им кажав дека ние знаеме дека сметките се измирени, зашто пари му се испратени одамна на Ванета. Фатен во проневера и поканет да даде објаснување за својата нечовечка постапка пред Централниот Комитет, свесен дека ќе биде казнет со исклучување од Организацијата, Ване, веројатно по советите на своите удбашки господари од Скопје, издава еден лажен број “Македонска Нација“ за да стори забуна меѓу членството на Организацијата и поширока во македонската општественост. Во лажниот број на “Македонска Нација“ меѓу другите лаги пишува дека Централниот комитет ме исклучил мене од Организацијата поради проневера на материјални средства. Така ајдукот викаше: “Држете го ајдук!“. Но лагата што ја исфрли Ване траеше помалку од што трае една сапуница. Луѓето ме познаваа мене и ми веруваа. Во вистинската “Македонска Нација“ Ване беше разобличен како удбин агент кој успеал да се вовлече во Организацијата за да ја разбие одвнатре. За овој удбин инаку наемен убиец ќе стане збор и подоцна во оваа книга.

Тој ден кога милиционерите ме одведоа во ловџиската соба моите иследници беа во нивната

комплетна состојба – покрај Илиевски и Гогов беа дошле и Шкатров и Николовски.

- Го читавме твоето пишување за Ванета Петровски – рече Тошо Шкатров- и во него откривме една твоја голема контрадикторност. Ти за жива глава не сакаш да признаеш дека си работел за странските полиции, а ваму пишуваш како си го затворил Ванета во Германија и Белгија. Т си морал да имаш некакви врски со тие полиции кои тебе те послушале, па го затвориле.

- Ване се шеташе меѓу Македонците во Германија и Белгија и им го покажуваше својот пиштол фалејќи се дека со него ќе ме убие. За Ваневото фалење ме обавестија веднаш моите пријатели. Но јас не отидов во полицијата да го пријавам, туку седнав и на германската а после тоа и на белгиската полиција им напишав анонимни писма дека во нивните земји се шета еден опасен криминалец вооружен со пиштол. Наговестив дека постои голема веројатност дека е агент на УДБА и дека е испратен на Запад да убива македонски патриоти непријатели на југословенскиот титовистички режим. Бидејќи времето се совпаѓаше токму кога во Германија и Белгија беа убиени некои емигрантски водачи од српско и хрватско потекло, полицијата веднаш реагираше го затвори. Моето анонимно писмо пишувано на француски јазик со печатни ракописни букви дури беше објавено и во најголемиот весник “Л соар“. Писмото беше објавено факсимилно. Има ли подобар доказ дека јас ни моите

непријатели не сум ги предавал на полицијата како нејзин соработник. Анонимното пријавување го сметав за моја лична самоодбрана да обезоружам еден непријател и да го сторам безопасен.

- Но Ване сега богато ти се одмаздува за она што му го стори – рече Тошо Шкатров – Знаеш ли дека тој сега маме ебе во емиграцијата, во твоето отсуство тој ги скара твоите пријатели меѓусебно, тој му ги нанесува последните удари на ДООМ.

- Не само Ване, туку и целата УДБА на Југославија нема да го разбие ДООМ – реков – Колкави и да се штетите на УДБА што ќе му ги прави на ДООМ, тој нема да умре, зашто неговата идеја е безсмртна. ДООМ тоа е илинденскиот идеал на македонскиот народ, тоа се вековните стремежи на македонскиот народ за слободна македонска држава, за национално обединување. Работата што ја врши Ване е работа на еден платен агент, на еден наемен убиец, зашто јас сум убеден дека Ване Петровски е убиецот на Шамбевски.

- И да е, можеш да му се фатиш за стапот – рече Анче Гогов.

- Знаеш ли ти зошто беше убиен Благој Шамбевски? – праша Митко Николовски.

- Затоа што беше македонски патриот – одговорив.

- Ти си глуп ако мислиш дека затоа бил убиен – рече Николовски – Тој беше убиен заради неговата врска со Венко Марковски односно со Бугарија.

- За таква негова врска не верувам – реков – зашто во Благој Шамбевски не сум видел никакви пробугарски чувства.

- Ти го браниш Шамбевски бидејќи на тој начин сакаш да ја сокриеш и твојата врска со Венко Марковски, но нас не можеш да не лажеш, ќе мораш да ја признаеш вистината.

- Која вистина – прашав.

- Таа дека си имал врска и соработувал со Венко Марковски, а за нас кој соработувал со Венко Марковски, тој работел за Бугарија, - рече Тошо Шкатров.

- Тоа ќе треба вие да го докажете, а не јас – реков.

- Ќе го докажеме, ќе го докажеме – рече Шкатров – Ти секогаш беше вистинскиот редактор на "Македонска Нација", без твое одобрување ништо не можеше да се објави во списанието. Ти си тој што си го одобрил печатењето во "Македонска Нација". Ти не можело да не знаеш дека авторот или пишувачот на "Македонска Трагедија" бил Венко Марковски? Кажи

како го добиваше материјалот од Венко Марковски, преку кој човек?

- Вистина е и јас тоа не го криjам дека објавувањето на “Македонска Трагедија“ во рамките на “Македонска Нација“ јас го одобрив. Тоа го сторив затоа што во текстовите на “Македонска Трагедија“ имаше кажано многу вистини за злосторничката политика на титовштината направена спрема македонската нација, спрема нејзиниот обединителен илинденски идеал. Особено испишано и убедително “Македонска Трагедија“ го разобличуваше предавничкиот лик на новите денешни македонски србомански влстодршци во СРМ. Затоа решив да ѝ се даде место во рамките на “Македонска Нација“. Но јас уште при објавувањето на првиот број “Македонска Трагедија“ се ограничив од нејзината инфибировска идеологија. Бидејќи во одделните броеви на “Македонска Трагедија“ се чувствуваше прикриено бугарофилство, јас не оставив да не го осудам во специјален коментар на “Македонска Нација“ тоа бугарофилство. И кога тоа бугарофилство си ги откри роговите, предлагајќи во “Македонска Нација“ да не се пишува за македонски народ и македонска нација туку да пишуваме само за македонски народни маси, јас јавно ѝ откажав гостопримство на “Македонска Трагедија“ и јас обвинив дека таа е пишувана од бугарската Државна сигурност. Тоа го знаат сите Македонци кои читале “Македонска Нација“. По содржината на текстовите од “Македонска Трагедија“ знаев дека ги пишува некој или некои македонски

инфобировци, но никогаш на помислив дека тоа може да биде Венко Марковски.

- Ти знаеше добро дека тоа е работа на Венко Марковски – рече Митко Николовски – Туку кажи ни кој беше врската меѓу тебе и Венко Марковски.

- Никој – одговорив.

- Како ги добиваше материјалите за “Македонска Трагедија“.

- Ми ги даваше Шамбевски, како ги добивал тој, тоа е негова работа, но Шамбевски е мртов, тајната ја однесол со себе во гробот – реков.

- Таа тајна не е тајна ни за тебе ни за нас, - рече Никола Илиевски – но на нас ни треба твоето признавање. Ќе признаеш или душата низ газот ќе ти ја извадиме.

- Јас ви ја кажав вистината, нема друго што да признавам – реков.

- Дрште го бре пичка му мајчина, цревата да му ги истурам низ носот – рече Илиевски и скокна на нозе. Скокнаа и другите удбаши.

Митко Николовски и Анче Гогов ми дојдоа зад грб, едниот ме фати од едната страна под мишката, другиот од другата и ме кренаа од столицата. Никола

Илевски со тупаници почна да ме мава во стомакот. Како некој боксер маваше по мојот стомак, од првите удари ми го испумпа надвор воздухот што беше во мене, секој негов удар како да ми режеше стомакот и цревата на парчиња, жестоките болки беа мешани со силен нагон за повраќање. Кога се измори тој од мавањето, него го замени Шкатров. Да не ме држеа двајцата одамна ќе се струполев на подот. На устата ми изби пена, потоа загубив свест. Кога се освестив гледав милиционери го миеја подот со крпа од моите блуеници. Седев на столица, свиткан со рацете на стомакот, ми се гадеше и уште повраќаше.

- Признај, признај! Да не те мачиме повеќе!.. повторуваа иследниците.

- Нема што да признам, јас ви ја кажав вистината! – беше мојот одговор.

- Никогаш нема да можеш да не убедиш, дека еден Драган Богдановски не се заинтересирал кој е авторот на "Македонска Трагедија" – рече некој од четворицата иследници. – Ние не можеме да си замислиме дека ти не си го прашал Шамбевски на кој начин го добива материјалот за "Македонска Трагедија".

- Се разбира, го прашав – одговорив – но тој ми рече дека го добива од Италија како поштенска пратка, но на пратката немало подател кој го испраќа.

- И ти си можел на Шамбевски да му веруваш на таа плитка лага?! Не ние не веруваме во оваа твоја верзија, ти си знаел точно преку кој човек Шамбевски го добива материјалот. Затоа и ти си ни сомнителен дека си имал врска со Венко Марковски, а бидејќи си имал врска со него, си имал врска и со бугарската Државна сигурност.

- Тоа е само бладање на вашите полициски мозоци – одговорив – Тоа е манија на секоја полиција да не верува на својата жртва, но во случајов со мене вие сакате насилно да извлечете признавање од мене за она со кое не сум имал апсолутна никаква врска. Јас веќе реков дека за мене не беше од значење кој го пишува тој материјал, туку што пишува. Бидејќи во пишувањето на “Македонска Трагедија“ поголемиот дел беше жива вистина затоа го објавував тој материјал.

Времето беше одамна поминало за ручек и тројцата од иследниците отидоа во едната од другите две згради од удбашкиот комплекс да ручаат, со мене остана Анче Гогов.

- Зошто се ставаш сам на маки? – ми рече Анче Гогов – Каде ќе те доведе твојата тврдоглавност? Само во гроб. Биди малку поумен, спаси си ја главата. Мртвите не зборуваат, но тие и не гледаат, кога ќе лежиш два метра под земјата нема да знаеш што ќе се случи ни со Македонија ни со твојот ДООМ. Да се

преживее е голема мајсторија, но ти си лош мајстор за тоа.

- Јас не очекувам да преживеам, само го чекам крајот на моите маки – реков. Но ако продолжите вака тој крај бргу ќе дојде.

Гогов продолжуваше упорно да ме убедува да признам, зашто тоа било единствениот начин да останам жив.

Јас престанав да одговарам на неговите прашања.

- Зборувај, што молчиш? – ме праша Гогов.

- Толку ми е тешко во стомакот, а и главата ме боли, да повеќе и не ја разбирам смислата на вашите зборови, тие само ми ѕунат во главата како ѕун на некој бумбар – реков.

- Ќе зборуваш или ќе умреш – рече Гогов. – Ќе видиш што ќе те најде кога другарите се вратат од ручекот.

На ова заканување ништо не одговорив. Удбашот Гогов продолжи да ми ја пее удбашката литургија да признам.

По некое време се вратија од ручекот тројцата удбаши и го заменија Гогов кој отиде на руча. Со

тројцата удбаши во собата дојде и и удбашкиот лекар. Знаев дека овој лекар-џелат не дошол да ја врши својата благородна професија, туку како нов Менделе дошол да ме тортурира. И не се излагав, лекарот ги натера удбашките инспектори да ме скинат гол од половината нагоре, и кога овие ја извршија таа работа, ми го стави стетоскопот на градите и го ослушна биењето на срцето. Потоа им рече на удбашите: "Може да прими инекција".

По бојата на течноста во инекцијата разбрав дека ми инјектира "серум на вистината".

Пак главата ми ја стегаше хемиското менгеме, пак студена пот ми течеше од челото, од градите, од грбот...

- Признај, признај! – повторуваа моите тирционери.

Во еден момент кога болките и маката толку ме мачеа се фрлив од столицата на подот мислејќи се дека испружен на подот ќе ми биде полесно, но тогаш некој од иследниците викна: "Бргу дајте јаже да го врзиме за столицата". Ме кренаа од подот и преку градите ме врзаа за столицата. Со јажето ми беа врзани и рацете, а со друго јаже ми ги врзаа и нозете над глуждовите. Сега бев и закован за столицата. Бидејќи болките толку ми ја стегаа главата, јас како низ бунило ги слушав зборовите на моите удбашки џелати: "Признај, признај!...". Не знам колку време го

повторувале тоа “Признај!“, но сигурно траеле повеќе часови, зашто болките почнаа да ме попуштаат, почнав да ја разбирам смислата на удбашките зборови.

- Признај дека на Шамбевски материјалот за “Македонска Трагедија“ му го даваше Косовски, а ти знаеше за тоа, зашто беше пријател со Косовски, - рече некој од иследниците.

Мојот изморен мозок сепак ја разбра смислата со споменувањето на името Косовски. Затоа ги прибрав последните атоми од моите мисловни сили и реков: “Косовски го знам како политички емигрант од Бугарија, инаку доктор по нуклеарна физика“. Тој е син на македонски емигранти во Бугарија, неговите родители во бивша Југославија емигрирале за Бугарија. Самиот се чуствува Македонец и како таков го примивме во ДООМ. Човекот е антикомунист, голем непријател на бугарскиот комунистички режим, затоа не верувам дека бил агент на бугарската државна сигурност. Со него за Венко Марковски никогаш не сум зборувал. Во секој случај јас сега за прв пат од вас слушам дека тој му го давал материјалот на Шамбевски.

- Пак лажеш куче низаедно! – ми рече некој од иследниците. Ти знаеше дека Косовски работи за Бугарија.

- Да сум знаел дека работи, јас првиот би го раскринкал како бугарски агент, - одговорив.

Ноќта веќе беше паднала а нашиот разговор беше разговор на еден нем и четворица слепи луѓе. Или барем се правеа дека беа слепи.

Додека јас се мачев врзан и претепан на столицата, моите иследници вечераа на масата пред мене и пиеја вино.

- Признај ќе те одврземе и ќе ти дадеме да вечераш овде со нас – рече еден од иследниците.

- Благодарам на понудата! – реков но со вас не би пошол на на серење а не на вечера.

- Наше беше да те поканиме, а ти ако одбиваш тоа е твоја работа – рече удбашот. Да не речеш после дека ние не сме биле гостолубиви. Ти денеска не си ни ручан, сигурно си гладен?

- Вака не се изживувале ни нацистите со своите жртви – реков.

По вечерата во собата пак влезе удбашкиот лекар. Ме одврзаа да ми удри нова инјекција од "серумот на вистината" а потоа пак ме врзаа. Монотоното испитување пак продолжи: "Признај! Признај!..." Овојпат се убедив дека човекот имал тврда душа. Во моментите на мачењето никој човек на

земјината топка немаше да биде посреќен од мене ако душата или она што се вика живот излезеше од мене и така да престанат моите маки. Но душата се беше заинатила па не сакаше да го напушти моето тело. Маките продолжија целата ноќ. Истоштеноста и менталната замореност од мене беше направил само жив труп, кој веќе не ги ни разбираше зборовите на моите иследници. Не се сеќавам ни кога ме одврзале од столицата, ни кога ме однесле во мојата келија.

Спиев како некој тешко дрогиран човек. Се будев само да побарам вода од милиционерите кои ме чуваа и пак веднаш заспивав. На неколку пати милиционерите на раце ме креваа од креветот и се обидуваа да ме хранат. Со сила ми ја пикаа лажицата во устата, но на истоштениот организам повеќе му требаше почивка отколку храна. Кога се пробудив од сонот не знаев колку дена и колку ноќи изминале од последната сцена на тортурата што ми ја приредија удбашите.

Мојот организам почна да покажува белези дека ја надминал агонијата од тортурата. Гладот беше најдобриот симптом за тоа. Се обидов од милиционерите да дознам колку дена веќе не сум јадел, но тие само вртеа со главите, не сакаа да ми кажат. Истоштениот организам бараше надомест во храна, не оставив ништо да се врати назад од она што ми го носеа за јадење. На мое чудење со јадењето пак ми носеа шише пиво, а милиционерите ме прашуваа

ако сакам вино – црвено или бело, да им кажам – да ми донесат.

Изминаа неколку дена откако излегов од агонијата, а моите иследници не ме повикаа на сослушување. “Што е ова се прашував – чекаат да се оправам малку за да можат пак да ме тортурираат“. Но едно утро во почетокот на месецот август хеликоптерот забрмчи и се спушти на лединката пред мојот затвор. Од хеликоптерот слегнаа иследниците Никола Илиевски и Анче Гогов и веднаш дојдоја во мојата келија.

- Облечи се! – ми наредија – ќе те носиме со хеликоптер во Скопје.

Се облеков и тргнав по инспекторите, но пред да излезам од зградата со црна шамија ми ги врзаа очите за да не ги гледам другите згради наоколу. Ме водеа како што се води слеп човек до хеликоптерот. За да не се обидам да се фрлам од хеликоптерот рацете ми ги врзаа со синџири за глуждовите потоа синџирот го врзаа за едно од железо под седиштето. Седев во положба наведнат и го слушав работењето на моторот од хеликоптерот во лет. По некое време Илиевски ми ги одврза очите и ми рече: “Се наоѓаме над Скопје, ти даваме прилика да го видиш Скопје од висина“. Илиевски ми ги кажуваше имињата на одделните скопски населби, распрснати како печурки низ Скопската Долина. На крајот, хеликоптерот се спушти на една асфалтна површина пред една куќа која

имаше изглед на некаков хангар за авиони. Подоцна разбрав дека тоа било на вистина хангар за двата полициски хеликоптери, кој се наоѓа покрај реката Вардар во Идризово, во кругот на факултетот за државна безбедност, само двеста метра од затворот Идризово.

Пред хангарот чекаа три лимузини, од кои во двете видов милиционери вооружено со машински пушки. Со милиционерите беше и командантот на македонската милиција Аганијан. Мене ме качија во колата која имаше цивилен шофер, а внатре со мене влегоа Аганијан, Гогов и Илиевски.

Пред нашата кола тргна едната кола со вооружените милиционери, а по нас тргна другата кола, пак со вооружени милиционери. Ме носеа во секретаријатот за внатрешни работи на Македонија во населбата Црниче. Излеговме од левата страна по кејот на Вардар, потоа минавме пред судската палата и универзитетската библиотека, Илиевски не пропушти да ми ја покаже судската палата, потоа го минавме мостот на Вардар кај хотелот “Гранд“ и минавме пред Собранието на Македонија и Извршниот совет на Македонија. Илиевски продолжи да ја игра улогата гајд (водич), беше горд кога ми ги покажуваше палатите од кои Македонија ја раководат новите србомански врховисти. Поминавме покрај старата железничка станица, која стои како музеј од Скопскиот земјотрес, свртивме на десно и пак на десно под првиот подвожњак. На влезот во секретаријатот

имаше железна рампа, милиционерите ја кренаа и ги поздравија моите удбашки иследници. Дворот на секретаријатот за внатрешни работи изгледаше раскошен парк, со многу разнобојни цвеќиња и со борчиња од човечка височина. Иако часот беше околу 11, во дворот не видов никаков човек. После разбрав дека тој ден бил сабота и дека службениците за тој ден биле слободни, не работеле.

Ме воведоа во една барака, ама барака која повеќе личеше на некоја скандинавска дрвена куќа отколку на традиционална балканска недоделкана барака. Ме воведоа во една канцеларија, во канцеларијата на тогаш најглавниот шеф на УДБА за Македонија Тошо Шкартов. Стариот удбашки началник седеше во фотелја зад својата писачка маса. Зад грб стоеше еден огромен сеф, во кој веројатно беа заклучени многу од тајните на македонската УДБА.

Ме понудија и јас седнав во една фотелја.

- Што ќе се напиеш? – ме праша Шкартов – Виски, коњак, пиво или наша домашна ракија?

- Вие пијте што сакате, за мене една студен вода ако можам да добијам? – одговорив.

- А вода не може – рече Шкатров смеејќи се. Ти си денес гост на УДБА а преку неа гост и на Македонија, - рече Шкартов. – Како домаќини сакаме да ти покажеме дека не сме оние голтари што не

прикажуваше во твоите весници. Во Македонија се пие оригинал виски и вотка како и во секоја западна земја.

- Пие некој – реков – ама кој? И не ми ја навредувај татковината кога ја срамнуваш со УДБА.

- Денеска си наш гост и ке зборуваме само како Македонец со Македонец а некако затвореник со своите иследници – рече Шкатров. Од фиоката на својата писачка маса Шкатров извади шише со водка, шише со виски и шише домашна македонска мастика.

Димитар (Митко) Николовски од една друга канцеларија на послужавник донесе неколку чаши и бокалче со мраз.

- Јас ќе ти налеам виски – рече Шкатров – зашто знам дека за толку кусо време не си ги загубил западњачките навики да пиеш виски.

Полните чаши со виски беа на сите во рацете, тогаш Шкатров праша: “За кого да наздравиме?“ гледајќи ми право во очите.

- Ако сте Македонци ќе наздравете за обединета Македонија! – реков.

- Ај за Обединета Македонија ама во рамките на Титова Југославија! – рече Шкатров.

- Ај за Обединета Македонија сам за себе! – наздравив јас.

Удбашите се погледнаа меѓусебно, очигледно не им се бендисуваше моето наздравување.

Удбашите така да се рече наеднаш ги испразнија своите чаши до дното, и ме тераа да ја испразнам и јас мојата, па да налеат втора тура. Веќе кога бевме кон третата или четвртата тура, кога Шкатров ја отвори темата за која ме довеле во секретаријатот на внатрешни работи во Скопје.

- Останува само два дена до Четвртиот конгрес на ДООМ, - рече тој – Делегатите се собрани во Германија. Делегатите од Австралија Михаил Шариновски, Ристе Ристевски и Доне Димов во моментот се во ресторантот на Јован Гарвански во Бремен. Ние очекуваме дека со твоето донесување кај нас, конгресот нема да се одржи, дека ќе настане паника и збрка и дека Организацијата набргу ќе се распадне. Меѓутоа, изгледа дека сме ги потцениле силите на твоите пријатели, конгресот ќе го одржат и без тебе.

Веста дека конгресот ќе се одржи ме исполни со неопислива радост, радост која јас не знаев да ја сокријам пред удбашите. Одржувањето на конгресот беше морална победа за мене над удбашите и бев горд со другарите што ќе го одржат конгресот и со тоа ќе го продолжат континуитетот на нашето Движење.

- Што мислиш кого можат да го изберат на твоето место за претседател на ДООМ? – ме праша Никола Илиевски.

- Михаил Шариновски – одговорив.

- Зошто токму тој? – праша Анче Гогов.

- Зашто тој беше мојот кандидат за претседателското место. Три месеци пред конгресот јас го составив рефератот за политичката дејност на ДООМ и им го испратив на поткомитетите и на членовите на Централниот комитет да го простудираат и да дадат свое мислење за него. Истовремено го предложив Шариновски за претседател на ЦК на ДООМ.

- А за тебе за кое место се предложи? – праша Шкатров.

- За политички секретар и за редактор на “Македонска Нација“.

- Значи пак да ја водиш политиката ти? – рече Никола Илиевски. Но знаеш ли ти кој е Шариновски?-

- Знам – реков борец кој за македонската слобода и крвта си ја пролеал и за сиот живот останал инвалид. Чесен и бескомпромисен македонски борец.

- Тој е руски агент, женат а за ќерката на еден советски полковник, жена му скоро секоја година патува од Австралија за Советскиот Сојуз.

- Зашто да не патува, Советскиот Сојуз е нејзина татковина, таму са наоѓа нејзината фамилија – реков.

- Патува таа и по други работи – рече Шкатров – му донесува инструкции од НКВД на Шариновски што да работи. Впрочем ти знаеш дека Шариновски со една делегација од австралиското крило на ДООМ ја посети советската амбасада во Канбера и бараше помош од Советите за создавање на една обединета советска Македонија.

- За таква посета не знам, и не верувам дека некогаш била направена – реков – зашто ако била направена ќе сум бил известен од самиот Шариновски. Тој ми е искрен пријател и соборец.

- Ние сме убедени дека ти си знаел за таа посета, па дури и дека си ја одобрил или инспирирал – рече Анче Гогов. – Затоа и тебе те сомничиме за советски шпион.

- Вие ме тепавте да ви признам дека сум американски и француски шпион, сега ме правите советски шпион! – реков. – Во вашите обвинувања навистина нема никаква логика.

- До кога ќе биде Драган Богдановски енигма за целата југословенска полиција? – праша Тошо Шкатров.

- Дотогаш кога таа ќе престани да гони вештерки – реков.

- Ќотекот за тебе беше како спорт, како гимнастика – рече Митко Николовски. – Било па поминало!

- И нема да се повтори! – рече Шкатров – Во тоа нешто биди уверен! Но ти треба самиот да бидеш свестен дека ние не сме те довеле за џабе во земјата, ќе треба да ни одговориш точно на прашањата што уште остануваат да ти ги поставиме.

- Она што сум го правел не се ни обидов да го кријам во истрагата – реков. – Зашто јас сум потполно рамнодушен кон казната што ќе ми ја изрече судот.

- Што се однесува до твојата лична судбина, и ние така мислиме, дека си рамнодушен кон казната, но не си рамнодушен кога се во прашање други личности, за нивните дела ја сокриваш вистината.

- Јас одговарам само за моите дела, за туѓи дела не одговарам – реков.

- Ти одговараш за делата на сите домовци, затоа што ти беше нивниот идеолог, ти ги заведе на тој

пат – рече Никола Илиевски. Туку сега тоа нешто да го оставиме за другпат, туку да се слушнеме како се развиваат работите околу конгресот на ДООМ.

Испиеното виски брзо го совладуваше мојот истоштен организам, не бев пијан, ни јазикот ми беше премногу “одврзан“, самиот чувствувам дека сум полу пијан.

Моите иследници веројатно имале цел да ме поднапијат и кога видоа дека во тоа успеале, Шкатров рече: “Знаеш ли дека твоите другари што се собрани за конгресот сите тебе сега те знаат дека се наоѓаш интерниран на островото Сан Ре во Нормандија во Франција. Ние ги доведовме до таа заблуда, им пишавме писмо од твое име и го имитиравме твојот потпис. Им пишавме дека француската полиција те интернирала на островото поради немање на паспорт т.е. за илегален боравок во Франција и поради тоа не можеш да дојдеш на конгресот. Знаејќи те дека навистина немаш пасош, тие многу лесно поверуваа во нашата махинација. Сега ќе ѕвониме кај Исаковски во Бремен и ти ќе размениш неколку зборови со Исаковски и со делегатите од Австралија. Прашај ги што ќе стане со конгресот, и кажи им дека не можеш да дојдеш на конгресот, зашто не можеш да побегнеш од интернацијата. – Во тој момент Шкатров од фиоката извади револвер, на чија цевка беше натакнат пригушувач.

- Што е ова ме праша Шкатров.

- А што е ова на цевката на пиштолот – праша.

- Пригушувач.

- Ќе го завртиме бројот на Исаковски и ти ќе зборуваш, како што ти кажавме, но само ако се обидеш да кажеш дека се наоѓаш во рацете на УДБА, јас ќе те застрелам и ништо нема да се слушне во Бремен.

Телефонскиот апарат го ставија на масата пред мене. Шкатров ми ја стави цевката од пиштолот на челото, а Илиевски го вртеше бројачникот на телефонот. Врската со Бремен автоматски беше воспоставена, и слушалката ми беше ставена на увото.

Од другата страна на жицата се јави познатиот на мене глас на Исаковски. Повеќе од љубопитство, колку од страв, а може би и само благодарение на дејството на алкохолот, реков: “Здраво Јоване, што правиш, тука Драган“.

Понатаму дијалогот вака течеше:

Исаковски: од кај се јавуваш?

Јас: од Нормандија, од Франција.

Исаковски: Ќе дојдеш ли за Конгресот?

Јас: Многу жалам, ама не можам да дојдам. Ви пожелувам успех во работата и остварете го она што јас го имав планирано во конгресните документи.

Исаковски: Да не си болен, гласот ти е некако многу изменет, ми се чини дека не е твојот глас?

Јас: Нешто сум настинат.

Исаковски: Сега насред лето!

Јас: Дај ми го Шариновски и другарите од Австралија да разменам збор со нив.

Исаковски: Еве ти го Шариновски.

Шариновски: Здраво живо, како си?

Јас: Како можам да бидам добро кога не сум во состојба да дојдам на конгресот. Мојата желба лично да се запознам со тебе, со Ристета и Донета Димов пропадна во вода.

Шариновски: Ние мораме да се видиме макар и после Конгресот.

Јас: Тоа ќе биде многу тешко, но јас ти го предавам ДООМ во рацете и мислам дека не грешам. Поздрави ги сите другари на конгресот.

Во таа смисла изменив и неколку зборови со Ристевски и Димов. Ристевски ми се тажеше дека авионската компанија им ги изгубила куферите на патот од Перт до Париз. Погрешно ги испратила на некој на некој друг авион и во некој друг правец.

Наеднаш Илиевски ми го прекина разговорот, плашејќи се да не кажам нешто што би го открило моето заточение во УДБА на Македонија. Шкатров си го прибра пиштолот.

Колку што се срамував од моето учество во ова нова удбашка махинација толку се радував што конгресот на ДООМ ќе се одржи.

По лицата на удбашите се гледаше дека беа задоволни од начинот и од излезот на разговорот со Бремен.

- Сега заслужуваш еден добар ручек во најдобриот ресторант во Скопје, но се плашиме некој да не те препознае – рече Шкатров. Затоа, ти Митко скокни до некоја ќебапчилница и за нашиот гост донеси 20 ќебапи. Освен тоа купи леб, пиперки и патлиџани, пиење имаме тука. Нека руча тука во канцеларијава, па после ќе го носите на хеликоптерот во Идризово.

Половина час подоцна порачаното јадење го донесе Николовски а јас јадев сам во канцеларијата. Удбашите продолжија да пијат виски. По ручекот пак

седев во лимузината полициска, ескортиран од двете други коли во кои имаше вооружени милиционери. По истиот пат се вративме до факултетот на државната безбедност во Идризово. Но овојпат штом се качив во хеликоптерот, веднаш ми ги врзаа очите за да не видам на која страна ќе сврти хеликоптерот. Назад со мене на Караџица се врати само иследникот Никола Илиевски.

За време на летањето Никола Илиевски ми рече: “Драгане слушна ли што им направила УДБА на делегатите за конгресот од Австралија?“

- Не – реков – што им направила?

- Па нели слушна за куферите.

- Што има врска УДБА со нивните куфери?

- Таа во склопот на меѓународната соработка за борбата против тероризмот, интервираше кај француската полиција да на аеродромот во Париз им ги задржи нивните куфери, да им ги претресе плачките и да го копира сиот напишан материјал што го носат со нив. Ние добро соработуваме со француската полиција и доколку се најде некој субверзивен материјал во нивниот багаш французите ќе ни го предадат.

- Но вие сте ја злоупотребиле меѓународната соработка за борба против тероризмот со една гнасна

лага за да добиете информации од чисто политички карактер кои немаат ништо општо со тероризмот – реков.

- Како немате ништо со тероризам, а самиот знаеш дека се договаравте на конгресот да изберете Воен комитет кој ќе има задача да се занимава исклучително со терористички акции. Нашата служба не спиеше Драгане, ја знаеше и таа ваша намера. Знаеше дури и дека раководител на Воениот комитет го токмевте безобѕирниот Ристе Ристевски од Волонгонг, Австралија. Нашата служба веќе ги извести западноевропските полиции за намерата на ДООМ да создаде своја терористичка секција и дека оформувањето на таа секција ќе стане на конгресот во Германија. Делегатите од Австралија сега во која западноевропска држава да се појават ќе бидат наблудувани, а може би и сослушувани од тамошните служби за државна безбедност.

- Функцијата на Воениот комитет кој што намерувавме да го создадеме не беше да организира терористички акции во Западниот свет, туку да организира вооружени акции внатре во поделена и поробена Македонија. Тој требаше да биде институција на организирана револуционерна борба на македонскиот народ, - реков јас.

- Меѓународната соработка во борбата против тероризмот ги задолжува одделните држави да спречуваат на нивните територии да се организираат

терористички акции насочени и против другите држави. Сојузна Република Германија ги забрани организациите на хрватската емиграција кои постоеја во Германија заради тоа што овие организации организираа од германската територија терористички акции на југословенска територија. Ние ќе сториме се и ДООМ да биде забранет како терористичка организација.

- Вие веќе се обидовте тоа да го сторите во Шведска, но шведската полиција не беше толку наивна, па да не ја презре вашата махинација – реков. Вие му потуривте пиштол на еден божем наш човек во Гетеборг да пука во Клубот на Југословените во Гетебург, само и само да ја компромитира нашата организација пред шведските власти како терористичка. Но шведската полиција не се фати како риба за вашата јадица, таа оцени дека серискиот број на пиштолот можела да го избрише само една полиција и дека таа полиција можела да биде само Службата за државна безбедност на Југославија. За својата пијана акција “атентаторот“ си доби заслужена казна од шведскиот суд, но таа од вас припремана и извршена акција немаше никакви последици за нашата Организација. Пропадна уште еден друг обид да ја компромитирате нашата организација како терористичка. Еден ваш човек, инфилтриран од вас во нашите редови, на Организацијата во Шведска ни предлагаше да се сними филм за револуционерна активност, кој потоа да се испраќа како видео-касети на нашите организации во другите земји. По режијата

или сценариото на тој филм група членови на ДООМ во шумите околу Гетебург требаше да вежбаат со оружје и тоа излегување на “комити“ требаше да се сними на филм, кој после вие да го предочите на Швеѓаните дека ете ДООМ во Шведска се подготвува за терористички акции. Раководните луѓе на нашата организација ја прозреа вашата намера и цел не станаа жртва на вашата маникација.

- Значи ти знаеше и за таа работа? – рече Никола Илиевски – Кој беше тој толку паметен што ја осуети?

- Зарем за таа работа требаше да се биде многу умен, па да се види дека акцијата е местенка од УДБА? – реков. – Но ако сакаш да знаеш, извршувањето на акцијата го спречи Миле Илиевски.

- Ах, тој мој презимењак не бил толку глупав колку што сме го сметале да е – рече Никола Илиевски.

Утредента веднаш по појадокот ме одведоа во “ловџиската соба“. Се изнанедив кога покрај Никола Илиевски го видов и Анче Гогов, кој со нас не патуваше во хеликоптерот. Веројатно преку ноќта допатувал со џип.

Откако испивме по едно кафе и ракија, Анче Гогов ја отвори својата ташна и од неа извади неколку на машина чукани страници.

Ова е списокот на интелектуалците на нашата република кои престојувале во Париз и во други западноевропски градови да учат јазици за да бидат искористени за професори после усовршувањето или пак за научно истражувачка работа, рече Гогов. – Ние знаеме дека со многумина од нив ти си се состанувал, па дури и дека некои од нив ти станале сомисленици, те насрчувале во твојата антијугословенска работа, соработувале во твоите весници и списанија. Повеќето од нив кога се вратија во земјата сами дојдоа во Службата и ни раскажаа за средбите што ги имале со тебе. Сега јас ќе ти ги читам од овој список имињата на сите интелектуалци кои престојувале за одредено време на Запад, а ти кажувај да одбележиме во списоков со кого си се среќавал.

Списокот содржеше имиња на повеќе од сто македонски интелектуалци, мислам 120 и читањето траеше се до 1 часот попладнето. При секое мое потврдување дека со некого сум се сретнал, настануваше кратка дискусија кога сум се сретнал, колку време траело нашето дружење итн. Признав дека сум се среќавал со повеќе од дваесетина македонски интелектуалци, најмногу во Париз и тоа со писатели, со историчари од Институтот за национална историја, со журналисти, со лекари и со други стручни профили. На прашањата зашто сум се сретнувал со овие луѓе, реков дека до средбите доаѓало исклучително по моја иницијатива, дека нив јас сум ги барал и пронајдувал, за да агитирам за делото на Македонија, да ги запознам со идеологијата и

работата на ДООМ, да им дадам пропаганден материјал. На прашањето што ми одговориле тие одговорив дека во основа тие со симпатии гледаат на работата на ДООМ, само ми советуваа да не ја напаѓам толку Југославија, зашто таа сепак му дала слобода на македонскиот народ.

- Лажеш дека сите тоа ти советувале- рече Никола Илиевски – ние знаеме дека некои од нив ти биле вистински советници како да ја заостриш политиката во однос на Југославија.

- Велиш дека ти советувале да не ја напаѓаш Југославија – рече Гогов – при толку совети како ти не послуша ниту еден од нив?

- Мојата цел беше јас да извршам политичко влијание врз нив, а не тие врз мене – одговорив.

- Значи се правеше поумен од универзитетски професори и од други наши врвни интелектуалци – рече Никола Илиевски.

- Тука не се работи за интелигентност, за академски дипломи – реков – туку се работеше за оданоста кон ослободителната кауза на Македонија.

- Денеска попладне и следните неколку дена ќе пишуваш за секого поединечно од луѓето што си ги сретнал и што признаваш дека си ги сретнал. За оние

што не признаваш дека си ги сретнал, ќе зборуваме подоцна.

Пишувањето за моите средби со интелектуалците од СРМ траеше десетина дена, ако не и полни две недели. Во воспоставениот ред во попладневијата пишував, а во предпладневијата бев воден во “ловечката соба“ да давам дополнителни обавестувања пред моите удбашки иследувачи. Меѓутоа и во опишувањето и на дополните сослушувања строго внимавав со моите искази да не наштетам или напакостам на некого од овие македонски интелектуалци. За сите велев дека се покажале лојални граѓани кон Југославија, дека ме советувале да не ја напаѓам Југославија и посебно Тито. Дека ова што сега го тврдам е живата вистина, покажува и самиот факт што ниту еден од овие македонски интелектуалци не настрада поради мене. И кога после десет години и седум месеци излегов од занданата, со многумина од овие македонски интелектуалци се видов. Средбата со нив беше мошне срдечна, сите ми ја кажуваа нивната благодарност што сум молчел во истрагата, што не сум ги предал. Инаку тие биле мошне исплашени за себеси кога во февруари 1979 година преку средствата за јавно информирање разбрале дека сум затворен и осуден во Скопје. И имале зошто да се стравуваат некои од овие луѓе зашто јас под разни псевдоними бев објавил во “Македонска Нација“ и нивни материјали. Ако ова нешто го бев признал, тие ќе одговараа не само за непријателска пропаганда туку и антидржавна дејност,

што немаше да им фали најмалку десет години затвор, а да не зборуваме дека тоа ќе беше и крај на нивната професионална кариера.

Друг беше случај со интелектуалците кои веќе беа мртви, за нив немаше причина да не ја кажам вистината ни пред удбашите. Тоа го правев за да им докажам на удбашите дека во СРМ има врвни интелектуалци кои земаат одговорни политички а и други општествени функции кои не се задоволни од титовистичкото "решение" на македонското прашање и дека ја одобруваат политиката на ДООМ. Ваков беше случајот со починатите Кирил Миљовски, ректор на Скопскиот универзитет и универзитетскиот професор Киро Ќамилов. Кирил Миљовски освен функцијата ректор на Скопскиот универзитет ја вршеше и функцијата првиот шев на ОЗНА во Македонија, и амбасадор во Бугарија и Данска, а Киро Ќамилов беше познат со своето учество во интернационалистичките бригади во Шпанската граѓанска војна.

И двајцата починати овие македонски интелектуалци останаа во моето сеќавање како добри и искрени македонски патриоти. Би можел да напишам цела книга од разговорите што сум ги имал со нив. Кирил Миљовски во 1944 година на слободната територија ја формирал македонската ОЗНа "Орган за заштита на народот", но кога видел дека треба да работи исклучително на директивите на Александар Ранковќ и Белград, со големи маки, и под изговор дека

сака да студира економија, успеал да се ослободи од ознашката положба, “Во сите полиции на светот седат само најглупавите луѓе“ – ми велеше Кирил Миљовски – затоа не сакав да останам во таа служба. Инаку Кирил Миљовски пред војната имаше завршено ветеринарен факултет во Загреб и беше еден од основачите на МАНАПО (Македонски Национален Покрет) во Загреб. За својата измината политичка дејност Миљовски велеше дека таква била ситуацијата во Македонија и на Балканот и така морал да се бори. Да сум сега на Вашето место јас би бил со Вас во ДООМ. Но како ректор на Скопскиот универзитет јас создавам македонски интелектуални кадрови и така вршам една корисна за Македонија и за нејзината кауза работа.

Професорот Киро Ќамилов беше дојден во Париз да ги оперира очите, скоро беше полуслеп. Тој самиот побара на препорака на еден негов пријател, исто така универзитетски  професор од Скопје. Тој беше човек со бурен револуционерен живот и занесено се впушташе во евоцирање на своите спомени. Во Шпанската револуција учествувал не како комунист, туку како анархист, за комунистите го имаше најлошото мислење што може да се има. Во 1948 година го затвориле и тортурирала ОЗНа како божем во спорот меѓу Тито и Сталин дека се изјаснил за последниов, иако тој Сталина го еднакво мразел како што го мразел и Тита. Бил испратен на Голи Оток и таму ја минал голготата што титовистичкиот комунизам му заприредил. Сожалуваше што е толку

стар и толку слеп, за да не може да се вклучи во редовите на ДООМ.

Тука треба да ги спомнам и моите маки што ги имав заради еден професор на Скопскиот Универзитет и научен соработник на Институтот за национална историја на Македонија. На списокот него не го одбележав дека сум се состанувал со него. Удбашите не ми веруваа и ми велеа дека не ја зборувам вистината и дека имам специјална причина што не сакам да признам дека сум имал било каква врска со него. Удбашите ме тераа да пишувам и за него но јас одбив и велев дека за него нема што да пишувам бидејќи никогаш не сум го видел или сретнал. Јас и навистина не бев го сретнал овој македонски историчар, но додека беше во научна-истражувачка работа за една источноевропска земја му пишав едно писмо. Јас знаев дека овој македонски историчар беше нападнат во режимскиот печат како македонски националист., и сеуште беше третиран од режимот како неблагонадежен. И писмото што му го испратив во источноевропската земја не го спомнаа. Меѓутоа, неколку месеци после сослушувањата за моите средби со македонските интелектуалци, удбашите пак бараа од мене да признам дека сум се среќавал со историчарот, но јас одбив да признам. Тогаш Никола Илиевски од една папка го извади писмото што му го имав пишувано на историчарот и ми рече: “Еве доказ дека лажеш. Погледни го ова писмо па кажи ни твое или не е!“. Го раздиплив писмото и го погледнав. Беше моето писмо. Реков: “Јас со стотици луѓе се имам

допишувано, така да повеќе не се сеќавам со кого сум се допишувал. Ако не ми го покажевте писмово можевте да ме заколите но немаше да признам дека сум го пишувал“.

- А се сеќаваш ли се сега што ти одговори историчарот? – праша Никола Илиевски.

- Не се сеќавам ни дали ми одговори – реков, но удбашите продолжија да веруваат дека не сакам да признам.

Фактот што моето писмо до историчарот се наоѓаше во рацете на удбашите ме тераше да сомневам дека историчарот станал човек на СДБ. Предавајќи ѝ го моето писмо тој сакал да ја потврди својата лојалност кон југословенскиот режим. Меѓутоа, тоа не штимуваше со нападите во режимскиот печат со кои се обвинуваше македонскиот историчар за македонски националист. Затоа, си мислев дека постои и друга можност, дека моето писмо било фатено од цензурата на источно-европската земја и полицијата на таа земја писмото го предале на југословенската полиција. Денеска, судејќи по држењето на македонскиот историчар по македонското прашање, склон сум да верувам во втората алтернатива, а имено, дека моето писмо ѝ било предадено на СДБ од полицијата на источноевропската земја.

Кон средината на месецот јули пак бев однесен со хеликоптер во Скопје. Телефонската врска горе во планината Караџица во удбашкото дувло слабо функционираше, телефонски разговори со странство беа невозможни. Затоа сега пак се најдов во канцеларијата на Тошо Шкатров во СДБ за Македонија.

- Имаме информација дека конгресот се одржал, но не го знаеме составот на новиот Централен комитет, затоа те доведовме тука ако сакаш да телефонираш кај Милета Илиевски во Гетебург, кај него се сега делегатите од Австралија за да чуеме кои луѓе влегле во комитетот, - рече Шкатров.

Во тој момент почуствував силна желба да слушнам нешто за работата на конгресот, што и не помислив дека со ова нешто ѝ правам една услуга на СДБ. Подоцна кога мислев за ова работа, не се обзирнував за некое предавство кон организацијата зашто удбашите ќе го научеа составот на новиот ЦК на ДООМ од самиот печат на Движењето. Разговорот со другарите и соборците во Гетебург траеше можеби едно петнаесет минути. За работата на конгресот и за изборот на ЦК ме информираше Михаил Шариновски. Конгресот поминал како што беше планирано. Конгресот ме избрал мене за политички секретар на Централниот комитет. Шариновски инсистираше пак за едно видување наше, било каде во Европа, но на мене ми беше жал што морав да го лажам дека не ќе

можам да се искубам од “интернацијата во Франција“ во која се наоѓам.

Кога завршив со пишувањето за македонските интелектуалци кои сум ги среќавал во странство на Запад, удбашите ми отворија една друга работа. Ми беа донесени сите весници и списанија кои сум ги редактирал и од мене бараа да ги откријам псевдонимите на статиите што не се потпишани со вистинските имиња и презимиња на вторите. Ми ги носеа весниците и списанијата по хронолошкиот ред на нивното излегување. Најпрвин тоа беше “Македонска Лоза“, потоа следеа “Слободна Македонија“, “Македонска Мисла“, “Камбана“, “Македонија“ и на крајот “Македонска Нација“. Некои посебни маки оваа работа не ми даваше, зашто за луѓето кои бе во странство а кои имаа пишувано под псевдоними не беше грев да се открие вистината дека тие ги пишувале статиите, но кога беа во прашање луѓе кои сега живеат внатре во СРМ, особено интелектуалците за кои удбашите посебно ме сослушуваа, морав да лажам. Како автор на нивните статии се кажував јас или го кажував Страхил Пеев од Шведска. Во врска со оваа работа мислам дека треба да ја спомнам и епизодата со една моја хумореска објавена под псевдоним во “Македонска Нација“. Хуморескатa го навредуваше претседателот на Југославија Јосип Броз Тито. Навредувањето беше мошне презасолено, Тито беше направен едно диво балканско куче донесено во Шведска од еден наш печалбар, па со своето лаење мошне се разликува од

домашните шведски кучиња и цел еден квартал од градот не остава да спие, поради кое комшиите на нашиот печалбар поднесуваат тужба во судот за кучето Тито, кого нашиот печалбар го крстил со името на претседателот на Југославија. Комшиите бараат кучето Тито да биде убиено или протерано од Шведска зашто многу лае како неговиот еминентен имењак и не ги остава да спијат.

Кога дојдов до оваа статија морници ми поминаа низ грбот. Зар да признам дека сум ја осквернил иконата на богот на југословенските комунисти, во чие име и нашите македонски комунисти во СРМ легнуваат и стануваат, во тоа име се крстат и кога крадат и кога убиваат! Решив да напишам дека авторот на хумореската е Пеев, кој сега безбедно и мирно живее во Швајцарија. Така и сторив, но утредента пред пладнето кога удбашите ме извикаа во “ловџиската соба“ веднаш ми рекоа дека лажам, дека не е Пеев авторот на статијата, туку дека сум јас.

- Во таа хумореска која толку го навредува човекот кој му даде слобода на македонскиот народ има Македонци кои жив би те одрале, сега да им те дадеме, ќе те линчуваат без секаков суд и пресуда – рече Анче Гогов.

- Јас би те извел тебе на плоштадот Маршал Тито во Скопје и би те покажал на народ. “Народе – би викнал – овој изрод македонски напиша дека другарот Тито е куче кое бесно лае, ви го предавам во рацете,

правете што сакате, - рече Никола Илиевски. – Народот ќе плука врз тебе, во плуканки ќе те удави!

- Манија на секој тоталитарец е да се назначува со народот, своите лични желби да му ги припишува на народот – реков.

- Молчи да не станам да те згазам! – рече Никола Илиевски – Ти дадовме збор дека повеќе нема да те тепаме, но ако продолжиш вака провокативно да се држиш, нема да водиме сметка за дадениот збор.

Летото 1979 година мина а јас сонце не видов. И на двата мои патувања во Скопје минаа со врзани очи. Од бункерот во кој бев затворен сонцето можев да го гледам само преку ситото и решетките на прозорецот од мојата келија, или од прозорците на “ловечката соба“ кога во неа бев качуван за сослушување. Затоа страшно бев изненаден кога во септември месец мојот удбашки иследник Никола Илиевски ми рече ќе ме носат во Охрид на “Екскурзија“ да ми покажат колку Македонија силно била развиена.

- Меѓутоа, не смееме да те носиме во Охрид не маскиран, некој може да те препознае – рече Илиевски – По наше знаење ти досега никогаш не си носел мустаќи, јас ти донесов вештачки мустаќи. Кои сега кога ќе ги залепиш под носот никој нема да те препознае.

- Тоа е улогата на еден кловн што ми ја припремате да ја играм му реков.

- Ќе видиш дека не е никаква игра – рече Илиевски – Ни падна на памет да те разонодиме малку, да ја видиш културната престолнина на Македонија. Ти толку си пишувал за таа Македонија а се уште не ја познаваш. Ќе те носиме со хеликоптер. Отука ќе летнеме околу девет часот, а планираме да се вратиме вечерта околу шест или седум часот.

Убаво се сеќавам дека мојата “екскурзија“ за Охрид се случи на 20 септември 1997 година. Кога ме качија на хеликоптерот очите ми ги врзаа со црна крпа и ми ги одврзаа можеби после еден час патување. Очите ми ги одврзаа над Мавровското вештачко езеро и ми го покажаа убавините на припадниците на новата привилегирана класа.

- Тука беше дива планина, а сега гледаш со километри долго вештачко езеро и вакво нешто ретко можеш да видиш на Запад – рече Никола Илиевски, кој седеше напред во хеликоптерот.

- Многу поубаво ќе беше ако го оставевте какво што си било порано.

- Го надлетавме Дебар, потоа летавме по долината на реката Дрим, ја надлетавме хидроцентралата Глабочица, па излеговме над Струшкото поле кај селото Велешта, ја надлетовме и

Струга и дел од Охридското езеро кое беше црно од јата црни гулаби, и слетовме на Охридскиот аеродром. Бев зачуден кога на слегнувањето од хеликоптерот на аеродромот ги видов скоро сите дваесетина мои чувари милиционери на планината Караџица, кои преку ноќ биле префрлени во Охрид за да ја вршат својата чуварска должност и во овој град. Само сега тие беа облечени во цивилна облека и повеќе даваа изглед на туристи отколку на полицајци.

Во Охрид на аеродромот не пречека и Аганијан, командантот на македонската милиција со неколку цивилни агенти, замене непознати. Три патнички автомобили (лимузини) чекаа на нас. Мене ме поставија во средниот, со мене во автомобилот седнаа Илиевски и Аганијан. Најпрвин го посетивме хотелот “Изгрев“ кај селото Калишта на самата албанска граница. Хотелот се наоѓа на самиот брег на Охридското Езеро, има широка тераса која граничи со езерото, има прекрасен изглед кон езерото. Во склопот на хотелскиот објект влегува и природната пештера кој некогаш во средновековието била пештерска црква а сега е преобразена во ресторанска сала на хотелот. За туристите кои во овие септемвриски денови беа исчезнале од Охрид сигурно ова пештерска ресторанска сала преставува најроматичното туристичко доживување во нивниот живот.

Седнавме на терасата пред хотелот. На масата бевме јас, Никола Илиевски и командантот Аганијан.

Полицајците порачија виски за себе, виски порачија и за мене. Седевме и разговаравме за малата црква на некогашниот Калишки манастир, која пред некоја година била изгорена, мислам до албански националисти, и сега повторно беше подигната, ја малтерисуваа надворешно. Во тој момент од некаде се појави со филмска камера 16 милиметри шоферот на џипот што ги вози удбашите на Караџица и почна да не снима нас тројцата од нашата маса. Тогаш разбрав зошто ме донесле удбашите во Охрид, зошто ми клале мустаќи вештачки за да направат филм кој ќе можат да го прикажуваат по потреба на нашата емиграција дека јас сум дошол во Македонија, дека слободно сум се шетал низ Охрид, и дека СДБ ме фатила внатре во Македонија.

Снимањето се повтори уште на неколку места во Охрид и Струга – во хотелот "Метропол" во Охрид, во хотелот "Дрим" во Струга и уште на некои места.

Околу два часот по пладне стигнавме во хотелот-летовалиште на службата за државна безбедност во месноста Горица и тука ручавме. Во удбашкото дувло останавме до четири часот, кога тргнавме назад за охридскиот аеродром. Хеликоптерот ја надлета планината Галичица, потоа ги надлетуваше покриените со густа шума ридје Демирхисарски, пролетавме над прочуениот манастир во селото Слепче, го надлетавме и историското Смилево, ја надлетавме Пелагониската рамнина меѓу градовите Битола и Прилеп и излеговме над реката

Вардар, каде што удбашот Илиевски ми ги врза очите со црна крпа за да не видам на кое место се наоѓа тајниот затвор на СДБ. Додека ги имав заврзани очите хеликоптерот можеби леташе уште половина час.

И денеска се прашувам дали удбашите се користеле со филмот што го снимаа во Охрид, но знам само тоа дека тие внатре во Македонија, а особено во моето родно Куманово, ја ширеле својата лага дека ме фатиле во Охрид и за да бидат убедителни им покажувале слики од мене сликани во охридските ресторани. Еден мој соселанец, инаку познат шпион на полицијата, се колнел во својата мајка и своите деца, дека ме видел во Охрид и зборувал со мене. Кога излегов од затворот и го посетив моето село селаните ме прашуваа дали е вистина дека човекот ме видел во Охрид. Им одговорив дека лаже, дека таа лага тој ја ширел по наредба на неговите удбашки наредбодавци.

Еден ден по излетот во Охрид, на сослушувањето во "ловџиската соба" иследникот Никола Илиевски ми рече:

"Нашата служба знае за имиња и презимиња на повеќе од 350 Македонци со кои ти лично си контактирал или пак си се допишувал во емиграцијата. Тие луѓе биле твоите соработници, затоа сакаме да пишуваш за секого од нив една врста карактеристика.

Прво сакаме да знаеме од кога почнало вашето запознавање, ќе ја наведеш годината на вашето запознавање или на почетокот на вашето допишување.

Второ ќе наведеш како, на чија иницијатива дошло до контактирањето лично или писмено меѓу вас и колку време траело тоа контактирање односно вашата соработка.

Ако соработката прекинала, наведи ги причините за тоа.

Наведи го мислењето по македонското национално прашање, неговиот однос кон Титова Југославија, на човекот што пишувал.

Наведи колку е загреан или колку е фанатичен во своето убедување.

Кажи си го твоето мислење за неговите интелектуални и политички способности.

Кажи што знаеш за неговите пороци и добродетели, за неговиот морал.

Мислиш ли дека тој човек може да работи за некоја странска разузнувачка служба.

На оваа работа, со извесни прекини, работев цели шест месеци. Луѓето за кои пишував сите ги

преставував како приврзаници на идејата за обединета Македонија, па во тој контекст, ги преставував и како непријатели на Југославија. Настојував со лажни податоци да ја доведам во заблуда југословенската политичка полиција. Моите удбашки иследници како да ја насетија мојата намера, па за некои од луѓето, посебно дискутираа со мене, сакаа да ја оспорат веродостојноста на она што го пишувам. Но јас им одговорив, дека тие не мораат да веруваат во она што го пишувам, и ако не веруваат тогаш ги прашував зошто ме тераат да пишувам за овие луѓе. Таков беше случајот со некои луѓе кои се беа вовлекле во нашето движење како агенти на СДБ. За овие луѓе јас им измислував антијугословенски дејанија, кои тие фактички ги немаа. Таков беше случајот со еден стар македонски деец од Австралија, кој од кариеристички причини стана спроводник на титовистичката политика по македонското прашање во Австралија. Јас го претставив него како дволичен човек, кој од една страна работи со зборови за Југославија, а тајно ја помага борбата за обединета Македонија. Дури и успеав да ги убедам удбашите дека тоа е така. Од тој момент политичката ѕвезда на тој стар македонски деец од Австралија почна да се гасне. Почнаа да го истуркуваат од раководствата на организациите и форумите кои беа наклонети кон Југославија.

Откако завршија моето пишување за луѓето од македонската емиграција кои на некој начин биле во контакт со мене, мислев дека удбашките иследници ќе

ме остават на мир, но во тоа се излагав. Еден ден ме извикаа во “ловечката соба“ иследниците Анче Гогов, Никола Илиевски и Митко Николовски и ми рекоа: “Сега дојде редот да ни ги опишеш твоите врски со српската, хрватската, бугарската и албанската емиграција. Ние знаеме дека ти имаше врски и со тие емиграции, почни најпрвин со српската емиграција. Опиши ни ги не само твоите врски што си ги имал со српските организации и со поедини српски емигранти, туку и твоите судири со нив, за кои ние исто така знаеме.

- Мојот прв контакт со српската емиграција претставуваше воедно и мојот прв судир со големосрпската четничка политика – пишував. До тој судир дојде уште во 1951 година во логорот Лаврион, во Грција во ова време постоеше српска кралска и четничка организација, чиј главен експонент беше стариот предвоенак македонски предавник Мијалче Караматлијата од Штип, кој беше истовремено и човек на грчката разузнувачка служба. По моето пристигање во логорот Лаврион, еден ден бев извикан во канцеларијата на грчката политичка полиција КАНДРО во Лаврион, и бев воведен во една канцеларија, каде крај писачка маса седеше еден елегантно облечен господин на свои шеесетина години. Ми се престави на српски јазик како Михајло Караматијевиќ, бивш кралски сенатор од Штип. Сега преставник на кралот Петар втори за Грција. Ми рече дека во грчката ги видел моите документи, видел декан сум од Кумановско, и бидејќи бил убеден дека Кумановците

по традиција биле српски ориентирани, дошол да ме запознае и да зборува како “Србин со Србин“. Имав силна желба да му ја кажам вистината дека мојот дедо и мојот татко во големосрпска Југославија пред војната беа прогонувани и мачени како “бугараши“, како вистински македонски патриоти и дека мојот Кумановски крај стана гробница за српското четничко движење на Дража Михајловиќ во текот на војната, дека кумановците со своето масовно учество во македонските партизани ја создаваа македонската национална историја, умираа за македонската национална историја, умираа за македонската национална слобода, но знаев дека имам работа со еден стар македонски предавник и не сакав да му противречам. Му реков само додека сум во Грција не се впуштам во никаква политика за да не страда моето семејство во Југославија. Нека ми помогне да излезам што побргу од Грција, па после ќе можам политички да се ангажирам за “Српската ствар“. Од Грција најубаво може да се работи за “Српската ствар“ – рече Караматијевиќ, остани, јас ќе те извадам од логорот и ќе ти извадам стипендија да студираш на Атинскиот или на Солунскиот универзитет. Му заблагодарив, но одбив. Но изгледа дека ме прочитал Караматијевиќ, повеќе не се обиде да ме врбува.

И во логорот Лаврион постоеше српска кралска организација, за смеа нејзиниот претседател беше Македонецот Глигор Србиновски – Џајко од селото Љубојно, кој пред војната бил претседател на српската општина во Љубојно. Еден есенски ден, враќајќи се од

плажата во логорот, видов Џајко со своите луѓе како на некои робијаши дели по кесе грозје. Минувајќи покрај масата на која стоеше грозјето Џајко ми довикна: “Драгане дојди да ти дадам грозје, денеска е празник“. Каков празник? – го прашав. Роден ден на крал Петар, одговори Џајко. – Што зар кралот Петар умрел, ќе земам грозје само ако умрел – реков. – Ќе видиш за ова што го рече – ми се закани Џајко.

До втор судир со српската емиграција во време на моето студирање во Париз. Видни претставители на српската емиграција во тоа време во Париз беа бившиот претседател на југословенската кралска влада Драгиша Цветковиќ и претседателот на Српската социјалистичка партија Живко Топаловиќ. Еден ден го сретнав мојот хрватски пријател д-р Анте Цилига, кој тогаш беше во Управата на Хрватскиот работнички сојуз за Франција и ми рече дека некој ден ќе се одржала во Парис конференција на емиграцијата од Југославија на која требало да се избере нов Социјален одбор чија задача ќе биде да дели пари на емигрантите кои се наоѓаат во социјална мизерија. Француската влада секоја година доделувала извесна сума пари за таа цел и Француските органи барале во тој Социјален одбор да бидат застапени сите нации од Југославија. Меѓутоа, српските политичари во Париз не сакале да ја признаат македонската нација, т.е. не сакале во одборот да имаат Македонски преставници. Хрватите се спротивставиле на овој големосрпски став и преку д-р Цилига побараа од мене на конференцијата да одведам што поголема група

Македонци и како претставници на македонската емиграција да бараме рамноправен третман со емигрантите од другите нации. На брзина ги мобилизирав Македонците во Париз, им кажав за што се работи и како да истапат на конференцијата. На конференцијата претседаваше Живко Топаловиќ, а кога д-р Цилига рече дека во салата има над дваесетина Македонци, кои бараат да се почитува националниот принцип и да бидат застапени во Одборот, Топаловиќ стана и почна да зборува дека Србите никогаш нема да ја признат македонската нација, дека за нив Македонците се Јужни Срби, и ако треба Србите ќе се откажат да се ползуваат од парите на фондот, но нема на Македонците да им ја признат националноста. Тогаш за збор се јавив јас и реков: дека во правилата на француската влада јасно стои дека во Социјалниот одбор треба да бидат застапени сите националности на Југославија, а бидејќи Франција ја признава денешна Југославија, таа го признава и нејзиното внатрешно решение на националното прашање, т.е. ја признава македонската нација. Господинот Живко Топаловиќ. Како предвоен големосрпски политичар ништо не научил од историјата, затоа сака да ја негира и денешната фактичка положба. Но големосрпската политика на г-д Топаловиќ е надживеана работа, благодарение на слепотата на таквата политика комунистите ја заграбија власта во Југославија. На нас Македонците во Париз не ни е станало до парите што ќе се делат, туку до националната чест и националното признавање. Хрватите, Македонците и Словенците ме

поздравија со аплаузи, потоа стана д-р Цилига и ја зеде во заштита македонската национална кауза. Настана врева и караница во салата, но на крајот Србите не можеа ништо да сторат против множеството. Во заедничкиот социјален одбор на емиграцијата од Југославија влегоа: Драгиша Цветковиќ – претседател, д-р Анте Цилига – потпретседател, еден Словенец католички свештеник, чие име сега не можам да се сетам – секретар – Драган Богдановски – касиер и уште по еден преставник од секоја национална емиграција како членови на Одборот.

Утредента во “ловџиската соба“ Анче Гогов рече: “Сум ја ебал таа каса што ти си ја чувал! Ти кога на дедо ти касата ја празнеше, тогаш можеме да си претпоставиме што си правел со емигрантската каса во Париз“!.

- Јас немав никаква каса на располагање, Социјалниот одбор си имаше своја сметка во банка, а јас како касиер немав право да подигам пари од сметката без чекот да го потпишат претседателот и секретарот на Одборот. За мене лично не сум искористил ниту еден франак од таа сметка, меѓутоа благодарение на мене Македонците студенти в Париз добиваа парична помош од таа сметка, што им ја подобруваше нивната месечна стипендија.

- Тој Социјален одбор имаше ли некоја канцеларија? – праша Никола Илиевски. – Каде се обрнуваа оние што бараа помош?

- За канцеларија ни служеше станот на претседателот на Одборот, Драгиша Цветковиќ, во тој стан Одборот ги држеше и своите состаноци.

- Зар Цветковиќ не се обиди да те придобие за српската кауза? – праша Анче Гогов.

- Цветковиќ не само што не се обиде да ме придобие за српската кауза туку насамо пред мене признаваше дека политиката на кралска Југославија била погрешна во однос на Македонците. Тој и тогаш ја знаел етничката вистина дека Македонците не биле Срби и дека врз нив се води политика на асимилација и денационализација. Тој дури и ми призна, дека неговото семејство води корење од Крушево. Уште некој негов дедо во турско време побегнал како печалбар во Србија и станал гостилничар во Ниш. Потоа семејството се збогатило имало млин на пареа во Ниш. Тој ми кажуваше дека неговата баба не знаела да зборува српски, зборувала влашки. – "Мојата семка е цинцарска или влашка, како и на големиот српски писател Бранислав Нушиќ, кој исто така потекнува од една влашка фамилија од Крушево велеше Цветковиќ.

- Вие Власите кога прифатите една нова националност, постанувате поголеми националисти од Србите или од Грците – му велев – Така е и сега во

Македонија Власите ја прифатија македонската националност и станаа поголеми Македонци од вистинските Македонци.

Во продолжение за моите врски за српската емиграција пишував:

Во 60-тите и 80-тите години сметав дека ќе биде од големо значење за македонската национална кауза ако емиграцијата од соседните народи, меѓу нив и српската емиграција, му ја признае на македонскиот народ неговата национална индивидуалност. Сметав дека ќе биде од голема победа во кое Македонците ако српската и југословенската емиграција му ја признат на македонскиот народ неговата национална индивидуалност, па затоа барав и доаѓав во контакт со сите српски и бугарски организирани групи во емиграција кои се преставуваа за демократски и федеративно ориентирани.

Таква група во 50-тите години во Париз претставуваше Српската задруга “Ослобоѓење“. Тоа беше предимно млади луѓе студенти, кои изјавуваа дека се борат за една Трета, Демократска Југославија, заснована на федеративни основи. Групата во Париз го издаваше списанието “Наша Реч“, кое потоа се пресели во Лондон. Оваа група политички беше блиска со така наречениот Југословенски одбор во Лондон, на чие чело стоеше претседателот на бившата југословенска влада во емиграција Слободан

Јовановиќ, инаку бивш професор по меѓународно право на Белградскиот универзитет.

Бидејќи групата “Ослободување“ во Париз ја сочинуваа повеќе студенти, јас така да се рече секој ден се состанував со нив, било во студентските мензи или по разни кафани и започнував со нив политички дискусии – “Вие не сте ни вистински демократи, ни вистински федералисти, ни вистински Југословени – им велев – вие сте големосрпски четнички политичари. Ако сте демократи и федералисти вие ќе му ја признаете на македонскиот народ неговата национална самобитност. Комунистите во тој поглед се поголеми демократи и поголеми федералисти од вас, зашто тие му го признаа националното право на македонскиот народ“. Така дојдов до дискусија и со водачите на групата “Ослободување“ Ѓорѓи Радовановиќ и Десимир Стошиќ. По долги дискусии и полемики и двајцата се согласија дека правото што му го признале Комунистите на македонскиот народ би требало да го признат и српските демократи, иако тоа прашање е мошне болно за српството. Во “Наша Реч“ Македонците дури почнаа да се споменуваат како посебен народ.

Еден ден Ѓорѓи Радовановиќ ме сретна и ми рече дека Слободан Јовановиќ, претседателот на Југословенскиот одбор од Лондон, дошол до убедување дека е редно на македонскиот народ да му се признае неговата национална посебност, и барал Македонци кои би можеле да основат македонска

секција во тој Југословенски одбор. Ѓорѓи Радовановиќ му зборувал на Слободан Јовановиќ за македонската студентска група во Париз, и посебно за мене, како нејзин активен портпарол. Слободан Јовановиќ ме поканил во Лондон на еден разговор со него. За Лондон отпатував заедно со Ѓорѓи Радовановиќ. Средбата со  Слободан Јовановиќ стана во хотелот во кој живееше.

Го пуштив стариот политичар да зборува. Од неговото зборување заклучив дека така наречениот Југословенски Одбор, за да не изостане назад од комунистите, се спрема да ја признае македонската национална независност, но само под еден услов, а имено: Македонците да се откажат од нивниот историски стремеж за обединета и самостојна македонска држава и Југославија да ја признаат како единствена нивна држава.

Му реков на Слободан Јовановиќ дека секој Македонец кој се откаже од идејата за самостојна и обединета Македонија тој ќе влезе во историјата како национален предавник и јас не верувам дека во денешната македонска емиграција ќе се најдат луѓе кои ќе ја прифатат политиката на Југословенскиот одбор за една демократска Југославија. Во секој случај, ми советував, ако некогаш мислите да придобиете некој Македонец за алтернативата на демократска Југославија тогаш уште сега признајте му ја на македонскиот народ неговата национална независност.

- Младо момче – ми рече Слободан Јовановиќ – вие ништо не давате а барате многу од нас. Ние нема Македонците да ги признаеме се додека тие не се изјаснат во корист на Југославија.

Тоа беше моето прво и последно видување со професор Јовановиќ – набргу по оваа средба тој умре.

- Во тебе има жива историја – рече Анче Гогов утредента кога бев изведен во ловџиската соба на сослушување. – Драган Богдановски лично познавал два претседатели на бившата кралска влада. Кога остареш ќе имаш материјали за твоите мемоари.

- Твоите обиди да ја натераш српската емиграција да ја признае националната индивидуалност на Македонскиот народ ќе бидат забележани и во македонската историја – рече Никола Илиевски. Ти си правел и добро и лошо, за лошото ќе одговараш, а за доброто македонската историја ќе те спомнува.

Втората српска политичка група во емиграција со која водев политички преговори – продолжив да пишувам – Беше српската секција од така наречениот Југословенски демократски сојуз, со седиште во Минхен, кој се заземаше за една демократска Југославија, реорганизирана на конфедеративни услови како Сојуз на слободни југословенски држави. Јужнословенскиот демократски сојуз го сочинуваа група српски и хрватски интелектуалци, кои некогаш му

припаѓале на југословенското фашистичко движение “Збор“ на Димитрија Лотиќ, но сега се откажале и од фашистичката идеологија на Лотиќ и од унитаристичка и федеративна Југославија и заговараа една трета, конфедеративна Југославија. На чело на Јужнословенскиот сојуз стоеше хрватскиот политичар Розо Калеб. Сојузот издаваше свој весник. Хрватскиот демократски сојуз ја издаваше “Хрватска Зора“ а српскиот демократски сојуз ги издаваше “Српски дици“.

Јужнословенскиот сојуз по однос на македонското прашање се беше покажал далеку пореалистичен и по правичен отколку тоа што беше Југословенскиот одбор од Лондон и Српската задруга “Ослобоѓење“. Тој јавно и отворено му ја беше признал на македонскиот народ неговата национална индивидуалност и својот статут го беше печателе и на македонски јазик. Заради своето признавање на македонската национална индивидуалност, Србите во Југословенскиот демократски сојуз беа напаѓани од српската четничка емиграција како српски национални предавници.

Врски со Јужнословенскиот демократски сојуз беа воспоставени во текот на 1959 и 1960 година поради кое Пеев и јас одвоено патувавме за Минхен. И на двајцата ни беше направен срдечен пречек, тогаш се запознавме со раководителите на Јужнословенскиот демократски сојуз, тогаш беа воспоставени и конкретни облици за соработка,

меѓутоа, се се заврши како и со Југословенскиот одбор од Лондон. Јужнословенскиот демократски сојуз бараше ние како македонска група да создадеме Македонски демократски сојуз во рамките на Јужнословенскиот демократски сојуз и заедно со Хрватите, Србите и Словенците да работиме за создавање на една идна Југословенска Конфедерација или Сојуз на слободни јужнословенски држави. Ние не сакавме да отстапиме од идејата за обединета и независна македонска држава, па според тоа и соработката со Јужнословенскиот демократски сојуз пропадна.

Ете тоа беше сиот мој контакт со српската емиграција – завршив во моето пишување – и пак напомнав дека тој контакт беше инспириран од силната желба српската емиграција да му ја признае на нашиот народ неговата национална самобитност. Заради моето работење на тој план јас неколку пати бев напаѓан во печатот на српската емиграција, во весниците “Српска Борба“, “Искра“ и други.

На ова мое пишување моите удбашки иследници велеа: “А бре ти добро си ја играше твојата улога на македонист, особено во 50-тите и 60-тите години. Ти остави неизбришливи спомени од твојата дејност. Се ќе беше добро и убаво ако тој твој македонизам не го свртеше против легалното раководство на македонската држава, на СРМ. Ти не знаеше да се запреш во твоите дејанија, ти немаше кочници, и беше како некоја крава која при молзењето

даваше полно ведро млеко, но штом го наполни, ритна со ногата и го истури. Ти ја дотера работата дотаму што твојот македонизам стана штетен за интересите на македонската нација. Затоа и моравме да дејствуваме, да те запреме, да те замолчиме...“.

- Вие ме спречивте да го остварувам најбитното што е за нашата нација – реков – така вие ѝ наштетивте, не е помагате.

Моето пишување за мојата врска со хрватската емиграција не беше долга зошто до некаков сојуз со хрватското усташко движење не дојде. Наведов дека ДООМ како нова и млада организација, настана по Втората светска воја, не сакаше да се врзува со хрватското усташко движење зашто ова беше во текот на војната компромитирано како фашистичко движење и беше обвинувано дека извршило геноцид. Наведов дека од усташка страна имаше обид ДООМ да работи заедно со усташите против Југославија, тоа беше сторено преку водачот на Хрватскиот Народен Одбор на Бранко Јелиќ. Со овој стар хрватски политичар се сретнав неколкупати во Германија, и меѓу нас се воспоставија пријателски меѓучовечки односи, но до сојузување не дојде. Ние не сакавме да се компромитираме како фашистичка организација, зашто со кого си, - народот вели дека и таков си.

Друга причина за да бидеме настрана од усташкото движење беше тоа, што ова движење верно на својот стар сојуз со Ванчо Михајлов, папагалски ја

повторуваше тезата на Ванчо Михајлов дека Македонците биле Бугари, дека македонската нација била исмислена од србо-комунистите. Против ваквата антимакедонска политика што ја развиваа усташите јас протестирав кај повеќе усташки водачи: кај генералот Дрињанин, кај Мате Фрковиќ, кај Степан Буќ и други усташки скрибенти. Дури и отворено ги нападнав усташите како “пандури на Европа“ во “Македонска Нација“. Сега пандури на големобугаризмот.

- Ти си бил сојузник на усташите, тоа не можеш да го одрече - ми рече удбашот иследник Никола Илиевски. – Вистина не дошло до соработка на ниво на организациите, но ти си бил соработник на усташите кога било во прашање рушењето на Југославија. Ние имаме магнетофонска трака од еден твој говор на усташката прослава на 10 април, денот на прогласувањето на НДХ во Карлсруе, каде пред две илјади Хрвати ти одржа говор против Југославија каков што не можеле да одржат и старите усташи. Се сеќаваш ли каков аплауз доби тогаш?

- Се сеќавам – реков. – Доколку се сеќаваш во мојот говор реков дека Југославија е вештачка криминална творба, која треба да ја разрушат народите кои живеат во неа, зошто се додека таа држава постои во неа за ниту еден народ нема да има слобода и демократија.

- Ако не беше Југославија будало низаеден ти немаше денес Македонец да се кажуваш - ми рече Илиевски. – Туку ти си непоправлив грешник, не вреди со тебе да се дискутира. Опиши ни ги сега твоите врски со бугарската емиграција.

Бугарската емиграција е поделена во два различни политички блока или лагера – пишував. Поголемиот дел од неа и припаѓа на Бугарската земјоделска партија, чиј водач во емиграцијата до својата смрт беше Гемето Димитров, кој живееше во Вашингтон, а по неговата смрт на водечкото место го замени Ценко Барев, журналист кој живее во Париз. Гемето Димитров, со него се сретнав двапати во Западна Европа и со кого разменив повеќе писма, избегнуваше да се изјасни по македонското прашање, меѓутоа ниту еднаш за времето на својата политичка дејност во емиграцијата не се искажа против националното постоење на Македонскиот народ. Тој беше вистински демократ, затоа беше толерантен и во однос на политичката дејност на ДООМ, не не напаѓаше и не даваше никакви големобугарски изјави. Неговиот наследник Ценко Барев му ја признаваше на македонскиот народ неговата национална индивидуалност и тоа тој јавно го направи во едно свое интервју на српското списание “Современост“ кое излегуваше во Париз. Со Ценко Барев имав срдечни пријателски односи и тој им помагаше на македонските емигранти во Париз, особено на македонските студенти.

Бугарските фашисти и националисти беа организирани во Бугарскиот национален фронт (БНФ) кој своето седиште го имаше во САД и издаваше весник “Борба“. БНФ го негираше македонското национално постоење па затоа тесно соработуваше со македонските бугаромани на Ванчо Михајлов. Со луѓето на БНФ воопшто не сум имал никаков контакт.

Надвор од овие две политички групи, во Париз постоеше и групата на бугарските анархисти, кои го издаваа списанието “Наш Пат“. Бидејќи и овие луѓе ја застапуваа тезата дека Македонците биле Бугари, не одржував контакт со нив. Меѓутоа, имаше неколку бугарски анархисти кои беа сметани за отпадници од бугарското анархистичко движење а кои покажуваа полно разбирање за македонското национално прашање. Тоа беа бугарските анархисти Иван Рачев и Драган Драганов, кои јавно симпатизираа со политиката на ДООМ и ја помагаа морално, па и материјално. Особено разбирање за македонското прашање покажуваше ерудитот Иван Рачев Иванов.

- Ти не си ни ја кажал целата вистина за твојата врска со бугарската емиграција – ми рече иследникот Никола Илиевски – утредента кога ме извикаа во “ловџиската соба“. Во наши раце се наоѓаат писмата што Никола Антонов ти ги пишуваше од Вашингтон. Тој ти беше еден вид политички советник.

Се зачудив кога го слушнав името на Никола Антонов, со кого навистина разменив едно десетина

писма. Не знаев на кој начин писмата што Антонов ми ги пишуваше стигнале до рацете на УДБА, а може би тоа беше само еден удбашки трик. Во секој случај, писмата од Антонов беа останале во Осло и по мојот развод со жена ми не знам што станало со тие писма.

Антонов беше по потекло Македонец, родум од Велес, во предвоена Бугарија беше еден од врвните бугарски дипломати, бил е полномошен министер на Бугарија во Москва и во Берлин, а по војната емигрирал во САД. Работеше во Конгресната библиотека во Вашингтон и беше некој вид советник во Американскиот сенат за прашањата за комунистичка Бугарија. Антонов политиката на Ванчо Михајлов по македонското прашање ја сметаше за застарена и оджибеана политика затоа ја поздрави политиката на ДООМ и се обидуваше да ни дава совети каква треба да биде македонската политика. Коресподенцијата со Антонов ја прекинав кога тој во едно свое писмо ми пишуваше дека капиталистичкиот Запад е антимакедонски ориентиран, дека Македонија ништо добро не може да очекува од Американците, затоа ни советуваше ДООМ да се врзе со Советскиот Сојуз и да бара помош од него за остварување на македонскиот идеал. Бидејќи беше во американска служба а ни препорачуваше да се сврземе со Советскиот Сојуз јас таквиот негов став го сфатив за провокација и му одговорив дека ние судбината на Македонија не сакаме да ја сврзуваме со комунистичкото движење. Нашата коресподенција прекрати, но подоцна се уверив дека Антонов не бил

никаков провокатор, зашто тој доброволно се врати во Народна Република Бугарија.

- Слаб политичар си бил кога не си знаел да го оцениш Антонов – ми рече Никола Илиевски – Си се плашел да не наседнеш на негова провокација, а уште не знаеш дека си наседнал на провокацијата на твојот добар пријател, агентот на ЦИА Киро Матраковски од САД. Тој те наседнал така што Американците те сметаат за советски шпион. Тој ти пишал писмо наговестувајќи ти американска материјална помош доколку ДООМ завземе јасен антикомунистички став. Ти си му одговорил дека ДООМ е неутрален према двата големи воени блока и општествени система, спрема капитализмот и комунизмот, зашто не можело да се предвиди внапред кој од двата блока ќе победи. Си му пишал можеби ќе дојде време да бараме помош од Советскиот Сојуз затоа не си сакал да се изјаснуваш против комунизмот и советскиот блок. А твојот одговор на неговото писмо Киро Матраковски и го предал на ЦИА.

- Верувам дека тоа го сторил Матраковски, зашто после тој мој одговор Матраковски престана да ми пишува – одговорив.

- А сега само уште едно прашање ќе ми одговориш во писмена форма во врска со твоите врски со другите емиграции – рече Илиевски.

- Ние во Службата се прашаме зошто не дојде до средба меѓу тебе и Ванчо Михајлов? И воопшто имало ли некој обид или иницијатива од страна на Ванчо Михајлов да дојде до една средба меѓи него и тебе?

Во мојот писмен одговор за Ванчо Михајлов напишав дека јас со него постојано се наоѓав во положба на војна, го сметав за македонски национален предавник и за бугарски агент, а тој мене ме сметаше агент на УДБА. Јас го напаѓав во моите статии во "Македонска Нација", тој мене ме напаѓаше во неговите статии во "Македонска Трибуна". Никогаш не сум барал некаква средба со него, ниту тој барал да се сретне со мене. Меѓутоа, беа правени обиди индиректно, со посредување на трети лица да дојде до една средба меѓу нас. Хрватот Бранко Јелиќ и Бугаринот Ценко Барев се виѓаа одвреме навреме со Ванчо Михајлов, и ми предлагаа средбата да стане во Швајцарија, кај еден швајцарски журналист, еден од редакторите на весникот "Трибјун де Лозан", чие име сега не можам да се сетам. Бидејќи и Јелиќ и Барев предлагаа средбата да стане кај швајцарскиот журналист, ме тера да помислам дека таа иницијатива потекнувала од Ванчо Михајлов. Како и да било, јас не ја прифатив средбата.

- Си погрешил што не си отишол на средбата во Швајцарија – ми рече иследникот Илиевски – Иницијативата навистина потекнувала од Ванчо Михајлов.

Откаде знаеле удбашите дека иницијативата потекнувала од Ванчо Михајлов не го прашав Илиевски.

Активно бев сослушуван цели девет месеци. За тие девет месеци петпати на планината Караџица доаѓаше сојузниот секретар Фрањо Херљевиќ за да се увери лично до каде дошла истрагата. При секое негово доаѓање милиционерите кои ме чуваа отепуваа во забранот по некоја дива свиња или срна и му приредуваа пирување министерско.

Зимата 1977/78 година на Караџица падна дебел снег, 60 см и температурата достигна минус 20 степени. Една ноќ го слушнавме квичењето на четирите загарски кучиња што милиционерите ги чуваа за своите началници да бркаат дивеч кога овие одеа на лов. Утредента милиционерите од загарите ги најдоа само изгризаните коски. По потрага за храна мечка една ноќ беше дошла пред куќата затвор и го беше нападнала полициското куче кое стоеше врзано во својата куќарка пред влезот на затворот. Борбата меѓу полициското куче и мечката крена таква врева, што милиционерите кои ме чуваа во мојата келија истрчаа надвор и нададоа дрека. Се слушна и грмеж на машинска пушка. Утредента милиционерите по трагот на мечката која после пукањето побегнала најдоа траги од крв. Веројатно била погодена од некој куршум. Што се однесува до полициското куче тоа од мечката беше така претепано да личеше на некој затвореник после тортурата од удбашите. Од грбот на

кучето му фалеше цела педа кожа, а едното око му беше избиено. Кучето престана да јаде и после дена недела пцовиса. На неговото место од Скопје со хеликоптер беше донесено друго куче. И новото куче го доведоа во мојата келија и го оставија да ме подуши, како што го правеше и првото куче.

Една друга успомена од природата на Караџица планина кој ми остана во сеќавање е што во летните сушни месеци оваа планина се преобразува во вистински змијарник. Испреплетени една врз друга се печат на сонцето по голите скали или се влечат змии на сите голи места кои ги фаќа сонцето. Ги гледав дури од прозорецот на мојата келија или од прозорецот на ловџиската соба ка се движат по голата планинска патека. Милиционерите што ме чуваа на планината секој со себе носеше капсула серум и инекција да ако во случај биде каснат од змија веднаш самиот си удри инекција против змискиот отров. Змиите биле отровници.

Меѓу милиционерите што ме чуваа имаше еден постар милиционер, кој на годините беше стигнал пред пензионирање. Зимата кога падна дебел снег овој милиционер беше специјалист за тепање на волци, зашто имаше способност да ги имитира волците, да вие како волк. Тој излегувал во осоите со бојна пушка и ќе почнел да вие како волк, волците си помислувале дека вие некој брат од нивниот сој, кој нашол храна па ги кани на гозба, и кога му се доближувале пукал и ги

отепувал. Таа зима тој отепа десетина волка. Колегите негови го викаа “Димче волкот“.

Животот во бетонскиот затвор на планината беше многу монотон, многу досаден. После девет месеци интензивно сослушување, моите иследници наеднаш престанаа да доаѓаат на планината. Бев оставен сам со милиционерите, кои сеуште немаа право со мене да зборуваат. Самотијата и неизвесноста е најтешката тортура што може да го снајде еден затвореник. Затоа кога наврши една година од моето киднапирање се решив да штрајкувам со глад. Токму на 4 јуни 1978 година го започнав мојот штрајк со глад. Пред тоа на милиционерите им предадов едно писмо за удбашките иследници во кое пишував дека повеќе ваквата состојба не можам да ја поднесувам, дека барам или да бидам изведен пред суд или пак да бидам ликвидиран. Додека едното од двете мои барања не биде исполнето јас ќе штрајкувам со глад.

Првите пет дена од штрајкот за мене беа најтешки, но откако организмот се истошти, ме тераше на спиење. Дење и ноќе спиев, станував само да се напијам вода и пак заспивав. Милиционерите редовно ми носеа храна која јас не ја ни погледнував, се обидуваа да ме наговорат да јадам, но јас само им го свртував грбот.

На десеттиот ден од моето штрајкување го слушнав звукот на хеликоптерот што долета. Неколку

минути подоцна во мојата келија влегоа удбашките иследници Анче Гогов и Никола Илиевски. Со нив беше и удбашкиот лекар. Лекарот ме прегледа, а удбашките иследници ми рекоа дека ако не престанам со штрајкот дека ќе бидам хранет на вештачки начин со црево. Им одговорив дека нема да престанам да гладувам ако моето барање не биде исполнето и дека тие не можат постојано да ме хранат вештачки. Првите три дена ми пикаа црево во грлото и со инка ми сипаа во цревото некаква растворена бела каша, а потоа почнаа да ми удираат и инекции со растворен шеќер (гликоза). Мојот штрајк траеше вкупно 22 дена. На 22 ден дојде во мојата келија еден цивил кој ми се претстави дека се вика Јован Трпеноски, дека тој е окружен јавен обвинител и дека дошол да ми каже дека нема смисла со штрајкот со гладот што го правам зашто јас ќе бидам изведен пред редовен суд. Тој ќе бил мојот јавен обвинител, но на него му требало најмалку време од шест месеци додека ги простудира сите доказни материјали што ќе ги добие од Службата за државна безбедност. Ако треба ние ќе те храниме со инекции до судењето, нема да оставиме да умреш – рече Трпеновски – затоа престани со глад!

- Зар ви треба цели шест месеци да ги простудирате доказните материјали – му реков на окружниот јавен обвинител.

- Таа работа јас сакам совесно да си ја извршам, и те уверувам дека процесот ќе се одвива по сите правила на правосудството на една правна држава.

Бидејќи бев беспомошен пред судската бирократија, штрајкот со глад го прекинав.

Дури по доаѓањето во мојата втора емиграција во јуни месецот 1989 година разбрав зошто било одолговлечувано моето судење. Додека јас гниев во бетонскиот затвор на планината Караџица Службата за државна безбедност ја држела македонската емиграција на Запад во заблуда дека јас сеуште се наоѓам по западноевропските земји. За да го растури ДООМ, СДБ од мое име напишала некоја прокламација со која божем не сум го признавал Четвртиот конгрес на ДООМ одржан во Германија во јули месецот 1977 година, особено дека не сум го признавал раководството на ДООМ што било избрано на тој конгрес. Летки пишувани од УДБА од мое име биле распространувани во Австралија и Западна Германија. Досега открив дека од три поштенски боксови "од Фрибург, Швајцарија, од Штутгарт, Западна Германија и од Париз Франција" УДБА кореспондирала со некои Македонци во емиграција во мое име. За оваа гнасна удбашка махинација разбрав дури кога дојдов повторно во емиграција. Но махинацијата не можела да трае вечно, луѓето почнале да се сомневаат дека јас сум или убиен или одвлечен во Југославија, поради кое и удбашите мораа да го подготват моето судење.

На 10 декември 1978 година со хеликоптер бев префрлен во Скопје до факултетот за државна

безбедност а потоа со кола бев одвезен во скопскиот истражен затвор во населбата Шуто Оризари.

Скопската населба Шуто Оризари е оддалечена од центарот на градот едно десетина километри. Името го носи по селото Шуто Оризари во чие поле е изградена населбата. Населбата уште ја викаа и “Весела Долина“ поради тоа што таа како етничка чиста населба населена само со Цигани, а се знае дека Циганите се весел народ. Населбата дење и ноќе ечи од музика и песна.

Ете во таа весела атмосфера скопските управници решиле да го изградат скопскиот истражен затвор за да не им биде толку тажен затворот на идните робијаши. Затворот е граден веднаш по скопскиот земјотрес и е еднокатна бетонска зграда во форма кирилската буква “**П**“ и однадвор изгледа како некоја фабрика.

Во двата крака од зградата се наоѓаат ќелии самици и поголеми соби за затвореници, а во средишниот дел на зградата се наоѓа управата на затворот и канцелариите на истражните судии. Затворот околу наоколу е заграден со ѕид висок 4 метри. На секој агол, како и на средината меѓу аглите, на ѕидовите се издигаат кулите-стражарници на кои седат стражарите со митралези.

Во западниот крак од затворот, во ќелијата број 3 јас бев сместен. Иако бев во еден регуларен

истражен затвор за мене беше воведен специјален режим. Во мојата ќелија денонокно седеа по два милиционери од специјалниот републички баталјон на полицијата за борба против тероризам, со обичните затворски стражари немав никаков контакт. Како и на планината, милиционерите во мојата ќелија се сменуваа секој три часа. Кога ме водеа во канцеларијата на истражниот судија или на получасовната дневна шетање во дворот сите ќелии на затворот беа затворени, не смееше да ме види ниту еден затвореник. Се до судењето моето престојување во истражниот затвор се држеше како голема државна тајна.

Ќелијата беше долга четири метри, широка три метри. Во неа имаше само еден кревет. Внатре беа внесени две столици за милиционерите кои ме вардеа. Сега кога бев во истражниот затвор стражата од двата милиционери во ќелијата можеше да се објасни само од стравот на удбашите да не се обесам. Тие сакаа да бидам осуден и моето осудување да дејствува заплашувачки во однос на другите македонски патриоти, непријатели на србоманскиот скопски режим и на државата Југославија. За разлика од затворот на планината Караџица сега на спиењето не бев врзуван со синџири. Внатре во ќелијата веднаш до вратата имаше клозет со чучење. Клозетот беше така да кога вршев физиолошка нужда тоа го правев пред носот на двата милиционери кои ме чуваа.

За разлика од храната која ми ја даваа горе на планината, храната во истражниот затвор беше катастрофална лоша. За појадок ми даваа некаква горчлива вода, која мирисаше на печен јачмен и која требаше да претставува кафе. Во неа воопшто немаше клавано шеќер. За ручек наизменично се менуваа компир чорба или варена кисела зелка. За трите месеци што останав во истражниот затвор ниту еднаш не добив јадење со месо. Вечерата се состоеше секогаш од некаква блантава жолтеникава вода која требаше да претставува чај. Лебот ни го даваа околу 10 часот и таинчето се состоеше од тврд црн леб кој што ни кучињата не го јадат. Тој беше месен специјално за затворениците во истражниот затвор, Таинчето се состоеше од 500 грама дневно. Милиционерите кои ме вардеа ми кажуваа дека затворениците во истражниот затвор кои имале свои пари можеле да си купуваат јадење во затворската кантина, а освен тоа секој од нив се додека не бил осуден имал право семејството од дома да му носи готвено јадење. Огромното мнозинство од затворениците во истражниот затвор осуденичката храна не ја примале, зашто или си купувале јадење или домашните им носеле од дома. Бидејќи моите пари ми беа земени од удба, јас немав пари да си купувам јадење и бидејќи не ми се даваше право да се јавам на моите роднини во Куманово, јас во истражниот затвор бев осуден на гладување. Гладот си го правеше своето, пантолоните ми станаа широки како некоја вреќа, слабеев нагло. Во сништата сонував

јадење како она во народната поговорка: “Гладна кокошка просо сонува“,

Утредента по моето префрлување во истражниот затвор вечерта околу 6 часот милиционерите ме одведоа во административниот дел од зградата и ме пуштија да влезам во една канцеларија, после кое тие останаа надвор до вратата да чекаат. Во канцеларијата крај писачка маса седеше еден човек на шеесет и неколку години, со бела коврџава коса на главата, бела како млеко. Човекот ми изгледаше многу бедно облечен, на себе носеше еден излижан, излитен мантил полн со дамки, кошулата му беше непрана, околу белата крагна се гледаше линијата од црниот кир, а вратоврската како да беше извадена од чкембето на некој вол – беше згужвана и нечиста. Човекот оддаваше слика на некој беден занаетчија, но бидејќи беше згоен и црвен во лицето ми изгледаше на некој македонски касап од старите времиња. Човекот ми се претстави дека се вика Герасим Атанасовски, дека е магистер по право и адвокат по професија и дека е одреден за да ми биде службен бранител на судењето.

- Секоја ви чест на вас како адвокат – реков – но на мене не ми треба адвокат. Сам ќе се бранам пред судот.

- Вие пак се браните пред судот – рече адвокатот – но нашиот закон не дозволува еден обвинет човек да излезе пред суд без адвокат. Таа

формалност мора да се исполни, инаку судењето нема да може да се одржи. Тоа јасно е формулирано во законот на судската постапка.

- Јас знам дека внапред сум осуден од службата за државна безбедност и дека моето изведување пред судот само ќе значи едно формално задоволување на правните норми, изигрување на правна држава, која Југославија никогаш не била и никогаш нема да биде – реков. Во тоталитарната титовистичка Југославија судот е слугинка на режимот односно на полицијата. Политичките затвореници ги осудува Службата за државна безбедност а не некаков независен суд. Судот на Југославија не е независен, мене ќе ми суди режимот т.е. полицијата а не некој независен суд.

- Ваквото Ваше мнение за југословенското правосудство ќе го кажете ли и пред судот? – ме праша адвокатот Атанасовски.

- Ќе го кажам зошто не? – реков – Ќе му кажам на судот на мојот процес јас ќе гледам како на една судска комедија а на судискиот состав како глумци кои глумат законитост.

Адвокатот се насмеа и заврте со главата, небаре сакаше да ја потврди вистиноста на моето мнение за југословенското правосудство.

- Сепак, јас би ви препорачал да молчите колку што можете повеќе и да не налевате масло во огнот на

кој горите, зашто можете да изгорите повеќе одошто е предвидено.

- Значи вие знаете што е предвидено за мене, каква казна однапред ми е одредена од полицијата? – му реков на адвокатот.

- Тоа јас не го реков, но ве предупредив дека во ваша полза ќе биде да не ги предизвикувате судиите – ми одговори адвокатот.

- Јас и на удбашите во полициската истрага им реков дека мојата лична судбина воопшто не ме интересира, - се ми е едно каква казна ќе ми изрече судот. Личноста на Драган Богдановски не е важна, судот ќе ја осуди идејата и идеалот на македонскиот народ за обединување и за независна македонска држава. Од непријателите на таа света идеја јас не очекувам никаква милост.

- И нема да ја имаат – рече адвокатот – Јас те уверувам дека јавниот обвинител нема да бара смртна казна, но за делото кое одговараш сметај на 15 години робија. Ова ти го кажувам зашто од твојата душевна состојба заклучувам дека една таква казна нема да те натера да се откажеш од твојата решеност до смрт да останеш за делото на Македонија.

Судскиот процес против Драган Богдановски беше организиран зад затворени врати, на кој процес

е осуден на 13 години затвор, од кои издржува 11 години во злогласниот затвор во Идризово.



Социјалистичка Република Македонија
Републички секретаријат за правосудство
Казнено-поправен дом
Идризово — Скопје

Рег.бр. 2560

## ПОДАТОЦИ ЗА ОСУДЕНИОТ

БОГДАНОВСКИ НАСКО ДРАГАН
(Презиме, татково име и име (прекар))

### I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Место, општина и дата на раѓање | с.Клечовце - Куманово, 18.09.1929 г. | | |
| Живеалиште и адреса | без стално место на живеење | | |
| Народност | Македонец | Државјанство | СФРЈ |
| Брачна состојба | женет-разведен | Број на мал. деца | 3 деца |
| Наобразба | средно образование и недовршена Висока пол.школа | Стручна спрема | |
| Занимање пред сторенето кривично дело | без стално занимање | Имотна состојба | безимотен |
| Дали и кога служел војска | не служел | | |

### II. ПОДАТОЦИ ЗА КАЗНАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Суд: број и дата на правосилната пресуда | К.бр. 4/79 од 16.02.1979 г. на Окружен суд Скопје. Со Кж.бр. 45/79 од 12.06.1979 г. на Врховниот суд на Македонија пресудата е потврдена. | | |
| Кривично дело член и став од КЗ | ЗДРУЖУВАЊЕ ПОРАДИ НЕПРИЈАТЕЛСКА ДЕЈНОСТ по чл. 136 ст.1 од КЗ на СФРЈ в.в. со кривичните дела - КОНТРА-РЕВОЛУЦИОНЕРНО ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ од чл. 114 и ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ЦЕЛИНА од чл. 116 ст.1 од КЗ на СФРЈ. | | |
| Вид на казната | затвор | Висина на казната | 13 години |
| Мерка за безбедност | | | |
| Време минато во истражен затвор | | Се јавил на покана | Приведен: Да. Истражен затвор |
| Прием во Домот | 28.02.1979 г. | | |
| Казната почнува: | 8.12.1978 г. | | |
| Казната завршува: | 8.12.1991 г. | | |

**Копија од оргиналот на судското решение**

По излегувањето од затвор извесно време живее во Скопје, а штом добива патна исправа заминува во Шведска, каде ја подготвува програмата за формирање на национална политичка партија во Македонија која политичка програма бива отпечатена во весникот “Млад Борец”. Таа партија Драган Богдановски ја именува “Демократска Партија за Македонско Национално Единство” ДПМНЕ која подоцна се регистрира како ВМРО-ДПМНЕ

На првиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ одржан во Прилеп на 6ти и 7ми април 1991 година, Драган Богдановски е избран за почесен претседател на партијата, а од 1991 до 1993 година е претседател на Задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ за Европа.

Умира на 31.05.1998 година во воз, во местото Федериција Данска, на пат од Шведска за Германија. Погребан е во присуство на фамилијата и најблиските и до крај верни пријатели и соработници во Куманово на 01.08.1998 година.



**Гробот на Драган Богдановски во родниот крај**

# За Херојот Драган Богдановски

Кога неговата сопруга беше прашана: *Кога последен пат беше во контакт со твојот сопруг Драган? Каде се наоѓа сега?* нејзиниот одговор беше: *“Имаше еден Драган со кого јас бев во брак, Господ ни даде два прекрасни сина, но подоцна разбрав дека тој имал и друг брак, тој бил женет за Македонија “.* Кога во месец јуни 1981 година, неговите малолетни синови Пер-Арне и Иван Богдановски допатувале да го посетат нивниот затворен татко во Идризово тоа не им е дозволено од џелатите на СРМ.

Драган беше роден и живееше за татковината Македонија, тој беше еден од најблескавите македонски родољуби во втората половина од дваесеттиот век. Сè што имаше даде за Македонија, а голема желба му беше да има гроб во Македонија. На крајот и тоа ќе му беше оспорено, доколку неговите најблиски искрени соборци од татковината раководени од Владо Транталоски се изборија со сите сили неговото мртво тело да биде погребано во неговиот роден крај.

На погребот немаше присутни од тогашното партиско раководство на ВМРО-ДПМНЕ и не испратија партиска делегација или барем венец.

Неговото патриотско и револуционерно досие зборува за личност со огромен интелектуален капацитет и со огромна и бескрајна лубов за нашата напатена татковина Македонија која и денес е во ропство.

Заедно со неговите соборци од дијаспората и од македонските затвори Драган Богдановски со своето дело е рамен на Македонците од калибарот на Гоце Делчев, Методија Андонов – Ченто, Павел Шатев, Кочо Рацин и други.

Мораме да се потсетиме и на неговите соборци од дијаспората Благоја Шамбевски кој заради својата патриотска активност беше брутално убиен во Минхен од страна на македонските удбашки каплари во Западна Германија еден ден пред Илинден во 1974 година.



**Благој Шамбевски**

Исто така и неговиот соборец Костандин Динески – Динката бестрашен патриот кој заради македонската кауза одлежа 21 година затвор во тогашната Социјалистичка Република Македонија. Динески беше воен пилот во Југославија, но беше

обвинет и затворен како политички затвореник заради залагањето за независна и обединета Македонија и заедно со Драган Богдановски одлежаа долги години во македонските затвори.



**Костандин Динески – Динката**

Во 1990 година Богдановски и Динески се договорија да се вклучат во македонската политичка сцена со политичка партија и програма што ја подготви македонската дијаспора на чело со Драган Богдановски во Шведска во почетокот на 1990 година позната под името ДПМНЕ – Демократска Партија за Македонско Национално Единство, која подоцна беше регистрирана во Република Македонија како ВМРО-ДПМНЕ.

ДПМНЕ односно ВМРО-ДПМНЕ беше дар од македонската дијаспора за татковината и за нашите

браќа и сестри во Република Македонија за да создадеме суверена македонска држава во еден дел од нашата поробена и обесправена Македонија.

Костадин Динески – Динката требаше да ја води партијата во татковината, тоа беше оригиналниот план на Драган и на Костадин, но за жал тоа не се случи поради неговата ненадејна и мистериозна смрт.

Подоцна партијата беше официјализирана и преземена од луѓе кои сами се потврдија дека се повеќе кариеристи, опортунисти и среброљупци отколку способни да водат македонска политика.

Потоа се потврди дека Драган бил во право кога во своите записи тврдеше дека дел од нив се предавници, врховисти, пишман комити и војводи и национални предавници, што подоцна и се докажа во пракса.

За првите демократски парламентарни избори во Република Македонија изборната програма беше потготвена надвор од Република Македонија и му беше дадена како кафе на послужавник на партиското раководство. Со таа програма ВМРО-ДПМНЕ стана победник на првите демократски парламентарни избори.

Со неказнувањето на предавничката банда на соработниците и политичките наследници на Колишевски на Република Македонија ѝ се случи Рамковен договор, ѝ се случи Пржински договор, ѝ се случи Преспански договор, ѝ се случи Зоран Заев, а на ВМРО-ДПМНЕ му се случи предавство од група на лажни патриоти кои ги дадоја своите гласови на СДСМ

за време на гласањето за промена на името на република Македонија .

Ја испоганија ВМРО-ДПМНЕ и го девалвираа славното ТМОРО-ВМРО...

Синови и ќерки на Македонија не заборавете дека нашата нација и татковина Македонија се под ропство и се изложени на уништување, борете се за слободна и обединета Македонија.

Со почит кон Драган Богдановски, неговите соборци и сите други кои го положија животот за македонската кауза.

**Мендо Вулкановски**

## ОГРОМНИОТ ПРИДОНЕС НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ВО ЗАЧУВУВАЊЕТО И ШИРЕЊЕТО НА ИДЕЈАТА ЗА ОБЕДИНЕТА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА

Штип, 1976 година. Бев на возраст од 15 години (втори клас гимназија), кога во средината на мај во штипскиот Безистен се отвори изложба по повод Денот на безбедноста (Денот на Југословенската милиција). Изложбата беше посветена на тогашната анти-југословенска политичка емиграција и на неа беа претставени артефакти од дејноста на анти-југословенски емигрантски групи од сите тогашни југословенски народи, но и од некои народности. Имаше и водич кој на присутните им објаснуваше околу изложените артефакти. Во стаклени витрини на

почетокот беа наредени летоци, весници, списанија, фотографии, оружје, па дури и експлозивни направи што ги користела хрватската емиграција. Потоа следуваа летоци, списанија и друг вид пропагандни предмети од српската, словенечката и албанската емиграција, но и од југословенската демократска и прозападна емиграција... При крајот на изложбата водичот (кој беше офицер на ЈНА, но Македонец) рече дека доаѓаме до делот на македонската политичка анти-југословенска емиграција. Застана пред една витрина, се насмевна и рече: *Еве го весникот „Македонска нација“.* Тогаш мене очите ми се заковаа врз насловната страница на превитканиот весник во стаклената витрина. Таму беше отпечатена мапата на обединета Македонија. Зјапав во неа и како некоја грутка да ми застана во грлото... Се обидував и да прочитам нешто од текстот под мапата (толку колку што се гледаше), но тогаш сфатив дека групата заминала натаму, па ако јас останев сам да зјапам во весникот, можеби ќе им се сторесе сомнително... Цел ден потоа мислев на весникот и мапата на него. *Што има лошо во обединета Македонија*? Како резултат на тие мисли кои не ме оставаа на мира, утредента повторно отидов на изложбата само и само заради весникот „Македонска нација“ и мапата на обединета Македонија, иако немав поим ни кој го објавува ни кој стои зад него...

1983 година. Дневниот весник „Нова Македонија“ објавуваше фељтон под наслов „Југословенската политичка емиграција“. И овој фељтон, налик на изложбата, прво почна со преглед на хрватските, српските и албанските емигрантски

групи и нивната „анти-југословенска дејност“. Фељтонот излегуваше секој ден, а јас трпеливо чекав да дојдат на ред и написите за македонската анти-југословенска емиграција. И конечно, при крајот на фељтонот, во 2-3 продолженија излезе текст и на таа тема. Тогаш прочитав дека најзначајна македонска политичка организација во дијаспората била организацијата ДООМ (Движење за ослободување и обединување на Македонија), која ја основал извесен Драган Богдановски, кој во 1979 година бил уапсен и осуден на 14 години затвор. Тогаш прв пат не само јас, туку и мнозина во Македонија, слушнаа за дејноста и името на Драган Богдановски. Истиот миг ми стана јасно дека токму тој бил најзаслужен за излегувањето на весникот „Македонска нација“ што ми остави толку голем впечаток кога бев тинејџер.

Натаму случувањата со Драган се познати: излегувањето од затвор и заминувањето во странство, враќањето во Македонија по распадот на комунизмот, формирањето на ВМРО ДПМНЕ и учеството на првите митинзи на партијата, но и подоцнежниот судир со пробугарската струја и прераната смрт.... Тоа нема да го прераскажувам, туку само ќе заклучам дека е огромна заслугата на македонскиот револуционер и страдалник Драган Богдановски во зачувувањето и одржувањето на идејата за обединета и независна Македонија и тоа во најтешкиот период кога Македонија беше поделана на четири дела и тоа по еден дел во двата воени блока (егејскиот дел во НАТО, а пиринскиот во Варшавскиот договор), еден дел во блокот на Неврзаните и еден дел во Албанија (држава која тогаш не беше во ниту еден од спомнатите

блокови). Во такви исклучително тешки услови, наспроти сето тоа, Драган Богдановски, со својата културно-просветна и национална дејност, успеа да ја одржи и распространува ова идеја среде Македонците и пријателите на Македонија, регрутирајќи на таков начин бројни нови борци посветени на нејзиното реализирање, слично како што донекаде се случи и со мене. На крајот, сиот овој процес доведе и до осамостојување на вардарскиот дел на Македонија, иако треба уште многу работа додека да се признаат националните права на Македонците во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. Крајно време е барем една улица во Скопје да го носи неговото име. Нека му е вечна слава.

**Александар ДОНСКИ**

## ЗА ДУХОВНИОТ ПАТРИОТ И МАЧЕНИК ДРАГАН БОГДАНОВСКИ

Да се пишува за национално просветната и патриотска дејност и страдањата на Драган Богдановски потребни се илјадници страници. Неговата просветна национална и патриотска дејност е печатена во следните списанија: „Македонска Искра“, „Македонска Лоза“, „Слободна Македонија“, весникот „Македонија“, „Македонска Нација“, „Глас на Македонците“ и во безбројните летови и писма испраќани насекаде во светот каде има Македонски народ. Во оваа книга во најситни детаљи ќе прочитате за страдањата на Драган Богдановски како што самиот ги има пишувано.

По 20 години барање на Дневникот на Драган Богдановски ги најдовме 111 страници или првиот дел со пишуваните работи од Богдановски, кои ги чувал како големо богатство Јордан Груев од Мелбурн. Јордан Груев го добил првиот дел лично од Драган Богдановски при нивната средба во Шведска за време на приготвувањето на програмата за ДПМНЕ а за вториот дел Богдановски му објаснил дека треба да направи некои поправки пред да го испрати.

Мендо Вулкановски во еден наш разговор околу Дневникот знаејќи дека Јордан Груев отиде во Европа за да се види со Богдановски околу политичката и организационата работа за Македонија го запрашал за Дневникот кој со радост Јордан му го испрати на Мендо во Сиднеј.

Од денот на добивањето на овие материјали пишувани лично од Драган Богдановски направивме сè што можеше да се направи за да го добиеме и вториот дел од "дневникот". Направивме контакт со сите во Сиднеј, Мелбурн и Перт за кои мислевме дека можеби имаат копија од овој материјал, но сите напори останаа без резултат. Стапивме во контакт и со неколку личности во Република Македонија кои знаеја за постоењето на „дневникот" пишуван од Богдановски, а копија од истиот била дадена и на тогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ од човек од Мелбурн, но и тоа остана без резултат. Изгледа некој од повисоките кругови на ВМРО-ДПМНЕ не им дадоа благослов, иако со сигурност знаеја каде се наоѓа оргиналот пишуван од Драган Богдановски. Во блиска иднина се надеваме дека ќе дојдеме и до вториот дел од "дневникот" и повеќе негови статии од списанијата

што ги уредуваше и печатеше ќе бидат објавени во друга книга која ќе започне од денот на неговото судење во Скопје па сè до неколку месеци пред неговата смрт.

За мене лично Драган Богдановски беше личност по дела и страдања рамна на Гоце Делчев и Методија Андонов Ченто. Богдановски преку списанијата што ги издаваше ја разбуди мојата революционерна душа и јас како и илјадници други се приклучивме во борбата за целокупно ослободување и обединување на македонска Македонија со престолнина во Солун.

Богдановски е таткото основоположникот на ДООМ и на ВМРО-ДПМНЕ и тоа никакви бугарашки изроди или други властодршци тоа нема да го избришат. Постарите челници на ВМРО-ДПМНЕ го послушаа на два пати нивниот Војвода за време на исклучувањето на Драган Богдановски од неговата партија, па затоа за време на неговиот погреб во Куманово немаше ниту еден претставник од Централата на ВМРО-ДПМНЕ.

ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија ја управуваше Република Македонија со свој премиер и свои министри. На жалост никогаш не презедоа никакви дејности за јавно судење на македонските изроди од политичката титовистичка банда или за удбашките џелати кои имаа мачено и ликвидирано стотици Македонци. Целиот џган од поранешната власт си продолжија со директорски пензии и со живеење во нивните вили и палати, а нивните потомци се преселија во СДСМ. А што стана со преживеаните

затвореници и маченици затворани и мачени за својата работа кон создавање на независна македонска држава со престолнина во Солун? Ништо! Без никаква парична помош беа оставени да се борат за корка леб. За да го избришат срамот пред идната македонска историја за сите работи и за исклучувањето од ВМРО-ДПМНЕ и за неприсуството на погребот на великанот Драган Богдановски, раководството на ВМРО ДПМНЕ треба јавно да се извини за неправдата кон Драган Богдановски и во најскоро време пред палатата на оваа партија во Скопје да постават споменик на Драган Богдановски. Во спротивно за нас надвор од Македонија тие ќе бидат жигосани како национални предавници и борци за големи плати и привилегии.

Вечна памет на Драган Богдановски и на неговото дело.

**Ангеле Л. Вретоски**

## ТАТКОТО НА ВМРО-ДПМНЕ

За личноста и делото на Драган Богдановски многу малу се знае во нашата јавност, иако тој беше најпознатиот македонски политички емигрант во поновата македонска историја. Како нашите историчари сè уште да се плашат да го извадат неговото дело на маса и да проговорат за него и за неговата активност од неговиот живот, за неговите страдања.

Богдановски е личност со извонредно богата биографија, непоколебив борец за остварување на македонските илинденски идеали, борец за ослободување и обединување на сите поробени делови од Македонија во една македонска Македонија.

Драган Богдановски е единствената личност во поновата македонска историја кој успешно ја организирал македонската дијаспора против еден угнетувачки режим, тој бил рефлексија на одредено историско време, а тоа било доволно да сфати дека борбата за Македонија вечно трае. Тогашниот режим не бирал средства да им се спротистави и со најсурови мерки да ги гони по белиот свет сите негови соборци. Не знам дали се знае бројот на Македонци кои биле убивани или брутално малтретирани за во македонскиот емигрант да се убие, да се поништи македонството. Не знам дали се знае бројот на Македонците кои станале предавници на својот род и за малку пари си ја продале својата чест и достоинство - токму од таквите страдаше и самиот Богдановски.

Луѓето на кои најмногу им веруваше, луѓето со кои работеше, токму тие беа и неговите кодоши, тие храброста ја замениле со кукавичлук, идеалот го замениле со предавство, тука везилката ги претплетела црвената и црна нишка на нашата тешка и крвава македонска историја во која зад херојството и саможртвата, зад незапирливите копнежи за слободна и независна македонска Македонија се провлекла уште една тешка историја, историја во која името на Драган Богдановски остави крвави траги.

Во тој долг преплет на историските случувања од нашето минато низ кои минуваше Драган Богдановски со неговите истомисленици, низ тие чудни тешки патишта на времето, крајот на неговиот живот и почетокот на првите децении од дваесет и првиот век ќе стојат одбележани како црни петна и срам за цела нација, ќе бидат сопнувачка на македонската национална самосвест како амбис во кој пропаѓаат најсветлите ликови од нашето поблиско минато.

Ние денешните генерации со кренати глави горди тргнавме по неговите стапки, неговото дело ќе го следат уште многу генерации по нас. Драган Богдановски, Благоја Шамбевски, Александар и Благоја Христов, Константин Динески Динката, Крсто Шкордов, Панко Стамковски, Ѓорѓи Мраков, Борис Петков, Крсто Енчев Димитров, Ѓорѓи Чочков, Митре Мојсовски, Ангеле Вретоски и плеада на знајни и незнајни патриоти се дел од нашето славно минато.

**Трајче Т. Трајковски**

**Перт Западна Австралија**

# Излегувањето на книгава го овозможија следните помагачи, на кои Техничката Редакција им изразува голема благодарност.

| Организација или Бизнис Име и Презиме | | Место | Сума во АУ Долари |
|---|---|---|---|
| 1 | ВМРО-ДПМНЕ Перт | Перт | **2000** |
| | Трајче Т. Трајковски | Перт | **1000** |
| | | Перт | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | Перт | |
| | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ Аделаид | Аделаид | **1000** |
| | Ангеле Вретоски | Аделаид | **500** |
| | | Аделаид | |
| | Предраг | Аделаид | **200** |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | | Аделаид | |
| | Митре Мојсовски | Сиднеј | **500** |
| | Мендо Вулкановски | Сиднеј | **500** |
| | Миле Андоновски | Сиднеј | **500** |
| | Живко Рикалоски | Сиднеј | **200** |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | Сиднеј | |
| | | | |
| | | Мелбурн | |
| | | Мелбурн | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Мелбурн | |
| | | Мелбурн | |
| | | Мелбурн | |
| | | Мелбурн | |

| **Содржина** | **Страница** |
|---|---|
| Предговор | 5 |
| Кратка Биографија | 9 |
| Киднапиран и тортуриран од УДБА | 10 |
| Копија од оргиналот на судското решение | 226 |
| За херојот Драган Богдановски | 228 |
| Огромниот придонес на Драган Богдановски во зачувувањето и ширењето на идејата за обединета и независна Македонија | 232 |
| За духовниот патриот и мачeник Драган Богдановски | 235 |
| Таткото на ВМРО-ДПМНЕ | 239 |
| Излегувањето на книгава го овозможија следните помагачи | 241 |
| Посебна благодарност за излегувањето на книгава | 244 |
| | |
| | |

| **Скратеници** | **Нивно значење** |
|---|---|
| **ОКМ** | Ослободителен Комитет за Македонија |
| **МНК** | Македонски Национален Фронт |
| **ДООМ** | Движење за Ослободување и Обединување на Македонија |
| **ВМРО** | Внатрешна Македонска Револуционерна Организација |
| **ТМОРО** | Тајна Македонско Одринска Револуционерна Организација |
| **ВМРО–ДПМНЕ** | Внатрешна Македонска Револуционерна Организација - |

| | |
|---|---|
| | Демократска Партија за Македонско Национално Единство |
| **ЗК** | Задгранични Комитети на ВМРО-ДПМНЕ |
| **СДБ** | Служба за Државна Безбедност |
| **УДБА** | Внатрешна Државна Безбедноста Агенција |
| **КЕНДРО** | Грчка политичка полиција |
| **СРМ** | Социјалистичка Република Македонија |
| **ДАГ** | Демократската Армија на Грција |
| **МПО** | Македонска Политичка Организација (про бугарска) |
| **БНФ** | Бугарски Национален Фронт |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **ЦИА** | |
| **ГЕСТАПО** | Хитлеровата Тајна Полиција |
| **НКВД** | Народна Кумунистичка |
| **НОБ** | Народна Ослободителна Борба |
| | |

## Посебна благодарност за излегувањето на книгава

Александар Донски за неговите технички совети и за преземањето на одговорноста за печатењето во Република Македонија и за целата припрема за испраќање во Австралија.

За бесплатно носење на книгите од Република Македонија до Австралија голема благодарност до Никола Неделковски сопственик на компанијата **Rosa Dora Imports Pty Ltd** која се наоѓа на адреса**: 20/22 Production Ave, Kogarah NSW 2217** со телефонски број: **(02) 9587 4488.**






## ЗАКЛЕТВА

**СЕ КОЛНАМ ВО ИМЕТО НА БОГА, ЧЕСТА И ТАТКОВИНАТА ДЕКА ЌЕ СЛУЖАМ ВЕРНО И ЧЕСНО ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА.**
**ЌЕ ГИ ИСПОЛНУВАМ БЕЗУСЛОВНО ПОВЕЛБИТЕ И НАРЕДБИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ДОБРОТО НА ТАТКОВИНАТА.**
**АКО И НАПАКОСТАМ СО НЕШТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ИЛИ АКО ГИ ПРЕДДАМ ДОВЕРЕНИТЕ ТАЈНИ ГОТОВ СУМ ДА БИДАМ КАЗНЕТ СО КАМА ИЛИ РЕВОЛВЕР КОИ ГИ БАКНУВАМ АМИН**
**ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА И ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА СО ГЛАВЕН ГРАД СОЛУН**